# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

ИЛИЈА АЦЕСКИ

ТРЕТ ДЕЛ



ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА АЦЕСКИ

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

## (ТРЕТ ДЕЛ)

Скопје, 2002

**Издавач:**
Филозофски факултет – Скопје

**За издавачот:**
проф. д-р Трајан ГОЦЕВСКИ

**Рецензенти:**
проф. д-р Ѓорѓе МЛАДЕНОВСКИ
проф. д-р Ѓорѓи ТОНОСКИ
проф. д-р Трајко СЛАВЕВСКИ

**Превод на англиски:**
Русомир ЗИВЧЕВСКИ

**Лектура и коректура:**
Пецо ГРУЈОСКИ

**Ликовно графичко обликување**
**и подготовка за печат:**
МАКФОРМ - Графички центар
Скопје

**Печатница:**
ЦИНОМ – Скопје

**Тираж:**
500 примероци

# ПРЕДГОВОР

Општеството и човекот во транзиција - трет дел претставува продолжение на претходните два дела со ист наслов. Книгата е резултат на реализацијата на истражувачкиот проект “Процесот на приватизацијата и промените во општествената структура”. Авторот искрено им се заблагодарува на професорите д-р. Ѓорѓе Младеновски, д-р. Ѓорѓи Тоноски и д-р. Трајко Славевски за корисните сугестии и забелешки во текот на подготовката на книгата.

Скопје, мај 2002 Авторот

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Скопје

316.423.2/.3(497.17) "1997-2002"

Ацески, Илија Општеството и човекот во транзиција".
Д.3/Илија Ацески;

[превод на англиски Русомир Зивчевски]. - Скопје:
Филозофски факултет, 2002. 232 стр., 20 cm

Библиографија: 209 - 213 стр.
-Sumary: Society and man in transition

ISBN 9989-934-03-7

а) Социјална транзиција - Македонија - 1997-2002

# ВОВЕД

Расправата за трансформацијата на пост - социјалистичките општества, последните неколку години се концентрира на одговорите на т.н. прашања од третата и четвртата генерација, кои главно се однесуваат на проблемите на консолидација на демократијата, функционирањето на нововоспоставените институции, на културните аспекти на транзицијата, реформите на државата и јавниот сектор воопшто (школство, здравство, јавна администрација), а на крај се врши и критичка анализа на резултатите од воведувањето на реформите. Периодот на дискусиите за моделите и концептите според кои требаше да се извршат реформите заврши. Доаѓа период на валоразизација на поминатиот пат од десетина години. Во некои земји сеуште доминираат прашањата од првата фаза од транзицијата. Таму сеуште не завршил процесот на приватизација и реконструкција на економијата и не се гледа почетокот на демократската консолидација а не се надминати ниту болестите од почетокот на воспоставувањето на демократските институции, како што се слободните избори, изборното законодавство и слично. Имајќи го предвид тоа, прашање е дали можеме да говориме и дали има смисла да говориме за некои заеднички карактеристики на земјите во транзиција.

Ако се суди по присуството на многубројните и различни типологии за пост-социјалистичките општества во литературата, тие упатуваат на постоењето на големите разлики меѓу земјите кои имале слично минато. Тогаш проблематично е да говориме за некои заеднички карактеристики. Но, фактот што сите земји кои го напуштија социјалистичкиот систем и тргнаа по патот на реформи во духот на пазарната кономија и плуралисти-

чката демократија, доволно говори за постоењето на некои сличности, кои и не мора да се од суштинска природа. Основниот критериум според кој се ориентираат скоро сите типологии главно се однесува на карактерот и насоката на глобалната ориентација на социјалните промени и во однос на одговорот на прашањето за каков тип на транзиција станува збор и кој е нејзиниот вистински идентитет. Во таа смисла се говори за периферна, полупериферна и модерна транзиција, за избор на стратегии за развој на општеството меѓу неолиберализмот, неоконзерватизмот и социјал-демократската концепција. Но, се говори и за фази во развојот на општеството во транзиција, како и за заеднички карактеристики кои се однесуваат на сите земји, без разлика на степенот на економскиот и демократскиот развој (Mitrović, 1999, 61, Cifrić, 1998, Brzezinski, 1990).

Во литературата се сретнуваат повеќе начини на интерпретација на транзицијата меѓу кои најчести се холистичкиот, партикуларистичкиот и повеќедимензионалниот пристап. Секој пристап кој главно еден аспект го зема за суштински а сите други ги запоставува во основа е партикуларистички и ограничен во сферата на една причинско последична ситуација. За разлика од него холистичкиот негува пристап кој во предвид ја зема целината на феномените, ги допира сите аспекти и сфери на социјалниот, економскиот и политичкиот живот на луѓето. За повеќедимензиналната интерпретација карактеристично е тоа што транзицијата се третира како „систем на различни, меѓу себе поврзани димензии кои се обликуваат на исти претпоставки-пазарна трансформација, сопственички плурализам, повеќепартиски систем (Kalanj, R., 1998, 29). Имено, основната разлика се содржи во тоа дали транзицијата се интерпретира како целина или низ појавноста на нејзините одделни делови, или пак како систем на меѓусебно поврзани делови. Економската трансформација може да се движи во насока на „чист" либерализам, политичката во насока на „силна држава" а културната во хибридна комбинација

на индивидуализмот и колективизмот, една мешавина од вредносни ориентации кои паралелно егзистираат. Тоа нé упатува на потребата од анализа на стварноста која се покажува како многу сложена и противречна и различна во секоја земја во транзиција.

Така, на пример, во некои општества од Југоисточна Европа не била "добро сфатена потребата од либерализација и демократизација, иако елитите на сите тие општества говорат за приближување кон демократијата, некои од нив ја отфрлиле либералната визија, давајќи им предност на сомнителните и лажливи вредности на национализмот, каков што беше случајот со Србија, Босна и Херцеговина во средината на деведесеттите години" (Ramet, 1998, 3).

Либерализимот е систем кој се базира врз начелата на политичкиот избор и општествената толеранција и обезбедува институционална заштита на правната, политичката и општествената еднаквост на сите граѓани. Демократизацијата се однесува на промената на однесувањето на политичките авторитети, а либерализмот на условите во кои тоа се случува. Општеството може да биде либерално, но не и демократско. Пример, кога имаме слободни избори, но тие се строго контролирани од политичките елити. Во стварноста во борбата за власт постојат сите услови за демократска борба, но сепак контролата на владеачките структури врз медиумите и воопшто врз јавното мислење може да доведе до ситуација кога социјалниот амбиент не е довоно демократски.

Трансформацијата во сферата на производството на симболички вредности е следното интересно подрачје кое е многу значајно за успешноста на реформите. Имено, се работи за процес кој длабоко навлегува во сферата на производството на симболи кои во исто време го разоткриваат системот на еднопартиската демократија и командната економија, но и го откриваат

новиот систем на значења поврзан со новите вредности на граѓанското општество. Начинот како функционира тој систем, неговата контрола и степенот на слобода се елементи кои во голема мера ги определуваат главните фактори на промени, промени кои се движат кон поголем степен на демократичност или промени кои тоа не се и неможат да бидат. Претставата дека демократските системи ги победиле недемократските, тоталитарните системи беше доволна во почетокот луѓето за нив да имаат позитивен став и да сметаат дека само со нивно воспоставување ќе можат да ги решаваат проблемите кои со децении ги измачуваа во недемократските социјалистички режими. Фактот што промените се случија без употреба на физичка сила доволно говори за голема симболичка моќ во привлечноста на демократските системи од страна на сите групи во општеството, вклучувајќи ги и оние кои беа привилегирани во претходниот систем.

Слободата на говорот, политичкото изразување и слободата на печатот се можеби и најзначајните сегменти во воспоставувањето на новиот систем. Се случи еден интересен момент од воспоставувањето на демократијата, парламентарната говорница да се претвори во „реторички чин" во борбата на мислења за освојување на власта, а печатот во секојдневно четиво за илјадници кои се трудат да ја препознаат вистината, но и сопствените политички определби. Дури и еден дел од популацијата е убеден дека преголемата слобода на говорот може да ја доведе во прашање демократијата, при тоа заборавајќи дека токму таа слобода ја чува демократијата од силите кои се нејзини најголеми непријатели.

Преминот од еднопартиски во плуралистички политички систем предизвика и радикални промени во начинот на комуникација меѓу луѓето и власта. Власта како и се друго подложно на „вољата на народот" се претвори во променлива категорија. Партиската држава си замина во историјата. Но, дали е тоа токму така? Што во сушти-

на се случува? Повеќе или помалку, следното мислење ја изразува суштината на промените во Србија, но во голема мера тоа се однесува и на некои од земјите во транзиција, во кои зад формата на промените се крие сосема друга содржина." Создаден е повеќепартиски систем, но квалитетот на комуникација во политичките односи не е променет бидејќи секоја политичка партија продолжила да се однесува на таков начин како таа да го добила мандатот да го определува според неа единственото „вистинско" решение, продолжувајќи да се однесува нетолерантно према другите учесници во политичкиот живот" (Голубовиќ, 1994, 37).

## Македонското општество во транзиција

Трансформацијата на македонското општество што започна пред десетина години, се повеќе наликува на црна кутија во која знаеме што влегува (влезе), урнатините на социјализмот. Но сеуште не знаеме дали од неа може да излезе демократско општество. Подолго време живееме во состојба на континуиран пад на животниот стандард, економски кризи, голема сиромаштија, корупција и организиран криминал, етничка нетрпеливост, па дури и војна на северната граница. Со еден збор, безмалку сите зла се струполија за многу краток период и во многу сурова форма.

Сé до средината на деведесеттите години, пет-шест години од почетокот на распадот на социјализмот, најголемиот дел од земјите во транзиција, бившите социјалистички земји, ги следеа насоките на глобалните промени и промените главно поврзани со процесите на приватизацијата, реформите на политичкиот систем, односно трансформацијата на системот од еднопартиска во плуралистичка демократија и од командна во пазарна економија.

Од средината на деведесетите години, практично секоја земја во транзиција го започна сопствениот специфичен премин од социјализам кон капитализам. Она што овие земјите суштински ги прави различни една од друга е брзината и длабочината на реформите и изградбата на институциите на системот на демократскиот плурализам и пазарното стопанство, и со силно изразените функции на социјалната држава како нужен коректор и ублажувач на последиците од социјалното раслојување, згрижување на жртвите од транзицијата и колку-толку воспоставувањето на социјална правда.

Процесот на политичката консолидација, кој траеше кратко време по распадот на институциите на поранешниот систем, заврши со чинот на одржувањето на парламентарните избори и формирање на Влада, донесување на Устав доволно елементи за да може да функционира еден повеќепартиски ситем. Процесот на формирање на политичката култура ќе трае многу повеќе, можеби неколку десетици години и тоа претставува еден од главните проблеми за правилно функционирање на системот. Политичката култура на плуралистичката демократија претставува состојба на јасно дефинирани правила на однесување во услови на јасно разграничени права и должности на општествените актери, јасно дефинирани сопственички права и надлежности од страна на државата. Државата може да се заплетка во сопствените противречности, нејзината улога во општеството не е врз себе постојано да навлеклува активности кои не е во состојба ефикасно да ги реши а најчесто правејќи го тоа на изразито нетранспарентен и неадекватен начин. Силната држава, во услови на трансформација на општеството од еден во друг тип, може да предизвика многу пречки во остварувањето нан демократските процеси.

Трансформацијата на државната власт во Македонија може да послужи за пример, како преминот од „една во друга состојба“ може да биде во исто време и

„радикален“, но сепак состојбата да остане „непроменета”. Останаа, на пример, навиките на јавната администрација на бавност и нетранспарентност но, и според убеденоста на граѓаните, големата корумпираност. Сѐ уште не сме убедени кој е клучниот елемент кој може државата односно јавната администрација да ја воведе во редот на „ефикасен и ефтин“ сервис на граѓаните. Македонија е меѓу ретките, ако не и единствената држава од земјите во транзиција, која сеуште нема јасна програма за реформа на јавната администрација.

Македонија не е типичен пример на земја во транзиција, под претпоставка да ја споредиме со земјите како што се, Словенија, Чешка, Полска или Унгарија. Се разбира дека има и други земји кои не се типичен пример за транзиција, но она што е важно да се потенцира е фактот дека секоја земја за која сметаме дека тоа не е, таквиот впечаток е од сосема различни причини. Македонија не е типична земја барем од две причини: што сопствената модернизација ја доживеа во услови на социјализмот, што значи дека пред тоа таа немаше забележителен капиталистички развој, што особено влијаеше врз процесите на демократизација, и, второ, што Македонија за скоро целиот период, од почетокот на реформите, немаше континуитет и мирен развој повеќе од две годни: беше соочена со многу настани кои го диктираа развојот, од блокади и војна во соседството, косовската криза до воени дејствија предизвикани „однадвор“ и „одвнатре”, една до крај недефинирана состојба на судири кои сеуште траат, една мешавина од конфликти на сопствената територија, која доведе до суштински промени во политичкиот систем, со сеуште нејасни последици за иднината на земјата.

Воспоставувањето на институциите на граѓанското општество, пред сѐ, институциите на парламентарната демократија, заврши за кратко време и без поголеми потреси. Старо-новата елита за многу краток период се

конвертира и влезе во политичката борба како дел од разните новоформирани партии и уште на почетокот се покажа дека е главниот играч и во новите услови. Имено, некогашните членови на владеачките класи (класата на колективните сопственици) успешно ја конвертираа поранешната состојба и влегоа во составот на новата елита кој се формира од нови членови кои успеваат да акумулираат материјално богаство и политичка моќ. За жал, за Македонија нема емпириски истражувања кои ќе го покажат овој процес, но е „очигледно"дека промените на улогите не доведе и до целосна смена на составот и на актерите. Се разбира, тука не станува збор за актери во социјална и политичка смисла, туку во физичка смисла, што произлегува од процесот на преобразба на поединците, дека тука не станува збор за исти поединци во политичка и социо-психолошка смисла, туку за тоа дека довчерашните комунисти се преобразија во менаџери и капиталисти, застапници на други идеи и вредности.

Она што е интересно да се истакне е и нивната улога во процесот на трансформацијата на сопственоста. Трансформацијата на сопственоста беше и сеуште е главното поле каде старо-новата елита го покажа сопствениот квалитет на важен играч, не само што ги задржа позициите и привилегиите наследени од минатиот систем, туку истите ги зацврсти со Закон. Сопствената положба, која во претходниот систем беше суштински ограничувачка во располагањето со материјалните средства (капиталот), не и пречеше во новиот систем, со закон да го „легитимира пленот". Заради карактерот на трансформацијата на сопственоста и воопшто заземањето на позициите на главен субјект во промените на сопственоста, Македонија се најде во редот на оние земји каде на моменти успешно функционира „мрежа на економска и политичка олигархија" која успеа да изгради позиција од која може да ги контролира сите лостови на власта и моќта заради задоволување на сопствените интереси. Оваа мрежа брзо се распаѓа, но и се формира во зави-

сност од препознатливоста на интересите на главните актери во политиката и економијата. Овие групи често беа поддржувани од редовите на одделни интелектуалци кои најчесто беа вклучени или во партиите или како разни советници, членови на извршни одбори на големите фирми, но со основна функција да ги подржуваат постапките на главните играчи во олигархиските структури.

Ситуацијата во која поединците се стекнуваат со сопственост на начин кој е во „согласност со Законот", со секоја промена на носителите на власта тоа ќе се доживува како криминал на оние другите, довчерашни носители на јавни функции. Криминалците се менуваат во зависност од тоа кој е на власт, што во голема мера го доведува легитимитетот на системот во целина. Системот се доживува како медиум во кој „се е дозволено", а тоа особено се однесува на оние кои „се закитиле" со криминал а кои по природата на нештата треба да се борат против него.

Промените во сферата на социјалното раслојување, уште на почетокот на транзицијата, само неколку години по падот на социјализмот, започнаа со брзото распаѓање на средните слоеви кои беа најбројни. Тоа се одвиваше во насока на нивно масовно спуштање во подолните, посиромашни работнички слоеви. Во суштина, големиот економски пад на индустриското производство и БДП и порастот на невработеноста како резултат на структурните промени, уште на почетокот на транзицијата формира една голема група губитници, кои според една слободна но приближно точна проценка, сочинуваат скоро 2/3 од популацијата на Македонија.Тие главно ја формираат општата претстава за новиот систем, како "многу полош" од претходниот, тие сеуште, и по десетина години од пропаста на стариот систем, се во „носталгијата за старите добри времиња" на социјална сигурност, сигурност во заработувачката и поголемата среќа.

За македонското општество, иако нема поцелосни истражувања за карактерот, динамиката на промените на социјалните групи, сепак и малиот број на истражувања се согласуваат со неколку аспекти: прво, дека распаѓањето на „средната класа“ има негативни последици во функционирањето на системот воопшто, и дека падот на стндардот на населениото кој сеуште трае, во блиска иднина може да предизвика голем бран на социјално незадоволство што може да создаде негативни последици на подолг рок, и, второ, дека во Македонија се формираат изразито големи разлики кои опасно ги делат во материјална смисла довчерашните „еднакви луѓе”.

Општеството забрзано ја губи моралната подлога на реформите кои може да застанат секој момент и развојот да се заплетка во бесконечна низа на непомирливи противречности и судири.

Демократизацијата на македонското општество е во голема мера „под заштита” на етноелитите, кои последните две-три години јасно се појавија на хоризонтот на промените: борбата за власт, „борбата за човекови права“ употребена во борбата за власт и партизација на државата што сериозно го доведоа во прашање процесот на консолидација на демократијата и на државата во целина.

Истражувањата на македонското општество се скромни и недоволни за сериозни оцени на состојбите во кои денес се наоѓа процесот на транзиционите промени. Исто така, не можеме да говориме и за социолошки истражувања кои за разлика од економските и политиколошките истражувања (кои и не мора да се во функција на разбирањето на општествената стварност), по дефиниција се насочени кон целосно разбирање на социјалната реалност, како комплекс на процеси и односи и начин како тоа функционира. Секој обид, развојот на општеството вредносно да се определи како „позитивно” или „негативно”, „динамично” или „стагнантно”, во себе ја подразбира целта кон која е насочено.

Општествата во транзиција се „општества кои се движат од социјализам кон капитализам“, но би требало, капитализмот да биде што е можно повеќе со „човечки лик”, под што најчесто се подразбира општество во кое функционира силна социјална држава која перманентно ги „пегла” разликите на социјален план и ја прави неправедноста „поднослива“ категорија за мнозинството губитници на транзицијата.

Истражувањето на социјалната стварност во Македонија главно е концентрирана врз јавното мислење во врска со различните прашања, а најмногу во врска со етничките односи, корупцијата, политичките ставови, сиромаштијата и вредносниот систем. Дел од резултатите од овие истражувања ќе бидат преставени во анализата во оваа студија. Се разбира, само врз основа на анкетните истражувања без потребните теоретски анализи, овие истражувања имаат ограничена употреба, тоа е сотојба на „емпирија без теорија”.

Анкетните истражувања го отсликуваат расположението на населението за промените. Она што е карактеристично за последните неколку години, поконкретно по 1998 година, е што нагло опаѓа расположението за реформите, започнува да завладува страв и несигурност дека Македонија може да излезе од кризата во која западнала, дури и дека изчезнува „носталгијата “ за стариот систем во кој никој не верува дека може да се врати. Македонија и натаму продолжува да се адаптира на промените во опкружувањето за кои не знаеме до кога ќе траат и во која насока ќе одат. Прашањето, дали Македонија дефинитивно ја губи (изгуби!) основата за мирен демократски развој по примерот на другите држави, или дефинитивно ги зацврстува (зацврсти!) претпоставките за демократски развој е прашање на кое во овој момент има дијаметрално спротивни одговори и ставови. Сеуште не се гледаат сврзувачките компоненти на заедничкиот живот на етничките групи, поконкрето на

македонската и албанската етничка група. Етноелитите ги формираат сопствените полиња на интерес, но сеуште не во насока на зацврстување на демократските институции на државата како целина.

Во ситуација во која се изгубени другите критериуми во формирањето на институциите како што се, на пример, рационалноста и ефикасноста, а е земен само етничкиот критериум тешко може да се гради модерен политички и економски систем. Прашањето може да се постави и во однос на почитувањето на заедничките вредности, кои во овој момент тешко може да се препознаат вон сферата на граѓанскиот дел од општеството. Дали нешто навистина може да ги здружи поединците а тоа да не биде поврзано со некои политички инереси и да биде надвор од групата на која поединецот припаѓа? Како е можна институционална форма на артикулација на интересите а тоа да не биде во кругот на етничките групи? Дали воопшто е можно граѓанско општество во Македонија? Тешко е да се одговори на овие прашања. Последните случувања само ги засилија етничките страсти и уште повеќе Македонија ја оддалечија од патот на нормален развој.

Трансформацијата на македонското општество кон капитализам со „човечки лик" навистина е тежок и неизвесен процес. Настаните од почетокот на 2001 година ја покажаа сложеноста на проблемите, не само како резултат на состојбите во соседството, туку пред се како односи внатре во државата. Уште еднаш се покажа дека албанската етнополитичка елита може, кога е нејзин интерес да си поигра со националните чувства на својата група и лесно да ја мобилизира во насока на отворени конфликти со другите, но без јасна цел и визија за иднината.

Говорот за човековите права, кога економската ситуација се влошува и го погодува мнозинството, без

разлика на националната припадност, е доволен аргумент да се држат тензиите отворени и на подолг период и секогаш непријателите да се бараат на другата страна.

Сложеноста на промените во Македонија е присутна насекаде. Кај луѓето се вгнездил стравот и несигурноста, кои од своја страна создадоа простор на агресивност, анемичност и нетолерантност. До каде е прагот на издржливоста? Канализирањето на агресивноста е во насока на многубројните сегментарни конфликти ограничени во кругот на поединечните интереси на парцијалните групи или интереси. Ако промените ги посматраме од тој аспект, тогаш не сме далеку од вистината да констатираме дека општеството во Македонија на подолг рок влегува во состојба на постојани, непомирливи, остри, сегментарни, меѓуетнички и социјални конфликти кои сѐ повеќе ќе создаваат потреба од авторитарни и силни водачи кои постојано ќе генерираат неефикасна, корумпирана власт, а помалку потреба од правна држава, демократски и ефикасни институции. Етно-елитите се повеќе ќе го потенцираат значењето на реализацијата на интересите на сопствената група. Тие секогаш ќе работат за „интересите" на својата група, а во суштина само на задоволување на сопствените егиоистички интереси. Колку државата ќе тоне во нестабилност, толку повеќе ќе има потреба од јакнење на етноелитите и потребата од контрола врз сите сегменти на социјалниот, политичкиот и културниот живот на луѓето.

Македонското општество по неколку години ќе ја почувствува поделеноста по етничка линија воспоставена со последните измени на Уставот и Законот за локална самоуправа. Несомнено, последиците ќе се почувствуваат во ефикасноста и рационалноста на функционирањето на системот во целина. Можеби одделни сегменти ќе функционираат, особено оние кои се поврзани со етничките групи, но системот во целина ќе ги трпи последиците од поделеноста. Дали трансфор-

мацијата на македонското општство ги напушта (напушти!) социо-економските и политичките компоненти на промените и тежиштето на промените го помести во меѓуетничките односи, во насока на нивна институционализација (што не мора да значи и пацификација). И тука главната улога повторно ја добија етно-елитите кои ако сакаат и натаму да ја играат истата улога ќе бидат принудени да ги радикализираат барањата на сопствената група, а во суштина само како повод за задоволување на сопствените егоистички потреби. Сеуште никој доволно аргументирано не понудил одговор каде може тоа да ја одведе државата во услови на поделено општество.

Македонскиот пат во транзиција започна како процес на напуштање на социјализмот и формирање на сопствена држава за десетина години потоа да финишира со поделено општество, паралелни институции, етничка поделеност и без јасна визија за иднината.

Кога развојот и перспективите на Македонија ќе ги доведеме во однос на европските интеграции се чини дека песимизмот ја губи основата. Но сепак стабилноста на државата е внатрешно прашање, а не работа на надворешните фактори, кои можат да ја подобрат или да гарантираат за некои нејзини аспекти, но никако и да ја воспоставаат стабилноста. Таа е резултат на односите на главните актери на промените на македонското општество на социјален, економски, политички и етнички план. Таа е можна како колективен чин, никако како резултат на активности внатре во оделните сегменти на државата и општеството: нема стабилна економија без стабилни етнички односи, како што нема политичка стабилност без стабилноста на претходните две. Стабилноста како колективен чин е резултат на позитивното меѓувлијание на главните актери на промените кои, колку побргу ќе ја напуштат меѓуетничката затвореност, толку побргу општеството ќе ја добие потребната физиономија на демократско општество. Демократијата не е катего-

рија која произлегува од утробата на етносот. Како форма на владеење таа е можна и целосна кога ќе успее да ги избрише границите и да ги приближи интересите на „обичните“ граѓани, без разлика на нивната етничка припадност и секоја друга разлика, врз другите елементи на владеењето, слободата, правдата и еднаквоста, со што ќе ја формира и неизбежната толеранција која директно води во прегратките на граѓанското општество каде има сé помалку етноси, а сé повеќе граѓани.

# ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА

За најголем дел од истражувачите на општествата во транзиција состојбата во која се најдоа овие општества е загрижувачка. Таа создава тешкотии при формирањето на визијата на светскиот триумф за либералната идеја и пазарната економија како две доминатни компоненти на современото општество без кое не може да се замисли прогресот.

Емпириските истражувања кои беа реализирани во скоро сите земји во транзиција, за кои ние поопширно ќе говориме, покажаа дека тешко се реализираат целите кои на почетокот на деведесетите години беа безрезервно подржувани од главните актери на промените, без разлика дали тие доаѓаа однадвор или одвнатре, од разните социјални актери во државите кои тргнаа на патот кон промени.

Пред да се впуштиме во анализа на суштината на промените и да се обидеме да одговориме на некои од основните прашања за тоа што навистина се случуваше или се случува во земјите во транзиција, се разбира она што не е спорно или за што помалку се спори во социјалните науки, накратко ќе се задржиме на поимот „транзиција”.

Што се подразбира под поимот транзиција? Дали во неговото дефинирање има недоразбирање особено меѓу социолозите?

Под поимот „транзиција” се подразбира преод од еден вид општествено уредување, во нашиот случај од социјалистичко, со планска економија и еднопартиска демократија и општествена/државна сопственост, во друг вид општествено уредување со пазарна економија, односно еден вид капитализам со приватна сопственост и повеќепартиска демократија.

Основно за периодот на транзиција се економските промени во кои главно се содржани процесите на приватизација, либерализација, стабилизација и репродукција и политичките промени кои се содржани во процесите на плурализација и демократизација. Се разбира дека транзицијата не може да се разбере во нејзината сложеност само ако се задржиме на наведените аспекти туку, како што смета Памет (Pamet S.,P.,1998, 13), меѓу другото мора да се земе предвид и „доминатното етичко сфаќање на општеството".

## Основите на социјалистичкиот, економско - социјален и политички систем

Зошто социјализмот пропадна? И зошто пропадна без насилство, без борба, пропадна на еден мирен и „достоинствен" начин.? Во секој случај сите беа изненадени, дури и оние кои го предвидуваа крајот! Јанош Киш (Janos Kis), унгарски филозоф и дисидент, веднаш на почетокот на распадот ќе рече: „Секој кој денес би ми рекол дека пред една година предвидел што ќе се случи, лаже, а секој кој вели денес дека знае каква ќе биде ситуацијата по една година е шарлатан. Учениот филозоф е искрен во ставот и веројатно помалку зачуден од големиот број интерпретации после десетина години транзиција".

Но, пред да понудиме дел од одговорите на повеќе познати социолози и економисти, да се задржиме накратко на тоа што претставуваше системот кој пропадна и можеби на тој начин полесно ќе разбереме зошто пропадна.

**Државниот социјализам: голема заблуда.** Во социјализмот беше вградена идејата за неговата супериорност во однос на капитализмот, во надминувањето на невра-

ботеноста и поголемата продуктивност. При крајот на педесетите години, голем дел од водачите во социјалистичките земји имаа обичај да кажат како за брзо време капитализмот ќе биде надминат во секој поглед, а особено во однос на животниот стандард. Во 1958 година Никита Хрушчов, лидер на Советскиот Сојуз, за време на неговата посета на САД ќе изјави дека Советскиот Сојуз, наскоро, ќе ја „закопа" Америка во смисла на економски развој, и дека, на почетокот на седумдесетите години СССР ќе го заземе првото место во производство, со што ќе обезбеди највисок стандард. Со слични изјави се јавува и кинескиот лидер Мао це Тунг, кој Кина ја споредуваше со Велика Британија, убедувајќи го сопствениот народ дека таа ќе биде надмината за петнаесетина години. Но, развојот ги демантира нивните водачи: милиони луѓе во текот на изградбата на социјализмот беа жртви на гладот. Луѓето во овие земји имаа понизок животен стандард и во споредба со некои новоиндустријализирани земји.

Иако тешко можат да се спореди животниот стандард на Запад со некои земји спектакуларниот економски успех на Зпадна Германија, Јужна Кореја, Тајван и Хонг Конг ги направија своите социјалистички „родnини" - Источна Грманија, Северна Кореја, и Кина „слаби" за споредба. За Бжежински, нема сомнение дека класичниот државен социјализам „е огромен неуспех".

Расправите за социјализмот, за тоа колку социјализмот може да биде успешен, практично започнуваат уште на почетокот на неговото воведување. Главно тие се поврзани со улогата на приватната сопственост и пазарните механизми. Фридрих фон Хајек (1945), кој со право се смета за еден од најголемите непријатели на социјализмот, смета дека основен проблем на социјализмот е отсуството на мотивацијата за работа кај луѓето. Пазарот, конкуренцијата и приватните фирми се водени од раководители и претприемачи кои многу повеќе се

мотивирани од службениците во државните претпријатија. Нобеловецот Фридман (1990) ќе напише дека ниедна земја која се потпира врз централното планирање не е во состојба да постигне високо ниво на просперитет на своите граѓани, за разлика од земјите кои главно се потпираат на приватниот слободен пазар, кои многу полесно ги усогласуваат економските активности.

Во 1991 година, Борис Елцин во една прилика, за разлика од неговите претходници лидери на Советскиот Сојуз, во некоку реченици ќе ги сублимира фрустрациите на државниот социјализам во екот на големите реформи со следните зборови: „Мислам дека експериментот што беше спроведен беше голема трагедија за нашите луѓе и штета што и се случи на наша територија. Ќе беше подобро ако експериментот се спроведеше во некоја друга, помала земја. Треба да се помириме со тоа, иако беше добра, сепак беше утопистичка идеја".

Дали е можно да се определат некои заеднички карактеристики на системот на социјалистичката демократија и економија од времето на формирањето на првата социјалистичка држава до колапсот, крајот на осумдесетите години? Обично три критериуми се сметаат за најзначајни. Прво, во тие системи економскиот живот беше под контрола на една партија, без разлика дали таа партија се нарекуваше комунистичка, работничка или Сојуз. Второ, економските институции беа во колективна или државна сопственост и, трето, постоеше задолжително централно планирање со контрола на пазарните инструменти. Од ова може да се заклучи дека партијата управуваше со се, дека луѓето не поседуваа ништо и дека планот ги определуваше сите економски параметри. Горенаведените принципи ги определуваа основите на системот но, не и неговото вистинско функционирање и опстојување. Тие беа интимно поврзани со една идеологија, наречена Марксизам-Ленинизам, која беше прифатена и прилагодувана во секоја земја од

идеолозите и владеачките елити. Оваа таинствена поврзаност објаснува зошто овие принципи беа целосно отфрлени од новите власти во сите земји во кои политичката „револуција" се случи на почетокот на транзицијата. (Lavigne, M., 1999, 3)

Според полскиот марксист Брус (Brus, W., 1977, 83, во Horvat, B. 1984, 37) социјализмот претставува тоталитаристички систем. Негови карактеристични особини се: Прво, превласт на бирократскиот апарат над формално избраните тела во сите сегменти на политичката структура. Второ, замена на нормалните избори со именување на кандидати за партиски, државни и синдикални функции, од „горе", од повисоките редови на бирократијата. Трето, водечка улога на партијата, која се согледува во целосната субординација на другите институции на партискиот апарат и забрана на било какви самостојни политички иницијативи. Четврто, монопол во контролата на масовните медиуми, вклучувајќи и универзална превентивна цензура. На тој начин во сите подрачја на општествениот живот припадниците на општеството се соочуваат со семоќниот државен апарат и се сведуваа на атомизирани поединци на кои им се скратени политичките и правните средства на изразување и контрола.

Во сите социјалистички земји беше спроведена строга контрола врз стопанството од страна на владеачката партија која беше различно нарекувана но, нејзината улога беше слична. Некои разлики постоеја во интерпретацијата на марксистичкото учење, особено по судирот на Југославија со членките на Информбирото кое беше формирано од повеќе земји на Источна Европа на чело со Советскиот Сојуз .

Претпријатијата во социјализмот, теоретски беа „сопственост на целиот народ" и практично немаше поединец, семејство или група која може да биде посочена

како сопственик претпријатието припаѓаше на секого и никого. За некои од економистите, уште од почетокот на изгрдабата на социјализмот се јавуваше сомневањето дека со губењето на „чувството за сопственост" (работниците да работат како „сопственици", не се овозможи вистинска сопственичка мотивација.

„Претпријатието беше формално-правно лице но, практично без деловна самостојност, затоа што како државен орган се наоѓаше под раководство на државната управа. Административно-оперативното раководење со претпријатието имаше највисоки управни овластувања спрема претпријатијата кои му биле поверени: донесувало правила на претпријатието, можело да ја укине или промени одлуката на директорот, да ги намали обртните средства или да ги пренесе на претпријатие од истата или слична стопанска гранка." (Petranović,B., Štrbac, Č 1977, 76)

Раководството на партијата беше нарекувано номенклатура, збор кој стана симбол на комунистичките привилегии. Номенклатурата раководеше со целиот систем. На пример, сите раководни места во економската сфера беа објавувани на специјални списоци на кои се рангираа сите партиски кадри овластени со политичка моќ и одговорност, користејќи ги привилегиите меѓу кои и да купуваат од специјални продавници.

Во Полска, на пример, номенклатурата беше поделена на три основни оддели: во првиот, положбата ја определува Централниот комитет на партијата и во неа спаѓаат партиските функции, персонал кој е одговорен за партиските органи и печатот, високи државни функционери, (функционери, во државаната администрација, во војската, полиоцијата, во информативните куќи, и сл.) Во втората група се наоѓаат функционерите и персоналот на пониско, војводско ниво, а третото најниско ниво ги опфаќа градските и месните партиски комитети. Во

рамките на оваа поделба биле утврдени 76 функции во првиот оддел, во вториот биле 40 функции а 28 во третиот, што вкупно изнесува 144 функции.

Оваа позиција на владеачката партија за време на падот на социјализмот доведе до ситуација да биде масовно отфрлена од населението, и се друго што беше поврзано со зборовите комунизам и социјализам Во управните тела на фирмите партиските организации имаа одлучувачко влијание, како и на секое ниво каде се одлучуваше. Исто така и на ниво на државата, партиските органи имаа главен збор во власта: при утврдувањето на главните правци на економската политика, прифаќањето на макроекономските планови, иницирањето на реформите во општеството и многу други прашања во сферата на образованието, здравството и сл. Во земјите на социјализмот постоеше огромен административен апарат. Во овој контекст треба да се подвлече значењето од воведувањето на самоуправувањето во Југославија кое значеше учество на работниците во процесот на управување со претпријатијата. Но и тој експеримент заврши неславно. Системот водеше кон неефикасност и корупција, ја разгоруваше инфлацијата и создаваше скриена приватна сопственост и нееднаквост.

Во социјалистичките земји беше воспоставена државна соспствееност со исклучок на Југославија, каде сопственоста беше општествена. Имено, средствата за производство не беа ни во државна сопственост, ни на работниците туку на целата заедница. Социјализмот, приватната сопственост ја сметаше за „грев" на капитализмот што води кон алчност кај приватните сопственици, кои ја искористуват работната сила.

Во земјоделството поопштествувањето доби форми на колективизација. Земјата ретко беше национализирана, освен во СССР и Монголија. Беа одземани само поголемите имоти и беа доделувани на сирома-

шните селани. Тоа, на почетокот на транзицијата донесе големи проблеми. Во СССР колективизмот беше воведен преку терор. Се основаа колхози (колективно фармерство) и софхози или државни фирми (советско фармерство). Несоцијалистичката сопственост беше присутна во Југославија и Полска со над 80% приватна сопственост над земјата. Во другите земји, на населението им беше дозволено да има мало парче земја за сопствена употреба а производите да ги продаваат на пазарите каде цените се формираа слободно. „Семејното парче имаше три функции: да го ублажи политичкиот отпор кон колективизацијата, да обезбеди свежа храна и да ја дополни недоволната државна понуда" (Lavigne, 1999 ). Во рамките на државниот сектор се разви полузаконска „паралелена“ или „сива“ економија. Таа главно беше базирана врз основа на корупција, проневера и кражба на државната сопственост. „Оваа појава не се соочи со негодување од општествената заедница заради тоа што сите се обидуваа да извлечат полза од распадот на капиталот. И покрај идеологијата, обичните граѓани никогаш не се грижеа за државната сопственост бидејќи таа беше ничија.“

Во најголем број социјалистички земји, кои го прифатија системот на главното планирање, плановите беа подготвувани од најмоќните бирократски агенции-националните бироа за планирање. „Основната карактеристика на овој систем бше тоа што бирократијата ја преземаше контролата над економските трансакции и вршеше координација меѓу учесниците во економијата - спротивно на улогата на пазарот како олеснувач на тие активности (Ericson, 1991). Преку главното планирање до израз доаѓаше самиот бирократски апарат низ повеќе активности. На пример, во капитализмот банкротството на фирмата е предизвикано од конкуренцијата, фирмата оди во стечај или се соединува со друга фирма. Во социјализмот тоа е „задача" на бирократите, тие одлучуваат

дали фирмата ќе се ликвидира. Потоа, активности како што се управувањето со производството, распределбата и дистрибуцијата на производите, одлуките за формирање на цените, инвестирањето, технологијата, странските пазари, изборот на радоводители и сл. е во рацете на бирократите.

За социјалистичките економии најчесто се употребува изразот „централно планирани економии". Планот е инструмент кој е спротивен на пазарот. Тој претставува збир на техники за преземање на идни активности за да се постигнат определени цели со максимум кохерентност и ефикасност. Дефиниран како механизам или збир од „техники" централниот план беше определен како инструмент кој овозможува партиска контрола врз целата социјалистичка сопственост.

Планот не е „неутрален" резултат на синтетизирањето на општите општествени потреби: на начин како што општеството се обликува како хиерархиска организација, планирањето се појавува како резултат на активностите на врвот на таа организација (Lazić, M., 1987, 29). Колективно-сопственичката класа, (врвот на хиерархијата) посредува во одредувањето на целите на производството, односно, планирањето, организирањето, управувањето и контролата, стануваат исклучиво монопол на една група, а непосредното производство е активност на друга група. „Монополската положба ја прави првата група фактички (економски) сопственик на средствата за производство и тоа групата како целина (односно како организација), затоа што монополот е континуирано делегиран низ вертикалата на целокупната нејзина хиерархија, затоа за неа се говори како за колективен сопственик на средствата за производство. Наспроти неа, се наоѓаат оние кои се лишени од сопственост, смета Лазиќ (Lazić, M., 1987, 21). Суштината на класната спротивставеност наоѓа во карактерот на сопственоста; на една страна се оние кои управуваат, организираат и пла-

нираат, а на друга се оние кои произведуваа. Планирањето се претвори во привилигирана дејност на една група, која врз основа на тоа се здобива со право која ја прави вистински колективен сопственик на целината на општествените производствени ресурси. Оваа група Лазиќ ја нарекува „класа на колективни сопственици" и има обележје на организирана хиерархија. Станува збор за владеачка класа затоа што управува со целокупното производство и репродукција во општеството а управувањето е нејзиниот монопол, што значи исклучување на работниците од тој процес.Таа е класа на колективни сопственици затоа што со целината на производството управува како хиерархија, врз основа на систем на положбата кој нејзините припадници го заземаат во разните сектори од единствениот производствен циклус (Lazić, 1987).

Кога се распадна системот на планската економија стана доволно јасно дека тој систем не може да се реформира од проста причина што планот секогаш беше базиран врз политички приоритети. Нити процесите на децентрализација, ниту пак усовршувањето на планските методи не можеа да ги подобрат резултатите во економијата. "Со тоа, сака да се каже дека планот не може да ја регулира целосната економска активност, дури ни во време на тоталитарните режими, тој не можеше да го контролира секој детал. Подоцна, кога сите овие системи поминаа во „тезгарошки тип" или манипулативна економија со децентрализирани единици кои се обидуваа да влијаат на политичките авторитети, централната контрола беше се помалку ефикасна, смета Лазиќ.

Кога би се направил еден регистер на причини, за кои со извесен степен на сигурност би рекле дека се реални, тогаш списокот би бил многу долг и не би бил во функција на издвојување на она што сепак е главна причина. Само три години по Октомвриската револуција (1917), еден австриски економист ќе рече дека системот нема иднина, не може да функционира! Но, по Втората

светска војна социјалистичкиот режим беше наметнат во повеќе земји, оние од Источна и Југоисточна Европа кои денес се наоѓаат во транзиција.

Често лидерите на социјалистичките земји беа свесни дека во системот нешто не чини но никогаш не беа подготвени за радикални реформи. Во регистерот на негативни симптоми најчесто беа споменувани: намалувањето на економскиот пораст, ниската продуктивност и ниската заработувачка, особено по 1970 годнина. Техничкиот прогрес значително заостануваше во однос на западните земји, како и неможноста да обезбеди храна од сопствени извори, нискиот стандард на живеење во однос на западните развиени општества, рецесијата на Запад, во голема мера го ограничи пристапот до пазарите.

Секако, економската ситуација сама по себе не може да се објасни зошто системот се урна како „кула од карти". Дали за тоа влијаеле посебни социјални и политички причини? Дали е доволно да се рече дека народот едоставно ја изгуби довербата во режимот? Дали влијанието на Запад преку медиумите ја урна до тој степен сликата на социјализмот што луѓето едноставно почнаа да мразат се што е социјалистичко и комунистичко.

**Од "општество без разум" кон "општество без срце".** За некои социолози овој премин од еден систем со непазарно стопанство и еднопартиска демократија кон друг систем со пазарна економија и плуралистичка демократија наликува на премин од едно општство „без разум", во општество „без срце". Според нив постои некој трет пат, некоја комбинација меѓу системите кои им недостига или „разум" или „срце" односно системи кои ќе одговараат на потребите на современиот човек.

Дали поимот „транзиција" ќе го сметаме за двосмислен или не, тоа и не е толку важно од причина што неговото значење ќе го ограничиме на бившите социјалистички земји и пред сé, на неговото социолошко, економ-

ско и политиколшко значење. Дали е воопшто можно враќање кон нешто кое, барем што се однесува за Република Македонија, но и за Русија на пример, значи враќање во „состојба од минатото" пред воведувањето на социјализмот. Тоа не може ни да се замисли од причина што капиталистички елементи постоеле само во рудиментарна форма а да не говориме за елементи на демократскиот систем. Но, „ако е точно тоа дека не може да се реконструира сопственото минато, воопшто не е исклучено дека во транзицијата конкретната економија може да се реконструира минатото на некое друго национално стопанство, за сопствената иднина да биде проектирана во туѓо минато. Тоа не би било трагично ако таа друга референтна природа не би се развивала натаму" (Taboroši, S., 1997, 150).

Употребата на поимот „транзиција" претпоставува некои историски околности (Cifric, I., 1998, 50). Имено, овој поим во масовна употреба влегува при крајот на дваесетиот век со промена на социјалистичките општества. Историската сличност, за Цифриќ е во замената на диктатурата со демократија, односно, нормативната употреба на овој поим може да се разбере како „преод кон демократија". „Поаѓајќи од поимањето на транзицијата како посакувана цел, односно нејзиното нормативно поставување, општествените промени можеме да ги разбереме како предуслов за промените на еден режим во насока на некој друг, односно како конкретни услови и простор на транзицијата. Тие услови, односно промени во социјалниот простор ги разбираме како процес на „трансформација" на конкретните општествени структури. Тие за разлика од нормите се однесуваат на промените на реалноста-институционална, индустриска и стопанска структура и културниот систем на конкретното општство" (Cifrić,I, 1998,52-53). Во таа смисла трансформацијата не се однесува само на структурите настанати во социјалистичкото општество, а кои едноставно се

менуваат, туку на оние структури кои долго време егзистираат во пазувите на општеството, кои се формирале и постоеле долго време пред почетоците на воведувањето на социјалистичките принципи на управување. Тоа пред модерно општество, неговите структури и културниот систем, се важни фактори во трансформацијата, а со тоа и во транзицијата, „зошто транзицијата ја дефинира целта, но нејзината реализација ја дефинираат /димензионираат/ конкретните промени", заклучува Цифриќ.

Во општествата кои релно не познаваа развиени капиталистички односи, пред воспоставувањето на социјалистичкиот режим, многу е потешко да заживеат формите на плуралистичката демократија и пазарната економија.Тоа се општества без „демократско искуство", без кое се јавуваат многу тешкотии во воспоставувањето на демократските институции. Некои автори инситираат на поимот „редемократизација" наместо на поимот „транзиција." Оправданоста за таквиот став може лесно да се провери после десетина години транзициски промени. Изострувањето на разликите меѓу одделните земји во транзиција, особено во доменот на економскиот развој но и во успешноста на воведувањето на демократските институции го потврдуваат ставот за реалните позиции во транзиционите промени.

Иако под поимот „транзиција" најчесто се подразбира нејзината економска суштина, односно процес кој се случува во бившите социјалистички земји сепак некои автори укажуваат на неговата сложеност и дека тоа не е доволно за да се разбере во нејзината целост. Во таа смисла се укажува дека овој поим мислителите го употребуваат пред стотина и повеќе години. На пример, Карл Маркс и Фридрих Енгелс овој поим го користеле при објаснувањето на преминот од капитализам во социјализам, односно од стариот во новиот систем. Интересот за транзицијата денес произлегува од големиот интерес на научниците од Запад за промените во Источно-

европските земји после падот на социјализмот во овие земји.

Она што е неприфатливо за поголем број научници од Исток е сведувањето на транзицијата на приватизација, односно, давање на особено значење кое го има приватизацијата во процесите на транзиција. Дека приватизацијата е значајна за целината на процесот на транзицијата тоа никој не го отфрла, но останува сознанието дека карактерот на сопственоста не е пресуден за технолоошкиот развој на една земја. Не постои ни еден облик на сопственост кој сам по себе нити ќе ја фаворизира, нити пак ќе ја блокира технолошката промена, без разлика дали е извор на транзицијата или претставува една од нејзините манифестации. „Меѓутоа, прашањето на приватната сопственост е многу важно како претпоставка за јакнење на претприемачката економија и пазарниот начин на стопанисување, поради што доаѓа до начелно определување дека приватната сопственост само принципиелно, а не секогаш и безусловно, овозможува подобар амбиент за технолошка иновативност, како прва алка во синџирот на пожелни транзициони промени" (Pokrajac, S., 2000, 26). Покрајац го критикува едностраното сфаќање на транзицијата и нејзиното изедначување со приватизацијата и дека ограничувањето на расправата за приватизацијата како единствена и најважна нема да не донесе кон саканата насока на размислување. Прашањата, како што се развојот на технологијата, иновативноста и креативноста, се вистински прашања затоа што тие даваат конкретен резултат: нови производи и нови технолошки процеси, а тоа најмногу им недостига на земјите во транзиција.

Социолошкиот поим за транзицијата не се однесува на тоа каква треба да биде туку како во стварноста се исполнува, односно ги опфаќа оние сегменти кои се однесуваат на стварните процеси и промени. Во таа смисла транзицијата се разбира како целокупност на проце-

сите на структуралните промени во пост-социјалистичките општества. Дали во тоа поимање транзицијата ќе се разбере како премин од „омразениот" социјализам во „посакуваниот" капитализам, или пак таа ќе се разбере како премин во современо пазарно општество со приватна сопственост и плуралистичка демократија, од аспект на една објективна социолошка анализа не е од суштинско значење. Фактот што се случува радикална промена во поимањето на општествената стварност, што се напушта, според Кун „старата парадигма", односно се напушта старата владеачка парадигма и на нејзино место доаѓа „нова научна прадигма", во разбирањето на социјалната ставарност е од суштинско значење. Во таа смисла, според Кун, научниците водени од новата парадигма усвојуваат нови иструменти и гледаат на нови места и што е уште позначајно, гледаат нови и други нешта и тогаш кога со старите инструменти гледаат на места кои и порано биле предмет на посматрање. „Тоа личи на ситуација кога професионалната заедница одненадеж е префрлена на некоја друга планета, каде познатите предмети се гледаат во сосема поинаква светлина. Научниците тогаш често говорат за „паѓање на завеса од очите" или за „молскавивичен блесок" кој ја „прекрива" пред тоа мрачната загатка, правејќи го возможно согледување за нов начин кој првпат дозволува решение на таа загатка. Покрај тоа, им се приклучуваат и нешта кои пред тоа биле непознати. Промена на парадигмата доведува и до тоа научниците да гледаат на поинаков начин и на целите на сопствените истражувања." (Kun, A, 1974)

# ДЕСЕТ ГОДИНИ ПОТОА: ШТО СЕ СЛУЧИ СО СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ

Последните неколку години во центарот на вниманието на „транзитолозите", без ралика на која научна област припаѓаат, но најчесто станува збор за економисти, социолози и политиколози, се наоѓаат оценките за состојбата на земјите во транзиција не само од „аспект на деведесетите", туку и од аспект на состојбата во која се најдоа десетина години потоа. Се разбира гледиштата се различни, теоретските позиции од кои се поаѓа во анализата исто така, но постојат некои елементи за кои поголемиот дел од истражувачите се согласуваат а кои директно се однесуваат на суштината и карактерот на промените. За Адам Пржеворски (Przeworsky A. 1991) секое ретроспективно објаснување за тоа што во суштина се случило, не би требало да биде пресметка со историските настани туку да се препознаат историските претпоставки што не спречија нас од предвидувањето на овие настани. За Дарендорф, преминот од еден во друг систем ќе предизвика големи социјални трошоции а процесот го опиша како преминување на „полето на солзите". За Џовит (Jowitt, K 1992) иднината на поголемиот дел од Источна Европа можно е повеќе да заличи на Јужна Америка отколку на Западна Европа ( Ekiert G,. 1999,279).

Според Ејкиерт (Ekiert G., 1999, 278) ваквите песимистички прогнози за иднината на демократријата и пазарната економија биле основани врз неколку претпоставки. Прво, во земјите на Источна Европа отсуствуваат средни и сопственички класи, приватна сопственост, плуралистичка култура и развиено граѓанско општество, што според теориите на Дол и Липсет се основни претпоставки за демократија. Второ, посткомунистичките општества беа оптоварени со „Лениновото наследство" на нетолеранција, заостанатост и прогонство, непочитување

на авторитети, политичка пасивност, елементи кои го формираа т.н. синдром на homo sovieticus. Некои тоа го прокоментираа со ставот дека посткомунистичката задача е да го излечи посткомунистичкиот човек од традиционалните комунистички доживувања. „Освен тоа политичките и економските институции наследија една целосна неодговорност за интересите и очекувањата на граѓаните. Тие беа дизајнирани за да доминираат и ги контролираат сите сфери на социјалните, политичките и економските активности (Ekiert G,. 1999,280). Потоа, брзата промена на режимот произведе несигурност, празнина и делегитимација на јавната сфера.

Посткомунистичките општества се соочија со огромна и комплексна задача со истовремена трансформација на нивните политички економски и социјални структури (Ekiert G,. 1999,280). Таа се претвори во процес кој значеше многу повеќе од едноставен премин во демократија. Цената на преминот, во економска смисла, беше моментална и јасна, но во поширока смисла добивката се претвори во несигурна и временски недефинирана и одложувана за подалечната иднина. Тоа, како што ќе се покаже во истражувањата во скоро сите земји во транзиција, во голема мера во јавното мислење ќе предизвика бранови на носталгија за стариот систем кој е многу попозитивно вреднуван отколку системот на плурализмот и пазарната економија. Споменатиот Пржеворски ќе предупреди дека „демократијата во политичкиот домен работи против реформите". Првите години од транзицијата ги потврдија овие сомнежи дека реформите можат лесно и за краток период да се остварат. Многу настани од крвавиот распад на Југославија, распаѓањето на Советскиот Сојуз и Чехословачка, до непредвидливата судбина на многу малцинства во новосоздадените држави ги потврдија овие сомневања. Потоа, падот на стандардот, индустриското производство, економскиот застој како и појавата на висок процент на невработе-

ност и сиромаштија, се само дел од неволјите кои ги снајдоа овие земји, особено првите пет години од распаѓањето на стариот систем. „Кога станува збор за транзицијата на постсоцијалистичките општества треба да се има на ум дека таа лесно може да се претвори во реставрација, т.е процес на движење наназад, односно во процес на обнова на порано постоечкиот капитализам (Pokrajac, S., 2000, 29).

Секако дека не треба да се остане на позицијата на овие песимистички ставови дека транзицијата е исклучиво обременета со негативни појави. Сепак и покрај сите очигледни проблеми со кои се соочуваат најголем дел од земјите во транзиција, таа може да биде оценета и како „изненадувачки успешна", во смисла на појава на нови држави без насилство и војни, но и тоа дека се случува процес на политичка демократска борба за власт, на слободни и тајни избори.

**Концепти за транзицијата.** Неуспехот на социјалистичките општества во доменот на економскиот развој и развојот на демократијата ги принуди овие земји кон крајот на осумдесетите години да заземат нов курс во насока на прифаќање на правилата кои долг временски период се реализираа во Западните високо развиени земји. Во таа смисла транзицијата се смета како преоден период од еден систем на планска економија и еднопартиска демократија, во друг со пазарна економија и плуралистичка демократија. Тоа значи премин од монистичко во плуралистичко, од политичко во економско, од затворено во отворено општество, од партиска во правна држава, од централизиран во конкурентски монопол и слично. Во ваквата констатација се согласни скоро сите без ралика на која теоретска па дури и идеолошка ориентација припаѓаат. Целта е јасно дефинирана: развојот на општеството да се насочи на патот на кој долго време се наоѓаат високо развиените земји. Ако целта не е спорна, спорен е начинот како тоа да се реализира,

односно како да се дизајнира патот за полесно да се оствари посакуваната цел.

Ненадејното и брзо распаѓање на социјализмот ги изненади сите а се чини најмногу преставниците на економската и социолошката наука. Но, на почетокот на деведесетите години, кога се случи распадот, малкумина се прашуваа за причините за тоа што во суштина се случи. Социолошката наука во источно - европските земји, главно базирана на старата социолошка парадигма немаше одговор за карактерот на промените. Западните научници укажуваа на тоа дека единствено решение за излез од кризатат на овие земји е воведување на институции по примерот на Запад.

Во почетокот на деведесеттите години започна дискусија за ефикасноста на начините на практичната реализација на реформите. Дискусијата главно се водеше во економската наука и практика имајќи ја предвид нејзината улога во креирањето на економскиот систем.

Во овој период главно се издиференцираа две концепции кои главно се разликуваат по брзината и радикалноста на промените. Револуционерната концепција го застапуваше гледиштетето за брза и радикална промена каде економските реформи им претходат на политичките и каде приватизацијата е главниот елемент на тие промени. Овој концепт е карактеристичен за најголем дел од земјите во Источна и Југоисточна Европа. Втората концепција или т.н. кинески модел се базира со обратен ред на работите: прво, политички реформи па потоа следат економските реформи а при тоа процесите се одвиваат со позабавено темпо.

Економската суштина на реформите се чини, барем на почетокот на деведесеттите, беше наједноставно да се разбере од проста причина што се тргна од ставот дека брзата трансформација на сопственоста со себе ќе повлече позитивна енергија односно ќе го повлече општ-

еството во посакуваните цели со нејзино воспоставување. Постоењето на приватната сопственост во развиените општества е доволен доказ дека таа ќе биде ефикасна во секоја друга земја ако биде воспоставена. Најголемиот дел од земјите тргнаа во вспоставување на приватна соопственост низ процес на т.н. масовна приватизација која „безмилосно“ ја приватизира општествената односно државната сопственост. Овој процес на брза и масовна приватизација беше проследен со либерализација на цените и отворање на вратите на источно-европските земји за влијание на надворешните пазари а во функција на конкурентно опкружување (Градишка, О,.Т. 1999, 2000, 6, 25). Расправата за тоа какви беа ефектите на економски план на овој модел на приватизација, во смисла на развојот на овие општества, заслужува внимание од повеќе аспекти.

Револуционерниот пристап некои го нарекоа „недораснат" во создавањето на институците“. Приватизацијата беше реализирана на брзина а во одсуство на соодветни регулативни рамки мораше да заврши со неуспех. Западните советници погрешно мислеа дека тоа ќе доведе до барања за заштита на правата на сопственииштво. Наместо тоа, новите сопственици го ограбуваа имотот и ги префрлаа парите во странство со помош на лошо изведената либерализација на протокот на капитал. Како резултат на тоа во земјите владееше корупција. Би било подобро кога постапката би се извршувала побавно - со создавање на регулативни рамки пред извршувањето на приватизацијата и со јакнење на законите и создавање на делотворни институции како што се судовите. Всушност, транзиционите реформатори и нивните западни советници се обидоа општеството да го изменат преку ноќ" (Stiglitz, 1999, во Градишка, 2000, 25-26).

Вториот, или т.н. еволутивен модел главно се поврзува со реформите кои ги спроведе Кина. За разлика од реформите во земјите од Источна Европа, Кинескиот

модел на еволутивни промени не само што не претпоставува брзи и радикални промени туку во почетокот тежиштето на промените го стави врз парцијални промени, децентралистички и спонтани потези, па дури и постапки кои имаат експериментална функција со цел она што се покажува функционално, подоцна да биде трајно, формално и интегрално применето. „Негирајќи го правилото на lesser faire, како неапликативно за современите услови на стопанисување, односно не гледајќи во државата „лоша глава на семејството", проблемот на макроекономската избалансираност Кина и го довери на државата (Градишка, 2000, 27).

За разлика од источно-европските земји и Советскиот Сојуз раководството на кинеската држава не донесе официјална програма за приватизација, што значи државата и натаму остана доминантен сопственик и постојана економска база на административната елита. Но, сепак се случија значителни промени во структурата на имотните права, се појавија нови форми на сопственост. Кина се определи, не за револуционерни, туку за еволутивни промени, кои не се повинуваа по економските учебници, туку едноставно политичката, комунистичка елита се приклони кон една реформа - „парче по парче", не по некој однапред подготвен план, дизајниран надвор од практиката, „туку со изнаоѓање на најдобар начин да се дојде до целта, што резултира во еволутивен процес на неодредено време на институционална промена."

Зошто Кина се определи да се реформира во фази, за разлика од другите земји, поранешни социјалистички држави. Веќе десетина години се водат расправи на оваа тема. Привrзениците на теоријата на „шок терапија" беа убедени дека само на таков начин може да се насочат довчерашните социјалистички општества на вистинскиот пат. Теоријата за „бавни промени"ќе се покаже доволно продуктивна во практиката, базирана на експеримент со ограничено дејство. Кон промените се приста-

пува „чекор по чекор". Некои од научниците, се склони да веруват во тоа дека брзината на промените беше мотивирана од поделбата на сопственоста. Некои на пример, руската транзиција ја споредуваа со „чувството на Русите како да се движат од зоолошка градина кон џунгла". Во основа сите автори кои ја бранеа „бавноста на промените „тргнуваа од сознанието дека државата не треба да ослабне или да изчезне, туку да ја негува постепената транзиција кон пазарна економија. Кога не функционираат институциите на државата во подршката на промените кон пазарно стопанство, тогаш приватизацијата изведена на масовен начин, води кон анархија.

Без сомнение, во текот на изминатите десетина години од распаѓањето на социјализмот и воведување на институциите на пазарното стопанство и плуралистичката демократија дојде до појава на големи разлики меѓу одделните земји. За некои, со право може да се рече дека се скоро излезени од фазата на земји во транзиција и почнуваат да го живеат „нормалниот тек на демократијата".

Сепак, некои сличности меѓу земјите кои го напуштија социјализмот постојат. Тие главно се однесуваат на следното (Mackow i Wagner, 1994,19-21, i Cifrić, I., 1998, 56):

Прво, промените се под голем „временски притисок". Тоа што се градело и формирало долго време во западните развиени општества, во земјите во транзиција, се мислеше дека е можно да се воспостави за мошне краток временски период. Во право е Дарендорф кога вели дека за да се зацврсти граѓанското општество потребен е долг временски период што може да предизвика фрустрации и нетрпеливост, особено кога се јавува голема разлика меѓу очекуваното и реално оствареното. Тоа најчесто е видливо кратко време по парламентарните избори. На пример, меѓу значајните играчи на политичката сцена можат да се појават и оние кои ветува-

ат нереални и бесмислени работи, како што е примерот на последните парламентарни избори (1998 г.) во Република Македонија.

Второ, во општествата во транзиција се исполнуваат противречности кои произлегуваат од улогата на државата. Имено, процесот на транзиција не се базира на спонтани и некординирани активности, туку врз агрегирани сили. Од една страна, се бара државна дерегулација, деетатизација и децентрализација, а од друга државна интервенција и контрола.

Улогата на државата во процесите на транзиција произлегува од фактот што реформите можат успешно да се реализираат само под претпоставка ако државата земе активна улога во тој процес. Но, тука се крие и најголемиот парадокс: за да се намали нејзината улога, што претставува една од целите на реформата, реформаторите се принудени да преземаат активности кои во најголем дел се акции на самата држава. „Причините за таквата екстензивна улога на државата се должи на фактот што преминот кон пазарно стопанство не може да биде инициран од самите пазарни сили. Всушност, единствена сила која може да ги придвижи пазарните сили е истата таа држава која треба да замине од сцената" (Петкоски .,М, 1994 , 113).

Имено, во духот на неокласичниот модел на трансформација на општествата во транзиција „што помалку држава", и само во случај на „дефектност на пазарот" се поставува прашањето за „силите кои ќе можат да ја изведат транзицијата". Одговорот на „неокласичарите" е дека сепак тоа мора да биде државата и на краток рок. Таа треба да ги изврши следните работи: да преземе одговорност за конципирање и остварување на што е можно побрзо преструктурирање (комерцијализација и преструктурирање) на големите индустриски претпријатија; да обезбеди сеопфатни социјални програми (осигурува-

ње на невработеност, обука, социјална заштита, пензии и слично) за „губитниците" во реформата; да обезбеди законодавство за приватизација; да основа управни одбори во новоформираните претпријатија; да презема активности кои имаат за цел членство во меѓународните организации и Европската заедница. Со други зборови, „за транзицијата потребна е силна држава, која особено ќе биде во состојба до крај да го реализира процесот на приватизација, односно трансформација скоро на целата јавна сопственост во разни форми на приватна сопственост, дури и под претпоставка отпорот спрема тоа да биде силен и ако тоа предизвикува голем број на прашања" (Babić, 1996, 77, Tool, 1993,13).

Дискусиите за улогата на државата во процесите на трансформација се разидуваат во оние сегменти кои упатуваат на заземање конкретен став во однос на регулација на реформите. Во рамките на неокласичната теорија не постои искристализиран став, што некои го коментираат како еден од главните причини за неуспехот за реализацијата на неокласичниот модел на Истокот.

Еден од критичарите на сфаќањето за доминантноста на пазарот во човековата историја и највисока точка во човековата еволуција е унгарскиот економист Карл Полајни. Тој смета дека државата е неопходна институција за воспоставување на системот, а кога тој ќе се воспостави нејзината функција е неопходна, тој да се одржи. Интервенцијата на државата е постојано присутна, не само за корекција на дефектноста на пазарот туку и за обезбедување на надворешните услови за негово функционирање. За заштитата на интересите на идните генерации неопходна е државата.

Трето, прашање за кое можеби и постојат најмногу несогласувања и недоразбирања, е прашањето за самостојноста на реформите. Присутни се два аспекти на проблемот: самостојност која е насочена кон автархи-

чност, која е содржана во желбата за поголем национален идентитет и самостојност во развојот, и второ, потрага по сопствен пат на реформи кој главно ќе води сметка за специфичностите на земјата во која се спроведуваат, и за клучните прашања од развојот, што значи отфрлање на едноставното „копирање“ и механичко пренесување/пресликување на законите и стандардите од високо развиените земји кои не можат реално да заживеат во конкретните општества.

Во еден дел од социолошката литература, особено онаа која доаѓа од земјите во транзиција, се брани идејата за „сопствен, по можност автономен, концепт на социо-економски развој “. Смислата на оваа концепција е содржана во сознанието дека секое општество поседува културно-историски специфичности и вредносен систем кој не може лесно да се прилагодува на правилата кои се формирани во други околности и општества а кои непотребно грубо се наметнуваат.

Социолошките емпириски истражувања и теоретски интрепретации на транзиционите процеси во многу земји покажаа дека постои суштинска поврзаност меѓу економските, политичките и културните фактори, кои ако не бидат земени предвид при спроведувањето на реформите, може да дојде до несакани последици. Најчесто се споменува примената на „шок терапија” при воведувањето на институциите на ситемот на пазарна економија, особено приватизацијата, за што поопширно ќе говориме во овој труд.

Четврта карактеристика на земјите во транзиција претставува националното прашање, појавата на национализмот и етноцентристички и етнорелигиски тенденции кои во голема мера ја променија смислата на транзиционите процеси, во голем дел општествата кои деведесетите години го отворија патот кон реформи. Република Македонија е една од тие земји каде мобилиза-

цијата врз етнички основи се заканува да создаде нова ситуација во уредувањето на односите во општеството врз етничка основа.

Последниот елемент за кој може да се рече дека е заеднички за сите земји во транзиција претставува новата состојба на медиумите. Истражувањата на состојбата на медиумите покажаа дека во ова област настапила сосема нова ситуација на економски план, во доменот на културата на комуницирањето и во односот на државата кон медиумите. Имено, медиумите се претворија во критички набљудувачи на се она што се случува во општеството, од состојбата со човековите права до меѓународните односи.

**Фази во развојот на транзицијата.** По десетина години драматични промени во посткомунистичките земји се постави прашањето за карактерот на промените, во смисла на нивното временско исполнување. Ако првите години беа исполнети со надежи, исчекувања и песимизам дека може нешто значајно да се случи, последните години се исполнети со сериозни размислувања ослободени од разни психолошки и вредноси судови за тоа, што навистина се случило и што било пожелно да се случи особено во почетниот период.

Десетгодишната историја на транзицијата на посткомунистичките земји условно може да се подели на три фази кои се релативно различни меѓусебе и тоа: фаза на распаѓање на социјалистичкиот систем - која својата кулминација ја доживува во почетокот на деведесеттите години и фаза на транзициски зафати и промени периодот на воведување на конкретните реформски промени и драматични поместувања. И на крај, третата фаза - фаза на консолидација на демократскиот систем, пред се́, функционирањето на пазарната еконимија и плуралистичката демократија.

Колку е интересно прашањето за причините за пропаста на социјализмот, по десетина години од почетокот на неговиот распад, доволно говори сознанието за големиот интерес меѓу истражувачите во источните земји. Сеуште постои носталгија за социјализмот во повеќе земји во транзиција која особено дојде до израз во средината на деведесеттите години кај дел од населението.

Комунизмот не беше урнат со револуционерна борба, за што нема ни докази. Не постојат докази ни за тоа дека народните маси ја отфрлија комунистичката партија. Никаде не постоеја силни опозициони сили, освен помали групи на интелектуалци кои никогаш не претставувале закана за власта. Нема друг избор „освен да се признае дека падот на комунистичкиот режим беше организиран од членовите на владеачката елита". Партијата го завршува својот монопол во релативно мирен процес на преговори влечејќи ја опозицијата против нејзината волја, како што беше случајот со Унгарија и Полска (Poznanski, Z. K., 1999, 329). Во најголем број случаи промената на власта беше без насилство. Прашањето: зошто комунистите мирно се откажаа од власта, се чини дека ќе остане без одговор, или секој одговор не би бил доволно убедлив. Некои на тоа прашање одговараат со аргументи засновани врз психолошка основа, како што е „губењето на вербата дека комунистите можат да осигураат подобра иднина за луѓето."

Пропаста на комунизмот Познански ја доведе во тесна врска со корупцијата на власта во социјалистичките земји, за што постојат несомнени докази. „Уште за времето на Брежњев јавните личности почнаа и не плашејќи се и без ризик да примаат мито и да ги злоупотребуваат јавните фондови, додека се воведуваше системот на „номенклатура" кој што им го намали ризикот од казнување"- смета Познански.

Лезли Холмс (Leslie Holmes, 1997, vo Kalanj, 1998, 10) во книгата посветена на посткомунизмот анализира девет причини за пропаѓањето на комунизмот меѓу кои, улогата на Горбачов, економскиот колапс на социјализмот, улогата на опозиционите сили и кризата на легитимноста, се меѓу позначајните. „На крајот сигурно е дека губењето на легитимноста е крајниот израз на истрошеноста на еден тип на владеење и дека промената на легитимноста се поклопува со промената на самото тоа владеење. Но, тој фактор има експликативна тежина само ако го набљудуваме како некој вид синтеза на сите други фактори, а не како одделен факт" (Kalanj, R,. 1998, 11). Единствената сила од која извира легитимноста е успешно спроведување на модернизацијата која во себе вклучува многу димензии, од економски развој, политичка слобода до автономија во моралната, културната и религиската сфера. Во таа смисла Калањ се согласува со Холмс дека првата фаза на транзицијата (падот на социјалистичките системи) настапила поради губењето на легитимноста на реалсоцијалистичкиот тип на владеење, и дека тоа е резултат на еднострановата, осуетена и незавршена модернизација.

Економската програма лансирана од Горбачов беше исклучителна, но и обременета со многу слабости и грешки. Прво, прокламираната анти-алкохолна кампања покажа дека народот го губи моралот и верувањето во успехот на реформата, пред огорченоста на луѓето од појавата на криминалот, богатењето на поединци и осиромашувањето на државата. Во втората фаза, по 1987 година, иако претпријатијата добија поголема самостојност, сепак тие останаа во рамките на „централната команда". Приватната иницијатива беше до тој степен закржлавена што немаше скоро никакви шанси легално да делува и да се развива. Тоа се годините кога во СССР на сцена стапи мафијата и нејзината логика на дејствување. Неефикасноста на перестројката во голема мера ја де-

стабилизира советската економија и создаде отворена криза во 1989 година.

Паралелно со економските реформи се случуваше и една појава т.н гласност, за која нема некое општоприфатливо објаснување. Гласноста во суштина значеше ослободување на протокот на информации и напуштање на цензурата, и едноставно значеше отворена дискусија за проблемите на советското општество, се со цел да се придобијат луѓето за реформите. Во текот на 1990 година практично заживува политичкиот плурализам, а наредната 1991 година се напушти монополот на Комунистичката партија, не само внатре во Советскиот Сојуз туку и во другите „братски партии", од социјалистичкиот лагер. Колку „факторот Горбачов" придонесе за забрзување на пропаста на социјализмот на Исток тоа уште долго ќе биде предмет на расправа.

Втората фаза на т.н. транзициски промени (зафати, пресврти) според најголем дел од истражувачите не претставува некој посебен предизвик за науката: теоретскиот модел на транзициските промени бил разработен и практично проверен во рамките на развиените општества и тој едноставно може да биде развиван и усовршуван во земјите во транзиција. Во суштина преодот и не е ништо друго туку еден тип на капиталистичка модернизација за која нема спор околу две цели: пазарно стопанство и парламентарна демократија, кои долго време се главни компоненти на социјалните и економските системи на развиените земји. Значи целите се јасни, недвосмислени, станува збор за тоа како и на кој начин да се стигне до нив. Приврзаниците на реформите се јасни во своите гледишта кои се базираат на „школската економска наука", систем кој постои во нивните глави а не земја. „Неокласичниот модел претпоставува дека капиталистичкото институционално ткиво е совршено, така што при институционалниот избор е ограничен на капиталистичкиот облик на мотивација и орга-

низација; единствена структурна промена која може да се изведе од неокласичната парадигма е свртувањето од она што не е, кон она што е капиталистичка структура. Никакава некапиталистичка или посткапиталистичка структура не може да биде предвидена или санкционирана. Тоа сфаќање е историско затоа што не ги одразува крупните еволутивни системски промени во ниедно модерно стопанство" (Babić, B., 1996, 75,Tool, M 1993, 1).

Транзицијата се претвори во процес на радикални промени во духот на модернизацијата разбрана како капиталистачка модерност во која демократизацијата од Западен тип и пазарната економија се неизбежни компоненти.

„Транзицискиот зафат е специфичен облик на модернизација кој-независно од исклучителните прокламации на неговите актери и протагонисти е исткаен од континуитет и дискониутет. Континуитетот го сочинуваат модели на авторитарната политичка култура, „нечиста совест", наспроти егалитаризмот, игнорирање на законот, клептократско однесување спрема јавните добра и однесувањето на пазарот, нетолеранција во обликувањето на јавниот интерес итн. а дисконтинуитет се слободните политички избори, институциите на повеќепартискиот систем, пазарното начело на економските процеси, плурализам на информативниот погон" (Kalanj, R, 1998, 12).

Третата фаза е именувана како фаза на консолидација на демократијата која ја сочинуваат резултатите од транзицијата и последиците од транзициските зафати. Општеството под влијание на воведувањето на новите институции, новите форми на управување и практикување на новите вредности кои се различни со вредностите од претходниот период, постепено се претвора во заедница која во себе крие многу противречности и која

со право се означува со синкретичниот израз „транзициско општсетво".

Линц и Степан (Huan Linc & Alfred Stepan, 1998, 20) сметаат дека на консолидираните демократии потребно им е да имаат „пет арени, кои една врз друга позитивно влијаат, за воопшто да може да дојде до консолидација". Во рамките на овие пет арени, постои уште еден битен фактор. Имено, демократијата е облик на управување со државата, што значи дека не може да има модерен систем на владеење кој би можел демократски да се зацврсти ако нема држава. „Според тоа, непостоењето на држава или факт, на толку интензивно неиндетификување со неа, поради што голема група луѓе на одредена територија сакаат да се приклучат на друга држава или создадат независна држава, предизвикува значајни и често нерешиви проблеми" сметаат Линц и Степан.

Останатите пет меѓусебно поврзани услови, мора исто така да постојат или ако ги нема да се формираат. Прво, мораат да постојат услови за развој на слободно и активно граѓанско општество. Второ, мора да постои релативно автономно и ценето политичко општество. Трето, неопходно е владеењето на правото, со што се гарантираат граѓанските слободи и слободата на здружување. Четврто, мора да постои државен, административен апарат кој новата демократска влада правилно ќе го употреби. Петто, мора да постои институционално економско општество. Суштинско прашање е како доаѓа до формирање на овие пет меѓусебно поврзани арени?

Накратко ќе се задржиме на секоја од овие пет арени според сфаќањата на Степан и Линц.

Граѓанското општество претставува прва арена во рамките на системот на владеење во која самоорганизираните групи, движења и поединци се релативно автономни во однос на државата. Тие се обидуваат да изразат вредности и идеи во кои веруваат, создаваат

асоцијации, остваруваат солидарност и ги унапредуваат своите интереси. Во неговиот состав влегуваат најразлични организации и движења за кои единствена заедничка карактеристика е независноста од државата. Какво било значењето и улогата на граѓанските организации за време на падот на комунизмот говори и фактот што ниеден режим во периодот на транзиција не бил подготвен да употреби сила и да пука во маса, по примерот на Ти Ан Мен во Пекинг.

Втората арена, претставува „политичкото општество," во кое формираната општествена заедница специфично се ангажира за да го оспори легитимитетот на постоечката јавна власт и државниот апарат. Целосна демократска транзиција особено демократска консолидација, можна е само во „политичко општство". Во современата демократска теорија особено кога станува збор за прашањата на зацврстување на демократијата, „важно е да се нагласи, не само потребата на разликување помеѓу граѓанското општество и политичкото општество, туку и нивната комплементарност." Имено, во демократските општества се случува шампионите и на едното и на другото општество, да усвојат идејна насока и пракса кои се суштински штетни за нормален развој на едниот или другиот тип на општство. Потоа, процесот на зацврстување на демократијата, претпоставува да се развиваат навики за нормирање и процедури за регулирање на демократскиот конфликт. Високиот степен на институционална рутинизација претставува клучен дел од тој процес. „Односот на посредување меѓу државата и граѓанското општество и структурирањето на компромисите исто така се легитимни и неопходни елементи на политичкото општество", сметаат Линц и Степан ( Linc & Stepan, 1998, 23).

Третото поле - арена кое е во функција на зацврстување на демократијата и независноста на граѓанското и политичкото општество е владеењето на правото.

„Сите важни фактори, а особено демократската влада и државата мораат да го почитуваат и да го поддржуваат приматот на правото". Владеењето на правото вткаено во духот на конституционализмот, претставува неопходен услов за постоење на граѓанското општество. Потребен е релативно силен консензус за уставот и особено за обврските на прифаќање на „самообрзувачките процедури во системот на владеење, за кои за одредени промени е потребно квалификувано мнозинство", заклучуваат авторите. За да може државата да ги штити правата на своите граѓани, демократската влада мора да биде способна и ефикасна како би го оправдала сопствениот монопол на легитимна употреба на сила на сопствената територија. На модерната држава и е потребна делотворна способност да командува, регулира и формира политика, за што е потребен државен апарат, што претставува четвртиот услов. Ова се прашања кои се значајни за посткомунистичките држави, во кои разликата меѓу партијата и државата беа избришани за еден подолг временски период. Што се случува по десетина години транзициски промени на тој план е интересно прашање. Во анализата ќе се обидеме да понудиме одредени сознанија за десетте години на транзиција.

Петтиот услов, кој е исто така значаен за поддршка на консолидација на демократијата се однесува на економијата, или како што авторите го нарекуваат, економското општество: „тој израз го употребуваме за да го свртиме вниманието на два аргументи за кои мислиме дека се теоретски и емпириски веродостојни. Прво, никогаш не се случило, ниту може да се случи стабилизирана демократија за време на мир, ако станува збор за диригирано стопанство. Второ, никогаш не се случило, а сигурно и нема да се случи во иднина, модерно консолидирање на демократијата во една чиста пазарна економија. Ако се покаже дека овие аргументи се оправдани, може да се заклучи дека модерните консолидирани демократски режими претпоставуваат низа на општестве-

но-политички формирани и социјално - социолошки прифатени норми на однесување, институции и прописи кои се нарекуваат економско општество и кое игра посредничка улога меѓу државата и пазарот" (Linc, Stepan, 1998, 26). Прашањето кое си го поставуваат Линц и Степан се однесува на улогата на пазарот во консолидирањето на демократијата и интервенцијата на државата: потребен е значаен степен на слобода на пазарот но и значаен степен на интервенција на државата. Граѓанското општество во демократската држава, на пример има потреба од поддршка која ја сочинува владеењето на правото со кое се гарантира правото на здружување, но и поддршка на државниот апарат кој е во состојба да наметне законски санкции против оние кои би употребиле незаконски средства за спречување на групите демократски да се организираат.

# КЛАСАТА И ЕЛИТАТА ВО ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Што се случи со владеачките групи во постсоцијалистичките земји? Што покажуваат истражувањата за трансформацијата на социјалната структура? Дали по период од десетина години можеме да ги препознаеме главните актери на социјалните промени? Социолошката литература е богата со емпириски истражувања кои се одлична илустрација на теоретските анализи кои се обидуваат да го лоцираат прашањето за главните актери на постсоцијалистичката трансформација.

Во зависност од причините кои суштински влијаат врз пропаста на општествените системи, познати се два начина. Во првиот случај, во рамките на системот, се формира група (или групи) која развива структурални претпоставки за воспоставување на нов облик на општествена организација. Тоа се случува во моменти кога во рамките на системот, главните актери на промените достигнале висок степен на развој и доволно созреале за да извршат радикални промени, укинувајќи ги старите форми и на нивно место воспоставувајќи нови. Таков е примерот со настанувањето на феудализмот и капитализмот (Lazić, M. 1994).

За вториот начин, дезинтеграцијата на системот не е резултат на појавата на нови групи или форми во рамките на стариот систем кои имаа разорна улога, туку системите се распаѓаат врз основа на сопствените „внатрешни конструкции." Резултат на тој процес е долг период во кој општеството нема јасно дефинирана структура и го карактеризираат продолжени стагнациски па и репресивни тенденции (на тој начин е разорено робовладетелското општество и постепено е формиран феудалниот систем.

Се чини дека распадот на социјализмот го следи овој втор начин. Во рамките на социјализмот не се формира група која ќе биде во состојба да ги креира промените и ќе го подготви чинот на распаќето, односно да воспостави систем аналоген на пазарното стопанство и плуралистичката демократија.

Кризата во која западна социјализмот која кулминираше кон крајот на осумдесеттите години, го доведе во прашање неговиот опстанок и го разори неговото ткиво. Најголемиот дел од населението во скоро сите земји со социјалистичко уредување масовно го изразија протестот и незадоволството од ситуацијата во која се најдоа, што доведе до брз распад. Сосема е разбирлива врската на кризата и распадот на системот, но не и нејзината нужност. За да се разбере нужноста на распадот потребно е да се согледа делувањето на историските, социјалните и индивидуалните субјекти врз тој процес.

Во продолжение ќе се обидеме проблемот на распаѓањето на системот да го доведеме во врска со однесувањето на владеачките групи во социјализмот. Имено, дали социјализмот е рационално или ирационално општество од аспект на однесувањето на главните актери на промените е важно прашање: односно, дали и во кој степен тие (главните актери) се трансформираа ирационално во новите услови на премин од еден во друг систем. Прашањето можеме да го прошириме и во насока на согледување на процесите на формирање на новите трансформациски групации (класи, елити, не е важно како ќе ги наречеме) кои се владеачки во економијата и политиката.

Пред да преминеме на анализа на овие прашања, накратко ќе се задржиме на рационалноста во социјализмот и капитализмот. Дали разликите во сфаќањето на рационалноста на овие два системи е оној момент кој може да не доведе до суштината на процесот за распадот на системот на социјализмот.

Рационалноста на капитализмот е тесно поврзана со интересот на главните социјални групи. Имено, секое рационално делување подразбира планско прилагодување на некоја ситуација, базирана врз интерес. Групите кои делуваат во рамките на капитализмот (капитал-труд односи) се со спротивставени интереси на глобален план и на планот на присвојувањето на вишокот на вредноста. Во капитализмот „рационалноста на владеачката група" се покажува како рационалност воопшто. Интересите на потчинетите групи се „инфериорни " поради тоа што тие не можат да се појават како организатори (на новиот, алтернативен) глобален тип на општествена репродукција. Во услови на пазарно стопанство „невидливата рака" која е водена од просечната профитна стапка ги казнува или наградува оние кои се однесуваат и/рационално во рамкте на тој систем. Пазарот, заедно со државата ги обезбедуваа општите услови на капиталистичката акумулација. Државата во принцип останува надвор од непосредниот тек од репродукцијата на капиталот. „Општата поврзаност на политичката и економската структура (државата и акумулацијата) пред сé, значи дека начинот на производство на општествениот живот ја прави целината а проблем се механизмите на посредување на тие две структури" (Lazić, 1994,148). Рационалноста на економското делување на капиталистичката класа се базира на регулаторната сила на пазарот и на профитот, а рационалноста на државата во настојувањето да ги обезбеди општите претпоставки на акумулација.

Што се случи по распадот на социјализмот? Каква е улогата на класата на колективни сопственици, односно владеачката класа? Зошто е значајна нејзината улога за распадот на социјализмот: за начинот како се распадна, без насилство, како нешто само од себе да се подразбира и за многу кратко време, иако се градеше со децении како тоталитарен систем.

За еден не мал број аналитичари суштината на процесот на пропаста тесно е поврзана и може да се разбере од логиката на репродукцијата на социјалистичкото општество, односно распадот може да се разбере како резултат на внатрешните фактори, пред сè на ирационалното делување на колективно сопственичката класа, кое е систематски вградено во начинот на репродукцијата на општествата со командна економија (Lazić, 1994, 2000, Horvat, 1984 ).

За Хорват во етатистичкиот систем доаѓаат до израз неефикасниот карактер на бирократскиот социјалистички (етатистички) системна управување. Во прилог на нашата анализа само да ги наведеме неефикасностите (нерационалностите) кои се поврзани со функционирањето на претпријатието. Имено, претпријатието во социјализмот не се стреми кон развој и производство на нови производи и кон иновации бидејќи тоа не му се исплати. Регулаторот, кој ги поставува правилата олицетворен во државната и партиската бирократија, беше во состојба да ја вклучи секоја иновација во планот за наредната година, меѓутоа управната структура на претпријатието и работниците се изложуваа на дополнителни напори да реализираат поголеми плански задачи без да биде посебно наградена. Управната структура на претпријатието не беше заинтересирана да воведе иновации, или нови производи и да го рационализира производството. Тоа се случува и на глобално ниво, што доведува до заостанување на економски план во однос на земјите со пазарно стопанство. Пазарот нема никаква улога, а главниот инструмент на контролата на директоровата ефикасност е исполнувањето на производствениот план кој е зацртан надвор од претпријатието. Југословенскиот пример со воведувањето на самоуправувањето се обиде нешто да промени на тој план, но суштината остана иста!

Положбата во номенклатурата (кадровската листа) не зависи нужно од производството на вишокот на вредноста (производствените резултати) туку од политичката лојалност кон системот, која се проверува на многу начини.

Основниот заклучок, кој произлегува од начинот на функционирањето на системот на командната економија нѐ упатува на следното: дека социјализмот не само што е суштински различен од капитализмот, туку тој не дозволил да се развијат ни елементарни форми на пазарна економија (повторно социјалистичка Југославија е „исклучок", но и овде суштината останува иста како и во другите земји од Источна Европа) што значи во него не можеле да се појават групи за кои „рушењето на постојниот и воспоставувањето на дадениот алтернативен систем на односи би преставувал непосредна реализација на нивните темелни интереси" (Lazić, 1994, 21).

Она што исто така треба да се потенцира, а кое го надополнува претходниот заклучок е сознанието дека во рамките на социјалистичката економија не можеле да се развијат елементите на претприемништво, односно, претприемачи или како што некои ги нарекуваат капиталисти. Тоа не доведува до централното прашање за носителите на промените и нивното препознавање во лицето на конкретните социјални групи, ако се согласиме со фактот дека во рамките на командната економија не се случило нивното формирање." Поради тоа основниот актер на трансформацијата на социјалистичкиот систем не може да биде класата; во средиштето на нејзините носители е новата во успон елита. Овде треба да се има предвид уште една последица, која специфичната форма на организација на социјалистичкиот систем-фузијата на економскиот, политичкиот и културниот подсистем ја втиснува во процесот на трансформација: настанувачката елита (актери ) во почетниот период на преобразба не прави меѓусебно јасно разграничување меѓу групите. Групите и

поединците кои ги акумулираат ресурсите неопходни за втемелување на новиот систем доаѓаат од различни сфери: бивши припадници на номенклатурата кои го конвертираат порано акумулираниот политички капитал во економски и стануваат претприемачи; интелектуалците го конвертираат културниот и социјалниот капитал во политички и заземаат положба на партиски водачи; новите богаташи обезбедуваат директно политичко влијание итн. Конверзијата на различните форми на капитал во периодот на трансформација значи станува, изразито брза и се одвива во големи размери" (Lazić, 2000, 28).

Расправата за постсоцијалистичката трансформација се фокусира на „обликот на промените на елитата." Имено распадот на социјализмот во исто време значи распад на колективно-сопственичката класа. Поединците кои претходно акумулирале политички и социјален капитал, одиграле активна улога во делегитимирањето на системот а потоа станале дел од политичката елита конвертирајќи ја својата улога во контекстот на новонастанатите околности.

## Приватизацијата и структурните реформи во земјите во транзиција

Според Дитер Лош, анализата на периодот на преминот (транзицијата), може да биде анализиран низ следната шема. Прво, основните цели на трансформацијата во источно-европските социјалистички општества се содржани во премин кон пазарна економија, надминување на неправилното искористување на ресурсите и на факторите на производство предизвикани од изолацијата на светската економија и најпосле, целосна распределба на ресурсите со помош на пазарните механизми. Второ, главните задачи на трансформацијата се содр-

жани пред сè во формирање на нова правна и институционална, рамка временско прилагодување кон новиот правен систем и консолидирање на преструктуирирната економија, вклучувајќи ги социјалните мерки за одвраќање на негативните ефекти од трансформацијата (Генов, Н., 1994, 42. Loesch, D, 1992,10; Петкоски, М. 1994, 24). Содржината на економските промени се состои во макроекономската стабилизација, либерализацијата на цените и пазарите, реформата и реструктуирањето на претпријатијата, на што и најмногу е насочено нашето внимание, и најпосле на институционалните реформи (редефинирање на улогата на државата, социјална заштита, реформи на државните институции и слично).

Транзицијата, од командна во пазарна економија и плуралистичка демократија, според Козмински и Георге (Kozminski, A.K., & Georgie S.P., 2000, 6-7) е процес кој се одвива низ повеќе етапи и во секоја земја во транзиција има различна динамика, односно се најдува во различна фаза. Според авторите за земјите во транзиција можеме да идентификуваме пет фази.

* **Фаза на политички промени**. Во оваа фаза монополот на комунистите е уништен, политичките слободи се осигурени а етничките конфликти се во врска со демократските процеси.

* **Фаза на воведување на пазарна економија (рана фаза).** Во оваа фаза започнуваат да се применуват пазарните механизми, цените се вон контрола, бариерите кон приватните претпријатија не постојат, воведена е внатрешна конвертабилност на валутите.

* **Фаза на контрола врз инфлацијата.** Буџетските дефицити се контролирани и е воведена цврста буџетска потрошувачка.

* **Фаза на изградба на пазарни механизми.** Во оваа фаза, кога приватизацијата е скоро завршена, за-

почнува процесот на градење на пазарни институции и структури, се прават реформи на банкарскиот систем, владината администрација, финансиските пазари и сл.

* **Фаза на анти - рецесивни политики,** односно фаза на политика на одржлив развој, период кога започнува вистинскиот развој кон пазарно стопанство и плуралистичка демократија на одржливи стратегии.

Најголем дел од фазите не можат да започнат ако пред тоа не е реализирана претходната фаза. На пример, приватизацијата претпоставува солидни политички основи за да може успешно да се реализира, исто како што без реформирана администрација не е можна успешност на реформите воопшто. Некои земји длабоко навлегле во последните фази, како што е примерот со Унгарија, Полска, Чешка и Словенија. Некои други како Русија или Украина сеуште не можат да излезат од првите фази на транзиција, поради неочекуваната финансиска криза 1998 година,други пак како Бугарија и Романија се обидуваат да ја контролираат инфлацијата и да создадат што подобра клима за странски вложувања. За разлика од нив, поради низа околности, блокади и војни, СР Југославија скоро десетина години се обидува да воспостави некои од елементите карактеристични за земјите во транзиција.

**Приватизацијата на сопственоста.** Процесот на приватизација последните дваесетина години, поточно од почетокот на осумдесетите години на минатиот век, е светски феномен, кој започнува најпрво во Велика Британија, за да подоцна ги зафати и другите развиени земји, а од почетокот на деведесеттите, со пропаста на социјализмот започнува масовно да се применува во рамките на целината на промените кои се случија во овие земји.

Во постсоцијалистичките земји приватизацијата е обемен процес без преседан во човековата историја. Во однос на приватизацијата во развиените општества на

Запад се разликува по неколку суштински белези (Lavigne, M.,1994, 59-60).

Прво, приватизацијата во постсоцијалистичките општества се случува од ex nihilo. Станува збор за операција во општеството која радикално ја менува целокупната структура на општеството на економски, социјален и политички план. Втората разлика директно произлегува од првата: приватизацијата на Исток е активност без преседан во историјата. За првпат во историјата, 360 милиони луѓе преминуваат на полето на Пазарната економија, запознавајќи или повторно запознавајќи ги правилата на игра во приватните претпријатија. Третата разлика е содржана во брзината на трансформацијата на сопственоста на Исток. Сите земји се одлучија за брзи реформи. Четвртата разлика се однесува на природата на претпријатијата за приватизација. Имено, станува збор за големи претпријатија особено во Русија, во кои, без малку беа вработени сите способни за работа од регионот или местото на живеење. Со нивното преструктуирање (или приватизирање), практично не остана никој незасегнат. Петтата разлика произлегува од практичното непостоење на институциите на пазарната економија, како што се: берзата, конкуренцијата, финансискиот пазар и други институции и механизми познати и неопходни во земјите со пазарно стопанство. Шесто, начинот на кој беше изведена приватизацијата суштински многу се разликува од западните развиени општества. Колку е тоа значајно говори и фактот за не/прифаќањето на начинот како беше спроведена приватизацијата од страна на најголемиот дел на популацијата и нејзиното значење и влијание врз целината на реформите.

Во процесот на приватизацијата се тргна од убедувањето за значењето на приватната сопственост и за успешното функционирање на пазарната економија. Успешноста на економијата и функцинирањето на демо-

кратските институции единствено е можно во услови на доминација на приватната сопственост во однос на другите облици на сопственост. Во прилог на ставот дека приватизацијата е најзначајниот сегмент од реформите, претставниците на неокласичната економска школа го истакнуваат токму тоа, дека нема пазарна економија без доминација на приватната сопственост и тоа дека пазарот е тој кој ќе ги селектира најдобрите во конкуренцијата за подобар квалитет и поевтино производство. Не е можно да се оствари профитабилност на фирмите надвор од пазарните механизми.

Во првите години од транзицијата владееше голем оптимизам за успешноста во спроведувањето на економските реформи,особено за приватизацијата за која се сметаше дека на краток рок ќе покаже одлични резултати.

Дали е можно да се конструира теорија за приватизацијата? Во што е разликата меѓу приватизацијата во развиените и земјите во транзиција?

Кога започна процесот на масовна приватизација, пред десетина години во земјите од Југоисточна и Источна Европа, вклучително и Советскиот Сојуз, земјите од тие региони скоро и немаа литература во врска со прашањето за приватизацијата на државната сопственост. Исто така, тие не можеа да ги применат методите на приватизација на развиените земји барем од две причини (Major, I, 1998, 43).

Прво, иако Запад во почетокот на седумдесетите години на дваесеттиот век започна со бран на масовна приватизација, сепак тоа се случува само во одделни случаи а не како сеопфатен процес што би ги изменил основните правила и институции на западните пазарни економии. Напротив, приватизацијата спроведена во Источно-европските земји беше срж на економската трансформација. Целта беше, социјалистичкиот економ-

ски систем да се замени со радикално поинаков економски и политички систем, на пазарното стопанство.

Второ, не постоеше јасен став за тоа дали приватизацијата треба да биде во доменот на секојдневата политика или пак да биде во надлежност на институциите и на економскиот систем. Имено, беше јасно дека префрлувањето на сопственоста од државни во приватни раце е во исто време и политички процес, односо ќе предизвика и политички импликации. Сепак, авторот е на мислење дека нема одговор на прашањето, дали е остварлива една економска теорија за приватизацијата. Имено, приватизацијата не се состои само во продавање или отстапување на правото на контрола врз одделни компании кои преминуваат од државни во приватни раце. Приватизацијата практично значи редефинирање на економскиот систем на земјата.

Во оваа трансакција, која е единствена во човековата историја, според обемот и начинот како е изведена се поставува прашањето за улогата на државата во тие процеси. Имено, државата мора да ги формулира правилата на игра во процесот на приватизацијата. „Бидејќи централната власт и локалните власти се легални сопственици на неприватната сопственост, овие институции можат и треба да ги овластат приватните агенти или менаџери, тие да ги завршат индивидуалните приватизирачки трансакции. На тој начин државата ќе се воздржи, во економските трансакции да не ги меша нејзините неекономски интереси“ (Major, I. 1998). Менаџерите на државните претпријатија, поради фактот што ги поседуваат сите информации за фирмите, а се наоѓаат во процес на приватизација, нема да бидат заинтересирани да ги одстапат и со тоа и да го направат процесот успешен. Префрлувањето на државната сопственичка власт во рацете на економските агенти е единствен начин приватизацијата да се стави под контрола на економската рационалност. Но, приватизацијата ќе биде

водена од економска рационалност само доколку правилата на пренесувањето на сопственичките права и актуелните процедури на индивидуалните трансакции бидат повеќе транспарентни, предвидливи и компетитивни, а помалку дискрециони, смета Мајор.

Дали претпријатието кое се наоѓа во државна сопственост може да се продава како и секоја друга стока?

Обично, продажбата на претпријатието, кое се наоѓа во државна сопственост предизвикува сомневање за тоа како е тоа продадено. Имено, кога државата се појавува како продавач, таа ги избира купувачите, се пазари за некои услови кои немаат многу врска со пазарната економија. Таа се труди од идниот купувач да издејствува и некои специфични обврски, како што е на пример задржувањето на бројот на вработените и барање за вложување во нови технологии. Обврските на купувачот се само ветувања за иднината, за чие исполнување државата нема многу можности на располагање да го принуди купувачот да ги реализира. Исполнувањето на ветувањата дадени од купувачот ќе зависат од развиеноста на пазарната економија. Само стабилни и транспарентни сопственички права, добро вкоренети и солидни институции и добро етаблирани пазари важат за моќни средства со кои новиот сопственик би се спречил да не почне да ги „заобиколува правилата на економските закони на една земја".

Што всушност претставува продажбата на државната сопственост во земјите во транзиција, ако го прифатиме ставот дека државната сопственост не може да има пазарна цена бидејќи не може да постои пазар на капитал на кој што би можело да се направи објективна процена на вредноста. Суштината на одговорот на овие прашања, според Мајор е следната: ако не може да постои пазар кој би функционирал по правилата на понудата и побарувачката, тогаш не е возможна чиста економска

теорија на приватизацијата. Споре Мајор „приватизацијата е повеќе политички одошто економски процес што се одвива за време на трансформацијата на еден систем, но таа сепак не смее да им се подреди на принципите на економската реалност". Имено, приватизацијата во рамките на една економија како сеопфатен процес на промена на сопственоста, не може да се објасни со чисто економски категории: теоретската подлога на Источноевропската приватизација и нејзината економска трансформација може да се оформи од економски и политички принципи, земени заедно, во никој случај посебно. Рационалноста на приватизацијата може да се базира само врз економски принципи, кои можат да бидат применети само под претпоставка ако државата се откаже од нејзиното право да се меша во приватизирачките трансакции. Државата го задржува правото да ги изработи легалните регулативни рамки за имплементирање и непречено функционирање на приватно-сопственичките права. Секое активно мешање на државата во процесите на приватизацијата не ќе може да се спои со рационалноста на економските принципи.

*

Во почетокот на деведесетите години се издвоија две гледишта за начинот, брзината и редоследот на приватизацијата. Во однос на брзината едни беа за брза (и фронтална) приватизација а други за постепена, случај по случај, за секое претпријатие посебно. Во однос на редоследот оние кои беа за брза приватизација сметаа дека најпрво треба претпријатијата да се приватизираат а потоа да се изврши неопходната реструктурација а вторите обратно, прво да се ререструктурираат а потоа да се приватизираат, односно да се подготват за продажба.

Во продолжение на нашето излагање само накратко ќе укажеме на некои аспекти на процесот на приватизација во неколку земји во транзиција, кои сметаме дека се суштински да се разберат социјалните аспекти на целината на реформите. Секоја земја одделно разви методи за процесот на приватизација, но сите нив можеме да ги сведеме на два, и тоа: приватизација со продажба на претпријатието и приватизација преку ваучери. Секоја од овие постапки се правдаше со целите кои се сакаше да се постигне: масовна приватизација со масовна, брза и фер приватизација, и платената приватизација со обезбедување на средства за празните буџети, за социјалните програми и слично.

„Идејата дека приватизацијата може да помогне за балансирање на буџетот е опасен нон-сенс кога ќе се примени во земјите во транзиција. Дури и кога би се успеало да се наполни државната каса, приватизацијата би значела одлив на оскуден капитал од самиот приватен сектор кој беше замислен да се создаде со приватизацијата. Приватизацијата требаше да изврши трансфер кон приватниот сектор, а не обратно" (Privatization Project Project Syndicate, 1996, во Славески, Т. 1998, 99).

Целта на нашата анализа не се економските аспекти на приватизацијата, и колку едниот начин да има некава предност пред другиот, туку социјалните последици кои ги остави приватизцијата како чин на суштинска промена на сопственоста, за што ќе говориме во нашето излагање.

Основното прашање околу кое се водеше и се уште се води дискусија е прашањето за начините на приватизацијата. Во одделни периоди, во скоро сите земји во транзиција, тоа прашање беше експлоатирано во текот на изборите. Некои партии се определуваа за брза и масовна приватизација, а некои за платена привати-

зација. Македонскиот случај заслужува посебно внимание.

Искуствата со приватизацијата преку продажба на претпријатијата говорат за целосен неуспех, но и за големи малверзации во постапките при продажбата. На пример, во Полска во текот на 1991-1992 година биле продадени само десет претпријатија, во Бугарија пет. Во Албанија, до 1995 година пред преминот на масовна приватизација биле продадени само осум. „Треба да се истакне дека приватизацијата преку методот на продажба беше успешна во случајот на т.н. „мала приватизација" – приватизација на продавници, ресторани и други услужни претпријатија. Таа доведе до брзи и видливи резултати. Малата приватизација овозможи развој на семејните бизниси, кои одиграа значајна улога во релаксацијата на ресурсите и воведувањето на современи начини на работење, што претставуваше придонес кон вкупната економска ефикасност. На политички план оваа приватизација им обезбеди значителна поддршка на реформските политичари" (Славески , Т., 1998, 102).

Масовната приватизација беше применета во скоро сите земји во транзиција. Овој начин на приватизација главно се состои во бесплатна и масовна поделба на ваучери на населението во форма на вредносни хартии или нешто слично кои можат да се претворат во акции преку процес на аукции кои низ разни механизми на државата и пазарот требаше да создадат амбиент за подобра трансформација на економијата. Масовната приватизација главно беше водена од уверувањето дека ќе доведе до радикална реконструкција на економскиот систем, дека ќе се поттикне ентузијазмот кај населението за реформите и дека приватизацијата ќе се реализира многу брзо, а со тоа ќе се задржи впечатокот за легитимноста на целиот потфат и ќе се надмине сомневањето дека нешто незаконски се прави зад грбот на мнозинството.

Процесите на приватизација се разликуваат од една до друга земја во транзиција. Кога говориме за масовната приватизација, на пример, иако постапките се слични во сите земји, резултатите се разликуваат. Секако, тоа е резултат на многу околности кои доаѓаат до израз на економски, културен и социјален план, што доведува до скршнување на зацртаните цели, кои на подолг временски период предизвикуваат различни разултати. Во нашата анализа накратко ќе се задржиме на неколку искуства од процесите на приватизација во неколку земји. Нашата цел не е анализа на економскиот аспект, туку на социјалните последици кои ги предизвика приватизацијата.

Приватизацијата на сопственоста во Русија поминува низ неколку фази, од фазата на ваучери (1992-1994) и монетарната фаза 1995-1996 до процесот на постприватизација почнувајќи од 1996 година. Руската влада имајќи ги предвид искуствата на Чешка и Полска се определи за моделот на масовна приватизација, во услови на висока инфлација и економска неизвесност. Во тие околности, кога вредноста на претпријатијата се определува од неговата книговодствена вредност, целосно ги обезвреднува приходите од продажбата. Вработените и менаџерите при продажбата добиваат бенефицирани права и стануваат доминантни сопственици на фирмите. Резултат на тоа е големата дисперзија на сопственоста.

Во првата фаза - фазата на ваучери правата на сопственост во основа се пренесоа во рацете на инсајдерите (внатрешните акционери - акционерите на претпријатијата) кои значително не ја променија состојбата. Она што треба да се потенцира е фактот што малиот обем на акции во рацете на раководителите на фирмите, околу 10% (1999 до 15%), во однос на вработените, не укажува на вистинските права на раководителите. Имено, на вработените им се одземени нивните права, поради тоа што акциите се дисперзирани, додека паке-

тот на раководителите е значително концентриран. „Во Русија како и во некои други економии во транзиција, има уште две други причини. Прво, постојат мали можности вработените да ги продаваат сопствените акции (сеуште нема соодветни институции ) и второ, тие ги немаат сите информации за адаптабилноста на фирмата, што значи дека треба да се потпираат на раководителите, кои меѓу другото треба да им помогнат да не ги загубат своите работни места“ (Јевстгњејев, Р, 1999). Она што е карактеристика на приватизацијата од масовен тип, (истото се однесува и за приватизацијата преку продажба) е фактот што таа доведе до корупција на сите нивоа и до распространети криминални активности кај поголем дел од внатрешните акционери (стара и нова номенклатура и кај надворешните акцонери „новите руси”, како и кај некои странски инвеститори.

Филип Хансон (Hanson, P. H., 1997, 27-41) се прашува: Каков тип на капитализам се развива во Русија? Авторот говори за три очигледни слабости во новонастатиот руски капиталистички систем: слаб правосуден систем, слаба јавна администрација, несоодветна конкуренција и неразвиено пазарно стопанство. Русија може да се смета за капиталистичка земја, но не многу успешна. Потребно е да се помине уште многу за да се стигне до позицијата кога ќе може да се натпреварува со развиените економии. Русија сеуште (1997) се соочува со пад на производството, политичка нестабилност, висока стапка на криминал: накратко, руската трансформација е проблематична, па сепак не може да се каже дека Русија е една од најнеуспешните земји во транзиција. Она што Русија посебо ја издвојува од другите земји во транзиција се мафијашките структури на сите нивоа на развојот и обновата на моќта на старите структури кои настапуваат од егоистички интереси на сметка на развојот на општеството.

За тоа што претставува трансформацијата на сопственоста во Русија, на социјален и политички план, ќе говориме поопширно во продолжение на нашата анализа користејќи ги трудовите на руските социолози.

За Чешката приватизација владее мислењето дека станува збор за успешна приватизација, или преведено на јазикот на економистите значи: монетарна стабилност на Чешката економија, висок доход, прилив на странски инвестиции, ниска невработеност, а при тоа приватизацијата е извршена брзо, транспарентно и праведно.

Моделот на приватизација во Полска всушност претставува комбинација од повеќе постапки и во различни временси периоди. Полскиот закон за приватизација е донесен во јули 1990 година и тој предвидува три модели на приватизација, и тоа: модел на продажба, кој покажа многу лоши резултати, и големи трошоци, консултации, програми и слично направени при продажбата за консултации, програми и слично. Вториот модел предвидува продажба на мали и средни претпријатија, познат како псевдо-приватизација, каде имотот се пренесува или се дарува од страна на државата на вработените на претпријатијата. Третиот модел, е моделот на банкротство за претпријатијата за кои ќе се процени дека немаат перспектива. Во 1993 година Полска примени модел на масовна приватизација на начин кој значи пренос на државната сопственост на институционалните инвеститори, преку кои акциите би се поделиле на граѓаните на државата. Се основаа 15 финансиски посредници наречени Национални инвестициони фондови кои требаше да го земат управувањето со по 30 претпријатија. Целта на масовната приватизација во Полска беше да се максимизира праведноста и да се елиминираат можностите за загуби на граѓаните. Но, по три години се увиде дека практично нема што да се приватизира. Бројот и големината на претпријатијата што

требаше да се приватизираат толку се стесни што зборот „масовна" приватизација стана шега.

Прашањето за тоа кој концепт на приватизација ќе го сметаме за поуспешен зависи од многу фактори. Но, се чини дека полесното преминување од една фаза во друга, според Комински и Георге, претставува најобјективниот критериум. Со брзата и масовна приватизација, за многу кратко време и без поголеми трошоци практично сопственоста се трансформира што беше еден од условите за воспоставување на пазарни механизми што претставува повисока фаза во развојот, кој од своја страна претпоставува изградба на институционална рамка за реформите. Реформите кон пазарно стопанство кои се веќе длабоко навлезени, ги исправаат земјите пред „проблемите" од „втората" и „третата" генерација на прашања штом еднаш ќе се изврши трансферот на сопственоста од државниот кон приватниот сектор (Славевски, Т, 1998,117).

За практичното и успешно спроведување на приватизацијата во повеќе земји беа формирани инвестициони фондови. Со масовната приватизација сопственоста практично премина во рацете на многубројните акционери, кои некои од критичарите на овој начин на приватизација, ја нарекоа несопственоста судбината на претпријатието премина во рацете на инсајдерите. Инвестиционите фондови требаше да претставуваат механизми за концентрација на сопственоста.

# СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВО МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

## Социјалната структура во државите на благосостојба

Во анализата поаѓаме од претпоставката дека промените и процесите во земјите во транзиција на економски, социјален и политички план, по примерот на развиените земји, во иднина нужно ќе предизвикаат слични состојби и на планот на социјалната структура односно, квантитативна доминација на средните групации со мал процент на горните и долните слоеви на социјалната скала. Тоа значи дека процесот ќе започне да тече во насока на остра фрагментација, како што започна почетокот на транзицијата, со формирање на економски моќните елити и ќе продолжи во насока на квантитативно зголемување на средните слоеви во зависност од динамиката на економскиот развој и зголемувањето на стандардот на населението. Тоа од нас бара, барем накратко, да презентираме дел од сознанијата за социјалната структура на високо-развиените земји, што во голема мера треба да не ослободи од сомневањата дека сепак она што денес се случува во земјите во транзиција, и покрај големата класна и морална заостреност на феноменот на формирањето на новите елитни слоеви, постојат некои правила кои не може да ги избегне ниедно општество кое запливало во водите на пазарното стопанство. Ова подразбира дека, колку е една земја посиромашна, толку повеќе во односите меѓу луѓето се наметнува „моралноста и идеолошката димензија на нееднаквостите" и се осудуваат разликите меѓу богатството и сиромаштијата во рамките на еден заеднички социјален простор кои секогаш ќе бидат стигматизирани како „неоправдани, големи, неморални или криминални." Постсо-

цијалистичката трансформација за тоа дава многу поводи, не само поради фактот што луѓето долго време беа воспитувани во духот на егалитаризмот, туку и од секојдневното искуството на генерациите кои ги искусиле тие искуства. Се додека тие се живи ќе живеат и сеќавањата на „големата кражба”, на „богатењето на нечесен начин”, на луѓето по име и презиме за тоа што „нечесно” без труд го заработиле. Уште долго време ќе лебди убедувањето дека никој нема право да го приграбува она што го создавале генереции пред тоа. За тие и многу други прашања ќе стане збор во нашит труд. За прашањата за моралот, праведноста и економијата секогаш имало време и енергија да се расправа, без разлика дали станува збор за богато или сиромашно општество. Во сиромашните општества тие расправи често завршуваат во вителот на отворени класни борби, и тука Маркс е во право кога вели дека историјата е историја на класните борби, само станува збор за тоа каква форма тие ќе добијат. Признавањето на правото на постоење на приватната сопственост е основниот услов тие борби да бидат во рамките на цивилизациски дозволените методи, без насилство и во услови на почитување на правото на секој човек да ги реализира сопствените способности за подобар живот и со помош на институциите на државата да го брани достоинството на животот.

**Статус, моќ, богаство.** Врз основа на идеите на Вебер, теоретичарите разликуваат три димензии на социјалните систем на раслојување: богаство, престиж и моќ. Богатството во поширока смисла претставува поседување на капитал, и главно се однесува на поседување на пари, имот, акции, инвестиции и слично. Престижот се однесува на почитта, често и признанието, што го добива секој човек од другите членови на заедницата. Престижот е поврзан со социјалната позиција на личноста или нејзината професија. Моќта се однесува на можностите на влијание врз другите луѓе или улогата која ја има во рамките на институците на системот.

Субјективните мерила на социјалната положба се потпираат на сфаќањето на луѓето за нивната положба и положбата на другите во социјалниот систем. Тие мерила се непрецизни, бидејќи се базираат на факти кои се разликуваат од човек до човек. Терминот социо-економски статус се однесува на објективните мерила на социјалната положба. При објективното мерење на социо-економската положба, одредена комбинација на социјални и економски индикатори се употребува да ја процени позицијата на поединецот во системот на раслојување.

Социолозите користат објективни мерила за социо-екомскиот статус, употребувајќи комбинација од професијата, приходот и образованието. Од овие три индикатори, професијата се користи најчесто. Познавањето на професијата на човекот често може да биде показател за висината на приходот и нивото на образование.

**Американски класен систем.** Мнозинството Американци се чувствуват непријатно при секоја дискусија за социјалните класи. Тоа доаѓа од фактот, според американските социолози, што тие израснале со идејата за еднаквост и демократија. Социологот Пол Блумберг ја нарекува класата „американска забранета мисла". Еден, не мал дел од Американците, убедени се дека живеат во општество без класи. "Американската класна структура е систем кој е многу комплексен за проучување бидејќи линиите на разграничување се многу нејасни. Пол Фасел (P. Fussell, 1980) во својата книга за општествените класи во Америка констатира дека „американскиот систем е толку многу комплициран, што тешко може да се забележат нијансите на постојните разлики. Тоа доаѓа и од фактот што во Америка нема историски систем на наследено племство или титули. Сепак социолозите, за американското општество сметаат дека е составено најмалку од шест класи според показателите на професијата, приходите и образованието".

Општо земено, меѓу социолозите владее убедувањето дека горната класа (висока-висока) ја сочинува помалку од 1 отсто од населението. Оваа класа е формирана од семејства кои се богати, моќни, докажани и престижни. Истражувањата на оваа класа се ограничени бидејќи практично е „недофатлива" за истражувачите. Основно за оваа класа е тоа што, човек се раѓа во неа, наследува име и богаство што во голема мера ја прави слична со кастите. Припадниците на оваа класа се енормно богати, и се чини дека парите не се толку важни, колку што е престижот, кој доаѓа од припадноста на фамилијата, но кој се гради и преку процесот на социјализација, преку посебниот стил на живот, низ процесот на образованието, во елитни училишта и Универзитети, членството во клубови и слично.

Класата „ниска - висока", е веднаш до високата класа и според статистичките и социолошките истражувања е нешто побројна и достигнува најмногу до 2 отсто од населнието. Главно ја сочинуваат новозбогатени припадници, на кои најчесто им недостига по нешто а најчесто престиж.

Третата по ред класа претставува високата средна класа и неа ја сочинува популација од околу 15 отсто. Станува збор за професионалци со Универзитетска диплома. Пример за оваа класа се припадниците на професијата како што се адвокатите, банкарите, професорите, односно сите оние кои остваруваат релативно високи приходи. Според социологот Ротман, членовите на оваа класа имаат значителни социјални и економски извори што им овозможува многу повеќе пристап до моќта и влијанието, отколку на долната средна класа. Поради нивното образование, статусното рангирање и престижот, тие можат да зафатат позиции во училишните одбори, да бидат членови на јавни комисии и трговска комора и на тој начин да влијаат на државно и локално ниво. Животниот стил на припадниците на ова класа често е опишуван како „американски сон": конфорен, удо-

бно и скапо наместен дом, во најубавиот дел од градот, со ценети училишта во кои учат нивните деца, материјален успех и почит од другите во соседството и заедницата.

Ниската средна класа ја сочинуваат околу 1/3 од популацијата, формирана од работници, кои неможат да се мерат со високата средна класа. Во оваа група спаѓаат припадниците на малосопственичките бизниси, учителите, комерцијалните раководители, програмерите, помошниот перснал во институциите, медицинскиот персонал со средно образование и др. Животниот стил на оваа класа се формира во рамките на соседството и семејството, тие се со помало влијание од средната висока класа и секогаш тежнеат да ја достигнат нејзината положба.

Работничката класа ја сочинуваат околу 1/3 од вкупната популација во САД. Оваа класа е составена од работници кои главно се вклучени во индустријата. Секоја година во САД умираат околу 100 000 припадници од оваа класа поради лошите услови за работа или директно од несреќи при работа. Ендрју Левинсонн (1974) посочува дека американските работници често се соочуваат со сериозни несреќи при работа, дури и смртта им е рутинска реалност, за разлика од луѓето од повисоките класи кои ги немаат тие проблеми.

Последните неколку децении голем број од работните места кои ги заземаше работничката класа се укинуваат како резултат на автоматизацијата и компјутеризацијата во индустријата. Припадниците на оваа класа најчесто живеат во предградијата, ретко се вклучуваат во политиката. Нивните примања не им дозволуваат да го имаат истиот животен стандард како средната класа. Во една студија за работниците Томсон (Tomson, 1983) укажува на фактот дека мнозинството од работничката класа се фатени во замка, купуваат скапи предмети, што ги прави зависни од својата работа со

што им се намалуваат шансите да го продолжат школувањето или да побараат нова работа .

Во ниската класа влегуваат околу 15-20 отсто од популацијата на САД. Станува збор за класа со ниско образование и со низок животен стандард. Обично се поделени во две подкласи, работничка сиромаштија и подредена класа - долна класа.

Работничката сиромаштија, изнесува околу 10 отсто од Американците. Тука станува збор за работници со ниски стручни квалификации кои работаат на ниско платени и ниско сложени работни места (чувари, кујни помошнички и сл.). Се соочуваат со периодична невработеност и нивните примања често се под просечните примања во Америка.

Подредената долна класа, позната е и како сиромаштија и таа често е на лош глас. Припадниците на оваа група се без образование имаат мали примања а голем дел од нив зависат од „милостина" за да преживеат и се соочуваат со најсурови животни услови. Во својата студија Кен Аулета (Auletta, 1983) оваа класа ја поделил во четири групи, и тоа: пасивни сиромаси кои зависат од социјалната помош, непријателски сиромаси-улични криминалци, често истерани од училиште, зависници од дрога и тие што ги тероризираат другите во урбаните области, потоа енергични сиромаси кои егзистенцијата ја обезбедуваат низ ненасилни активнсоти - проституцијата на пример, и најпосле трауматизирани сиромаси, како што се скитниците, алхохоличарите и менталните болни, кои талкаат по улиците на американските градови.

## Транзиција, приватизација, олигархизација

## (од план до клан)

Процесите на трансферот на сопственоста оставија длабоки траги врз социјалното ткиво на општествата со неколку децениска традиција на изградба на социјалистичките односи кои се потпираа пред сè, врз колективната сопственост. Поради тоа, трансформацијата на сопственоста од колективна во приватна сопственост се смета за длабоко револуционерна појава, која навлегува во сите други сфери на социјалниот живот.

Причините за промените во стратификациските механизми во посткомунистичките општества се нераскинливо поврзани со институциите на пазарот (Victor Nee and Rebecca Mathews, 1996, 422). Прво, пазарната економија отвора можност за алтернативни мобилни канали што не се контролирани од државата, што на стопанствениците им овозможува да се стекнат со големо богатство и моќ отколку што тоа може да го стори административната елита. Второ, појавата на трудовите и производни пазари им овозможи на неземјоделските работници а донекаде и на земјоделците да си ги повлекуваат производите и услугите се додека не бидат во можност да постигнат подобри услови на размена и работни услови.

Нашата анализа е насочена кон неколку прашања кои сметаме дека се значајни за формирање на поцелосна претстава за промените во земјите во транзиција. Основната појдовна точка во анализата на општествата во транзиција не е поврзана само во сферата на промените на економските основи на системот од еден во друг, туку, пред сè, на социолошките претпоставки, кои главно се насочени кон промените кои ги предизвика воведувањето на пазарната економија во институционалните и социјални структури. Суштината на социолошкиот приод е

да се испитаат промените како општествена трансформација а не само како промена во економијата.

Распаѓањето на стариот систем на командна економија и еднопартиската политичка структура доведе до изчезнување на основите врз кои се формираше и одржуваше класата на колективни сопственици. Со чинот на одвојување на економијата и политиката или уште попрецизно губењето на управуавчките позиции на партијата на власт во сферата на економијата, настапи нов момент во процесот на акумулација на моќта, што предизвика прегрупирање на моќните групи/елити од претходниот систем. Започна интензивен трансфер на старата елита во заземањето на клучните позиции во новиот систем. Основата од која се формираат новите елити, се разбира, не е стеснета само на владеачките групи од претходниот систем. На површината испливаа и претставниците на најразличните групации, поединци кои заземаа значајни но и маргинални позиции во политиката, економијата и културата, или пак беа замешани во сивата или црната економија, новопечени бизнисмени кои лесно се поврзуваа со политичката елита во сојузи/блокови, се со цел целосно да завладеат со политичките и економските центри на државата.

Прво, промените во социјалната структура во насока на формирање на нови социјални групи со распаѓањето на средните слоеви, се формираа во услови на стариот систем и се регрутираа елитите во врвовите на власта.

Второ, во услови на трансфорамција на сопственоста, се промени структурата на моќта на владеачките групации.

Анализата на промените на социјалната структура на земјите во транзиција би требало да ја покаже сличноста во начините на формирање на владеачките елити, исполнувањето на нивната моќ во општеството,

начинот на стекнувањето на материјалното богаство, поврзаноста на новата со старата елита на моќ, поврзаноста меѓу елитите внатре во едно општество, начинот на трансформацијата на сопственоста и богатењето и многу други прашања за чиј одговор потребни се емпириски истражувања кои претпоставуваат многу истражувачка мудрост за да се добијат минимум објективни и непристрасни податоци. За некои земји такви сознанија постојат, но има земји каде нема ни елементарни истражувања од тој тип, како што е примерот со Македонија. За нив можеме да судиме само по аналогија и врз основа на изобилството информации во дневниот печат, кој е преполн со „приказни" за приватизацијата на голем дел од фирмите во Македонија. Практично, не постои фирма во Македонија за која не е напишана „приказна " за тоа како е приватизирана (под што најчесто се подразбира - „ограбена ").

Анализата на методите на приватизација нема да не доведе до суштината на феноменот на социјалната фрагментација и состојбите во кои се најдоа постсоцијалистичките општества: во сите општества без разлика на примената на методите, на масовна или платена приватизација, сите завршија со изразита поларизација на социјален план, што само по себе ги постави прашањата за оправданоста на разликите.

Економската суштина на прашањата на приватизацијата главно останува во рамките на прашањата за ефикасноста, рационалноста на производството, порастот на БДП, инвестициите. Ако имаме економски пораст значи, задоволени се критериумите на праведност, иако за еден не мал број економисти тоа не е сосема во ред. Но, во услови на голем екомомски застој, висок процент на невработеност и сиромаштија, прашањата добиваат друга димензија, особено во сферата на јавното мнение, кое само неколку години од реализацијата на реформите заседе изразито критички став и отворено сомнение

дека промените водат кон посакуваните цели за кои, освен некои начелни определби во духот на пазарната економија и плуралистичката демократија не беше начИсто што тие можат да донесат во блиска иднина за мнозинството од населението.

Социолошките анализи на процесите на транзиција, пред сè, на процесот на приватизација во однос на социјалната фрагментација, како и трансформацијата на старите елити на моќта и власта, започнаа веднаш по падот на комунизмот. Уште тогаш се постави едно од прашањата кое и денес претставува омилена тема за расправа а кое отприлика гласи: Што се случи со старата владеачка класа и кои се новите владеачки/ моќни елити, од каде се регрутираат и кои се нивните вредносни определби? Дали во тој контекст постојат некои заеднички карактеристики кои се својствени на секоја елита без ралика во која земја се формира? Што се случи со многубројните средни слосеви кои беа една од главните карактеристики на социјализмот? Пред да се обидеме да одговориме на тоа прашање, ќе претставиме дел од социолошките истражувања кои беа реализирани во неколку земји во транзиција, како што се Русија, Бугарија, Србија, Хрватска .

**Феноменот на руската олигархија.** Накратко, олигархија значи начин на владеење, каде целата власт е во рацете на мал број моќни луѓе. Во руската социологија овој термин почна да се употребува во почетокот на деведесетите години. Олигархијата се споменува како задолжителен учесник во сите политички настани во Русија од почетокот на реформите. Ако во почетокот се употребуваат термините како што се „демократска номенклатура" или „номенклатурен капитализам", кон крајот на деведесеттите тие зборови беа целосно заменети со зборовите „олигархиски капитализам". Но, и покрај тоа, за Зудин останува нејасно што е тоа олигархија". Како по правило, како олигархија се означува ма-

ла група раководители на најкрупни финансиски и производствени структури кои имаат тесни врски со власта. Понекогаш таа се претставува како „нов “ господар/газда на руската држава. Од други тоа мислење се оспорува и покрај тоа што се признава голем (а во последно време исклучиво висок) степен на политичка активност на руската бизнис-елита.” (Zudin, 1999). Во својата статија Зудин се обидува да одговори на прашањето за односите на бизнис елитата со политичката елита и нејзината контрола врз државата.

Во почетокот на транзицијата, доаѓа до издвојување на старата и новата елита кои подоцна за многу кратко време се зближуваат. Најзначајниот дел од бизнисот во државата се концентрира на еден многу тесен социјален круг луѓе. Одделните сегменти на власта и поврзаните со нив бирократски и политички елити почнале да се зближуваат со елитите на бизнисот. Мала група на бизнисмени и директори станува составен дел од управувачкиот слој.

Во што е суштината на конфликтот меѓу старата и новата елита? Со што се одликуваат интересите на старата а со што се одликуваат интересите на новата елита? Суштината на конфликтот е во стремежот на двете групи да се здобијат со доминатна позиција во општеството и државата. Имено, старите групи се стремат да ги задржат сопствените позиции здобиени во Советскиот период, новите се стремат да ги добијат во своја надлежност. Се чини, се е така „просто“ но во реалната тековна политика тој глобален конфликт на интересите добива многу специфична форма. За социолозите е уште поинтересно прашањето за значењето на судирот меѓу елитите, отколку глобалната политичка борба меѓу оние кои се за модернизација и оние кои се за задржување на старите форми на управување-традиционалистите? За Лепохин (Lepohin, 1999) одговорот на тоа прашање е содржан во фактот што само елитните групи

се организирани, тие имат свои политички институции, за разлика од „средната класа“ и мнозинството од населението кое тоа го немаат. Тие групи можат оперативно да дејствуваат кога ќе дојде во прашање нивниот интерес. За елитата многу поважни се прашањата за тоа на кого ќе припадне некоја профитабилна фирма, или каков ќе биде курсот на доларот, отколку прашањата од типот: каде се движи Русија!

Без сомнение, она што се нарекува приватизација во Русија, се јавува како законска распределба на сопственоста на номенклатурата, нешто како што сметаат руските социолози, што е започнато уште од времето на Хрушчов и Брежњев пред триесет - четириесет години.

Во август 1991 година, Парламентот на Русија го промовира новиот закон за приватизација на државните претпријатија кој е основа за Програмата за приватизација и кој е многу порадикален од претходниот. Практично, со тој закон се става крај на монополот на државата во економијата, но тоа не значеше дека државата и управувачката елита се откажуваат од нивните позиции. Ако така може да се каже, за прекинот во однос со економијата, анализата на социјалната позиција, пред и после транзицијата на социјалистичкиот систем, „ние инсистираме да се мисли многу повеќе на континуитет, мислејќи при тоа на прераспределба на доминантните позиции и позициите кои овозможуваат доминација во социјалниот простор на Русија: најголем број од бившите управувачи на индустриските претпријатија сега се на чело на приватизираните претпријатија и овој континуитет на позициите е најчесто придружуван од континуитетот во практиката и однесувањето “(Chmatko, N. Saint Martin de M. 1997,94)“.

Според една квантитативна анкета за мобилноста на елитите реализирани од Иван Зелењи и Триман (Szelenyi & Treiman J.D.) на примерок од повеќе земји во

транзиција се покажува дека во Полска, на пример, само 14 отсто од новата политичка елита заземала слични позиции пред 1989 година, а 49 отсто од економската елита беше на исти позиции во стариот режим. Слична состојба е забележана и во Бугарија. Според истражувањата на бугарските социолози, во Бугарија за последните 120 години се нема случено така голема концентрација на сопственоста во рацете на мал број на луѓе и за многу кратко време (Попов, М.К. Тодорова, Е. 1997, 79).

Бизнис-елитата се одликува со низа особености. Пред сè, таа е со низок степен на внатрешна консолидација. За нив важи правилото, „слаба организација - висока ефективност". Влијанието врз власта се врши, не преку официјалниот систем на претставништва, туку преку неформални канали. За разлика од другите групи за притисок кои делуваат однадвор врз владеачките структури, бизнис елитата е „внатрешно лоби" кое се јавува како составен дел на управувачките структури или се интегрирало во нив. Таа е составен дел на новиот естаблишмент Самостојно таа е неспособна да претендира за власт.

Бизнис елитата или олигархијата како што ја нарекуваат руските социолози, се појавува оној момент кога во руската држава се јавува потреба од проширување на политичката база вклучувајќи ја поддршката од новороденото руско претприемништво. Имено, распаѓањето на социјализмот и појавата на институционален и правен вакум го стимулира развојот на примитивни облици и видови на односи, кои се својствени на традиционалното отколку на модерното општство. Патронатството и клиентилизмот станаа доминатни форми на управување.

За време на изборната кампања новата економска елита воспостави директна врска со високото политичко раководство на земјата, а по изборите нејзините претставници беа вклучени во високите редови на политичката власт. Само кратко време по таа тесна врска до-

аѓа до отворени судири што доведе до распаѓање на олигархискиот систем во големата финансиска криза 1998 година. Според мислењето на Кочеврин, познат експерт за феноменот на руската олигархија, поранешната олигархија никогаш нема да го заземе местото кое го заземаше до август 1998 година. Сепак, не значи дека феноменот како таков трајно изгубил од актуелност. Олигархијата зема значајно место на регионално ниво. Новата економска елита и новата регионална елита се зацврстија во власта по изборите на локално ниво 1996-1997 година.

Највлијателната група во општеството-раководителите, ја „красат " следните карактеристики: позитивен однос кон режимот (за лична власт), намалување на социјалните гаранции за обичните луѓе, поддршка на елитата, неоправдано зголемување на платите на државната администрација, патолошка страст за раскош.

На прашањето: Кој владее во Русија, не е лесно да се одговори. „Кај нас (во Русија) има други причини кои го отежнуваат одговорот на ова прашање. Субјектот на власта како прво не е концентриран туку е раситнет што е поврзано со губење на правната способност на власта и како второ, одвнатре е начнат и матен за граѓаните. Ситуацијата се заострува уште и од надмоќноста на вон иститусионалните форми во взаемните одности во власта и елитите. Таа ситуација ги прави државните структури невидливи за граѓаните и раѓа сомнение за нивната легитимност" (Зудин, 1999).

Лепохин (Лепохин, В.А.1999) ја објаснува структурата на новата владеачка класа во Русија. Во периодот од 1987 до 1995 година старите ресорни групи заземаа доминатна положба во економијата и политиката. „Кога есента 1995 година поголемиот дел од финансиските ресурси успешно се префрли во комерцијалните банки, кога фактички се смали кредитната моќ почна да се развива фондовскиот пазар (пазарот на акции). Кога во пого-

лемите претпријатија во најперспективните гранки дојде до спојување на финансискиот и индустрискиот капитал, во целост се направи баланс на силите меѓу тие две основни макро групи" смета Лепохин.

Без сомнение, олигархијата за руските социолози претставува антипод на демократијата и за неа периодот од 1990-2000 година беше период на доминација, и тие ја нарекуваа „специфична со административен или административен политички тип, доколку власта припаѓаше на групата наречена висока номенклатура." Имено, ако олигархијата ги прекршува човековите права, ја ограничува слободата на печатот и овластувања на институциите на преставничката власт, манипулира со изборите, ги следи оние кои имаат поинакво мислење и се потпира врз структурите на сили и фискални методи тогаш станува збор за авторитарна олигархија. Но, сепак, во Русија, таа е со елементи на демократија.

Во првата етапа од приватизацијата 95 отсто од населението во Русија се здоби со ваучери, но во исто време спласна убедувањето дека приватизацијата спроведена на тој начин значи и поголема праведност. Според едно анкетно истражување (реализирано во континуитет од три години), значајно се зголемува бројот на оние кои се убедени дека приватизацијата претставува „разграбување на народниот имот". Во 1994 година како што покажува анкетата, скоро 2/3 од испитаниците се убедени во тоа, што е двојно повеќе од 1992 година. Постои тесна врска меѓу убеденоста дека приватизацијата е „кражба" и адаптација на поединците во услови на новиот систем. Имено, околу 80 отсто од оние кои се адаптирале на новата ситуација се однесуваат позитивно кон приватизацијата. Потоа, процентот е значително повисок кај раководителите кои имаат позитивен став кон приватизацијата. Во однос на стандардот на живеење регистрирани се интересни сознанија: повеќе од половина од испитаниците во 1994 година почнале полошо да се

хранат во однос на минатата година, а скоро 2/3 од нив престанале да купуваат работи од подолготраен карактер како и облека.

Интересни се сознанијата за не/пожелноста на доминантниот сопственик на претпријатието: дали тоа да биде работниот колектив, крупен (капиталист) сопственик или странска фирма. Ориентацијата кон „социјализам“ - работниците сакаат како сопственик да го видат колективот (близу 40 отсто од анкетираните), тие себеси се доживуваат како ситни акционери со мало или никакво влијание врз управувањето со претпријатието (Кива, А. В.1999).

Во една анкета спроведена кон крајот на 1996 година се покажа дека луѓето се сè помалку оптимисти за сопствената иднина. Една година подоцна, анкетното истражување само го зацврсти ставот на русите дека државата не се движи во посакуваната насока, односно повеќе од половина од испитаниците сметаа дека таа оди во погрешна насока. „Заради општото незадоволство од satus quo ситуацијата, многумина заклучија дека сите обиди за воведување на демократија всушност не значат многу. Според овие аналитичари, воведувањето на изборите не внесува некои значајни промени во руската политика, туку напротив е олицетворение на старата” (McFaul, M.1998, 192).

Прашањето кое го поставуваат аналитичарите на руската ситуација се однесува на дивергенцијата меѓу очигледните политички достигања на демократијата и недостигот од прогрес. Суштината на одговорот се наоѓа во природата на руската држава, која не ги застапува интересите на општеството како целина туку, интересите на длабоко вкоренетата руска капиталистичка класа. На некој начин државата стана приватизирана од страна на новобогаташите и таа повеќе ги штити интересите на своите нови сопственици отколку интересите на опште-

ството во целина. Овој однос меѓу првобитните профитери од парцијалните реформи и државата го одложува целосното спроведување на реформите, го попречува економскиот развој и го пролонгира болниот период на транзиција во недоглед. Во случајот на „приватизираната" држава да дејствува или служи првенствено мала група составена од бизнис елитата, сместена во Москва, без работниците и без неформалната контрола меѓу државата и клучните социјални асоцијации. Институциите на плуралистичката демократија за посредување на интересите се слаби, интересните масовни групи се маргинални а институциите кои би можеле да помогнат да се корелира оваа нерамнотежа - како што се силниот парламент и ефикасен партиски систем или независно судство, не постојат. Во Русија изборите се едноставно средство на општеството да влијаат на државата. Накратко, таа стана „изборна демократија" но не и „либерална демократија". Не само во Русија, туку и во сите земји во транзиција, во периодот на изборите се стекнува впечатокот дека за народот се води грижа, но, оној момент кога тие ќе завршат настапува сосема нов сет на приоритети кои главно се врзуваат за големите бизниси.

Во почетокот на 1999 во Русија беше спроведена анкета во која од граѓаните се бараше меѓу другото да одговорат и на прашања кои директно се однесуваа на карактеристиките на власта и да ја компарираат со власта од времето на социјализмот. На прво место, актуелната власт во Русија според испитаниците, ја контролираат криминалните и корумпирани структури заедно со банкарите и финансиерите за што се изјасниле скоро 80 отсто од испитаниците. Власта е криминална и корумпирана, оддалечена од народот, недоследна слаба и бирократска а за советската власт трите најмногу наведени карактеристики се: блиска до народот, законска, бирократска и силна. На прашањето: Кои се тие олигарси, на 2/3 од испитаниците им било тешко да ги идентификуваат, а другите ги навеле по име и презиме. Тие најчесто олигар-

хијата ја поврзуваат со „парите” со „симбиозата на власта и капиталот” или ги изедначуваат власта и олигархијата.

На прашањето: Каде се движи Русија и во која насока ќе продолжат реформите, мнозинството од социолозите се скептични во одговорот дека реформите ќе тргнат кон демократизација. Зудин формулира три сценарија, меѓу кои во сценариото за демократската консолидација, покрај државниот капитализам (бирократска консолидација) и олигархиската консолидација малкумина веруваат. Политичката формула за „демократската консолидација” е силна власт, автономни елити, ослободување од егоизмот на елитите и продолжување на трансформацијата на општеството во насока на пазарната економија и плуралистичката демократија.

**Популистички и корумпиран плурализам.** Во секоја земја во транзиција може да се забележи по нешто кое е карактеристика за нејзиниот развој, што не може да се сретне на друго место или тоа не е толку типично за нејзиниот развој. Некои од земјите во транзиција, Хрватска, Босна и Херцеговина, како и Македонија се соочија со воени конфликти, и истите во голема мера влијаеја врз текот на промените.

Дали за десетина години од почетокот на реформите можеме да говориме за некои заеднички карактеристики за земјите во транзиција и да идентификуваме некои појави кои се својствени за сите нив без разлика на успешноста на реформите и степенот на развиеност е прашање кое заслужува внимание, барем од неколку причини: Прво, сите земји во транзиција тргнаа во промените од слични и скоро заеднички претпоставки и цели: пазарна економија и плуралистичка демократија; Второ, ниедна од нив не се врати на основите на поранешниот систем и трето, како што покажуваат истражувањата во досегашната практика на реализација на реформите се појавија многу сличности на планот на социјал-

ното раслојување, формирањето на системот на вредности и друго. Во сите земји во транзиција се чувствуваат демократските процеси проследени со големи проблеми во сферата на економскиот развој. Имено, прашањето за односот на демократијата и економијата во земјите во транзиција во почетниот период е интересно прашање од аспект на продолжување на реформите: дали економските проблеми ќе ги потиснат демократските процеси и усмерат во погрешна насока.

Формално, за сите земји во транзиција може да се каже дека се демократски и плуралистички: слободни избори, тајно гласање, демократизација на медиумите, приватна сопственост, загарантирани слободи и права на луѓето и слично. Со еден збор, демократија разбрана како систем кој се базира врз начелата на политички избор и општествена толеранција, со институционална заштита на правна, политичка и општествена еднаквост на сите граѓани. Ако судиме врз основа на овие определби за демократијата и плурализмот, тогаш сите поранешни социјалистички земји се наоѓаат во транзиција од еден систем со колективна сопственост и еднопартиска демократија кон друг, со приватна сопственост и плурализам.

Во продолжение на нашата анализа, потпирајќи се на резултатите од повеќе истражувања на социјалната релност во сферата на формирањето на социјалните групи и концентрација на центрите на моќта во новите услови, ќе се обидеме, врз примерот на неколку земји, покрај Русија, да претставиме дел од сложената стварност.

**Случајот на Хрватска.** Можеби Хрватска не е типичен пример за земјите во транзиција поради фактот што оваа држава беше во војна неколку години. Сепак, ако ја споредиме со некои други земји, барем што се однесува на последиците од процесите на трансформа-

ција на сопственоста, таа многу не се разликува од другите земји како што се Бугарија, Македонија или Србија. Според Памет (Pamet, S.R. 1998) хрватското општество е демократско и плуралистичко, но сеуште нема „цврсто втемелен систем на демократски начела", односно владеење на законот. Сеуште Хрватска не влегла во фаза на „демократска консолидација" (Ilišin, V,. 1998, 33). За Жупанов, познат хрватски социолог, структурата и меѓусебните односи на општествената елита останале битно непроменети: старата политичка елита или политичка класа ја заменила новата која е слична на старата, по начинот на нејзиното формирање, репродукција и внатрешно функционирање. Станува збор за идеолошка преобразба и персонални промени. Во општеството по деведесетите години настапува процес на пауперизација и декласирање на средните слоеви. Според Жупанов, во хрватското општество се случува процес на „либералистичка полумодернизација", една мешавина од патријархални и либерални вредносни ориентации. Сеуште либерализмот не се зацврстил во Хрватското општество (1998), и тоа дека подеднакво се присутни и „материјалистичките" и „постматеријалистичките" вредности (Cifrić, I., 1998, 67). За политичкиот систем на Хрватска може да се каже дека и тој е плуралистички, ориентиран, системот не е цврсто втемелен врз демократските (врз закон) засновани начела. „Корупцијата во хрватскиот политички систем се манифестира низ елементите на непотизам, фаворизирање на луѓето од владеачката странка, ограничување, но не и уништување на слободата на медиумите (Pamet, 1998, 6).

**Србија во трансформациските процеси.** Србија, слично како и Хрватска не може да биде типичен пример за земја со неуспешна транзиција, барем до почетокот на 2000 година. За Србија и Русија може да се констатираат некои сличности „трансформационо-дегенеративните процеси: лична власт, парламентарна фасада, испрепле-

теност на државата и криминалот, криминализација на економијата" (Lazić, M,. 2000, 1998, 1994). Србија е пример за тоа „како владеачката колективно-сопственичка класа формирана во социјализмот успешно се трансформирала и адаптирала во услови на блокирана трансформација." На тој начин оваа групација го трансформирала својот поранешен монопол во економска и политичка доминација, која овозможува долготрајни и поради тоа успешно конвертирање на старите форми на концентрирани ресурси во нови, прилагодени на новоформираниот тип на општествено уредување" (Lazić, 2000, 33). Истражувањата на социјалната мобилност во српското општество покажуваат дека регрутацијата во редовите на новите претприемачи доаѓа од редовите на некогашната владеачка елита. Логиката на регрутација според Лазиќ изгледа отприлика вака: Во првиот бран на конституирање на новата елита, најголема шанса имале и ја искористиле поединците кои порано ги акумулирале ресурсите. Бидејќи процесот продолжува и се шири, шанси добиваат и другите, што доведува до разредување на поранешната елита, но тоа не ја поништува веќе извршената конверзија која е успешно изведена.

Успехот на постојната владеачка групација да опстојува на доминантната општествена положба во југословенското општество, се потпира врз неколку фактори. Пред сè, и во периодот на поранешниот систем каде постоеше апсолутна контрола врз сите сегменти на социјалниот и политичкиот живот, таа се користеше со еластични обрасци на владеење. Во новиот систем таа формира успешни механизми на прилагодување на променетите услови. „Адаптабилноста на припадниците на владеачките слоеви се покажува и во тоа што во услови на започнати системски промени, повеќе од нив настојуваат да ја „модернизираат" основата на сопствената општествена положба иако како група се обидува да ја сочува што пошироко контролата на државата над економијата

како поединци се преместуваат во приватно-сопственичкиот сектор" (Lazić, M. 1998, 73).

## Социјалната структура на општествата во транзиција

Со распадот на социјализмот се променија односите на сопственоста и власта. На општествената сцена се појавија нови социјални групи, најголем дел од широките народни маси се маргинализираа и започна процес на осиромашување кој во некои земји трае во континуитет од почетокот на транзицијата.

Основниот критериум за општествениот статус на социјалните групи, според Заславскаја, претставува политичкиот, економскиот и социо-културниот потенцијал и социјалниот престиж. Политичкиот потенцијал е содржан во обемот и степенот на управувачките функции, економскиот се изразува во обемот на сопственоста, приходите, стандардот на живеење, а социо-културниот го сочинува степенот на образованието, квалификацијата, стручноста, посебноста на начинот на живеење и слично.

Решавачка улога во формирањето на социјалната структура, односно важен индикатор во класификацијата на социјалните групи, во поранешниот социјалистички систем имал политичкиот потенцијал кој ја определувал општествената полжба на групите во партиско-државната хиерархија. Местото на поединците и групите во системот на власта и управувањето се определува, не само од обемот на одредени права или од степенот на прифатеноста на некои решенија, туку и од кругот на општествените врски и од степенот на неформалните можности.

Во радикално променети услови, кога ослабува моќта на државата, кога се случува брза промена на партиите кои се наоѓаат на чело на власта, и се манифести-

ра голема нестабилност на политичкиот систем, управувачкиот слој формиран врз принципите на номенклатурата се најде во „состојба на полураспаѓање", со сочувани основи, но со разрушен механизам за обнова. „На прв поглед се чини дека поранешната номенклатура ја нема и дека таа изчезнува и се трансформира во други слоеви. Но, во стварноста таа се задржува", констатира Заславскаја (Заславскаја, 1997). Најголемиот дел од квази-номенклатурните должности ги заземаа луѓето од поранешниот политички систем, кои ги реализираа моделите на советскиот систем.

Руското општество го формираат четири социјални слоеви: горен, среден, основен (базичен) и долен. Горниот слој претставува раководната елита, која настапува како основен субјект на реформата, нејзините претставници ги заземааат највисоките позиции во системите на државната управа и економската структура.

Вториот, средниот слој, иако мал по број, кој може да послужи како гаранција за социјална стабилност, сепак претставува социјална потпора и главна движечка сила на реформите што се реализираат во Русија.

Основниот (базичен) слој опфаќа скоро 2/3 од руското општество. Основните настојувања на овој слој се насочени, не на менување на стварноста во согласност со сопствените интереси туку кон адаптацијата како резултат на иницијативата на другите, често предизвикани од начините за преживување. Иако социјлниот статус, менталитетот, интересите и однесувањето на овие групи е различен, нивната улога во процесот на трансформацијата е многу слична.

И најпосле, долниот (нижиот) слој, кој го формираат претставниците на различните групи од општеството, се жртви на реформите, тие тешко се прилагодуваат на новонастанатата ситуација, немаат постојана работа, или пак се невработени. Кога би се обиделе емпириски да го

дефинираме овој слој, тогаш за нив е карактеристичен низок личен и семеен доход, ниското образование и најчесто без квалификации. „Динамиката, бројноста и составот на нижиот слој може да служи како важен индикатор на социјалните резултати со реформите".

Во општеството егзистира уште една социјална група која ја формираат пратставници на „социјалното дно" кои се исклучени од институциите на системот. Имено, станува збор за криминални и полукриминални структури, трговци на дрога, изманици од секаков вид, рекетари, скитници, проститутки и слично.

Пазарните реформи предизвикаа масовно осиромашување на населението, и доведоа до значајно зголемување на нискиот слој кој го формираа „чесните сиромаси" во претходниот систем, за потоа, со порастот на криминалот еден дел да се приклучи кон групата на припадниците на социјалното дно.

Според истражувањата на Заславскаја, најголем дел од населението во Русија го сочинува основниот (базичен) слој со околу 70 отсто, потоа следи средниот слој со околу 1/4, високиот со 1 отсто и нискиот со 7-8 отсто од населението, за разлика од развиените земји во Западна Европа и САД, каде средниот слој претставува најголем дел од населението. Средниот слој во развиените општества претставува стабилизитор на општеството. Најголем дел од Русите припаѓа кон слабо диференцираниот базичен слој на општеството. Содржината на нивниот труд во основа е соодветен на индустрискиот степен на развој на општеството. Во горниот слој влегуваат луѓе на приватните претпријатија и фирми, кои ги држат клучните места и ги определуваат главните насоки на бизнисот.

Средниот слој го сочинуваат луѓе кои раководат со сопствените фирми или се занимаваат со индивидуален бизнис, потоа, еден дел покрај сопствениот бизнис,

работаат во државни или приватни фирми а скоро 1/4 го сочинуваат директори и менаџери на претпријатија, установи со кои раководат.

Русија преживува радикални реформи, епоха на форсирани целосни промени, од една квалитетна состојба, во друга. Како што покажуваат истражувањата, во првите години од реформските зафати (1992 - 1993) бројот на луѓето кои ги прифатиле новите услови расте, потоа се стабилизира, а во последно време почна да опаѓа, што сведочи за исцрпувањето на условите за адаптација во новонастанатите услови. Во 1993 година, процентот на популацијата која е убедена дека „работите во Русија одат во вистинска насока изнесува 3/4. Во 1997, еден позитивен одговор доаѓа на пет негативни. Ситуацијата на почетокот на 2000 година суштински не е променета.

## НЕЕДНАКВОСТ, ПРАВДА, СИРОМАШТИЈА

## (искуствата од земјите во транзиција)

Само неколку години од падот на социјализмот во скоро сите земји кои тргнаа во насока на радикални промени на политичкиот, економскиот и социјалниот систем, кај најголем дел од луѓето се појави разбирлива сомнителност и огромна социјална дезорганизација. Каде водат реформите и која е цената која треба да се плати за да се фати „приклучок" кон развиениот свет, беа најмногу поставувани прашања првите неколку години.

Социолошките расправи за процесите на демократската консолидација, како состојба која генерира повисок степен на стабилност, економски просперитет и демократија, започнаа веднаш по падот на социјализмот, кога започна да функционира новиот правно - политички и економски систем, и кога започна формирањето на новите институции.

Прашањата кои нужно се наметнаа во почетокот на транзицијата а кои во себе ја содржат социолошката смисла и значење се однесуваа, не за тоа како системот е поставен во една правно - нормативна димензија, туку, во која мера тој ги мобилизира луѓето во насока на усвојување на новите правила, пред сè, поврзани со економијата и политиката, односно колку луѓето себеси се доживуваат во рамките на новиот систем како субјекти во креирањето на основните идеи на демократијата, како што се идејата за еднаквост и рамноправност, идејата за слобода и вредност на идивидуата, идејата за правото и правната држава. Уште од самиот почеток расправата за демократската консолидација е длабоко вкоренета во скоро сите расправи за можностите за изградба на системот на пазарното стопанство и плуралистичка демо-

кратија, во кои се вградени основите на граѓанското општество.

Нема сомнение дека земјите од Источна и Југоисточна Европа, по деведесетите години се соочија со три задачи: демократизација, пазарни реформи и социјална сигурност. Демократизацијата и нејзината консолидација се само еден сегмент од целината на реформите кој може да се смета за многу значаен.

Според Цилковски (Ziolkowski, M, 1998, 117), процесите на демократизација и демократска консолидација се можни како резултат на два типа на фактори. Првиот тип претпоставува економски и социјални услови кои се детерминистички, и е вклучен и политичкиот институцинален простор од стариот систем. Вториот тип се „волунтаристички" фактори во кои се вклучени природата на политичките процеси, функционирањето на новите политички институции, договорите меѓу политичките елити, односно, кусо кажано, развојот на демократијата зависи од политичката вештина на владеењето. Таа се доживува како креација на субјектите на полити ката.

Дали развојот на демократијата ќе го посматраме како резултат на првите детерминистички или вторите волунтаристички фактри, за авторите како што се Шин (D.S. Shin,), нагласката треба да се стави врз „стратегиските интеракции и договори меѓу политичките елити, совесен избор на различните типови на демократски, изборен и партиски систем". Но, тие фактори не би требало да бидат одвоени од социо-економските фактори во кои влегуваат „детерминистичките фактори". За Цилковски оваа дилема е содржана во следното: дали и како демократскиот политички систем и неговите институции се во можност да ги разрешат основните структурни проблеми и конфликти меѓу краткотрајните интереси и доминатните социо-економски вредности на многубројните социјални групи од една и економските политики на рефор-

мираните елити кои се обединети за да го воведат општеството во капитализам со „демократски дизајн", од друга страна, како што на едно место ќе напише Клаус Офе.

Периодот на „меден месец", како што некои го нарекоа почетокот на транзицијата, заврши за многу кратко време, со голем пад на животниот стандард и големи социјални трошоци кои ќе мора да се плаќаат долго. Уште на почетокот се појави една, во основа контроверзна и по многу нешта недоволно јасна ситуација, како да се преживее падот на животниот стандард, производството, порастот на невработеноста и наглиот пад на моќта на државата, во услови кога имаме недоволно издиференцирани групи кои би ја имале улогата на носители на новите промени или „субјекти на промените"? Уште на почетокот остана отворено прашањето, како да се остане на патот на промените во ситуација кога луѓето нагло ги напушта трпението и надежта дека тие водат во подобрување на општата состојба и дека тие се можни во „позитивна насока"?

Трансформацијата на источно-европските земји, за разлика на пример од трансформацијата во Латино-американските држави, беше поврзана со голема диференцијација на заработувачката. Освен тоа се појави двоен начин на заработувачка. Од една страна и натаму остана буџетското финансирање на многу дејности поврзани со јавниот сектор, а од друга страна, што беше логично, во духот на промените се појави новиот начин на Пазарна заработувачка. Само неколку години од почетокот на промените, кај голем дел од населението поради ваквиот начин на дистрибуција на приходите се создаде голема негативна реакција, што ги поништи почетните позитивни промени особено, на психолошки план, како безрезервна подготвеност за промени во духот на пазарната економија. Поголемиот дел од луѓето беа погодени од застојот во економијата, губењето на работни места и

падот на стандардот. Малкумина ги почувствуваа благодетите на преминот од еден во друг систем.

Дали демократријата ќе ја разбереме како систем кој постојано генерира несигурност, што може да се претпостави од досегашното искуство на голем дел од земјите во транзиција? Еднопартиската демократрија и командна економија само ги одложуваа проблемите, но не ги решаваа. Особено проблемите кои произлегуваа од доменот на националните односи и проблеми. „Трансферот" на комунистичката идеологија во националистичка во некои земји беше изведен транспарентно, за разлика од приватизацијата на капиталот која владеачките групи од стариот систем ја изведоа со помош на законите кои најчесто ги наметнува низ „демократска" процедура.

Најкратка дефиниција за демократија е дека таа претставува состојба/процес да се промени владата со демократски средства, на избори. Со други зборови, демократијата е воспоставена оној момент кога луѓето ќе поверуваат дека е можна смена на власта без да се употреби сила. Тоа се однесува и за задржувањето на власт, во ситуации кога оние кои се на власт прават сѐ само да го продолжат времето на владеење. „Употребата на сила" не мора секогаш да е поврзано со крвопролевање. Македонија во тој поглед заслужува посебно внимание. Праксата на партиско кадровски промени во институциите на државата е еден од „меките" но ефикасни начини на зацврстување на партијата на власт при тоа занемарувајќи ги сите други критериуми. Еден од важните критериуми за зацврстување на демократијата е начинот на регрутација на елитата. Во македонскиот случај, од почетокот на транзицијата партиската припадност се зема за најсилен аргумент за промоција, не само во управувачките структури на државата туку и во вработувањето.

„Новите-стари” елити уште на почетокот на промените се појавија во улога на креатори на „правилата на игра”. „Играчите” и „судиите” во суштина се едни исти луѓе, кои се раководат според сопствените интереси. Владините агенции, особено оние кои директно го водеа процесот на приватизација беа под силно влијание на членовите на старата елита која за кратко време се трансформира во нова менаџерска елита со пазарна ориентација. Фактот што „дизајнирањето” на новиот систем остана во рацете на моќната бирократија, во ситуација на отсуство на јасни правила (закони пред сé) на однесување и даде реални шанси, не само да го задржи влијанието во креирањето на новиот систем туку и да ја зацврсти сопствената позиција во сферата на економијата приграбувајќи го најголемиот дел од општествениот капитал, кој беше подложен на приватизација.

Во ситуација во која едно одбрано малцинство, кое и натаму продолжува да се одвојува според материјалното богаство, политичката моќ и привилегии, се поставува прашањето за иднината на демократијата. Се напушти ставот дека демократијата е еден од важните услови за постигање на економските и политичките цели. Социолошките истражувања како што ќе видиме подоцна, ќе покажат радикални промени на разбирањето на демократијата во однос на економијата и распределбата на приходите, остварувањето на слободата и просперитетот на општеството.

Прашањето за нееднаквоста во земјите во транзиција се постави уште на почетокот, кога започна и трансферот на сопственоста од општествена/ државна во приватна. Само за неколку години најголемиот дел од фирмите беа во приватна сопственост, без разлика дали станува збор за приватизација со помош на ваучери или на некој друг начин. Истото се случи и со другиот имот на државата. Тоа во голема мера битно влијаеше врз зголемувањето на нееднавоста

Истражувањата на руското општество говорат за висок степен на нееднаквост која се појавува уште во првите години на транзициата. (Commander, S, Tolstopiatenko A, Yemtsov, R. 1999, Aghion, Ph., Commander, S., 1999). Имено, се покажа дека нееднаквоста е многу зголемена во транзиционите економии, што може да се спореди со економиите во земјите на Латинска Америка.

Основни фактори кои суштински придонесуваат за зголемувањето на нееднаквоста, покрај приватизацијата се макроекономската нестабилност и либерализацијата на цените, намалување на платите и појавата на висок процент на невработеност, промените во структурата на јавната потрошувачка и социјалните трансфери, реформите во даночниот систем и либерализација на трговијата. Она што е важно да се нагласи а произлегува од истражувањата во земјите на Источна Европа е сознанието дека нееднаквоста се зголемува, односно таа е повисока на почетокот на транзицијата. „Приватизацијата на фирмите и на становите се одвиваше многу брзо во овој период и остави последици кои уште долго ќе бидат присутни како резултат на дистрибуцијата. Дури и ако приватизцијата не ја земеме за сериозен фактор, другите фактори, вклучително и промените на нивото на композицијата на владината потрошувачка, промените во структурата на платите, невработеноста и макроекономското опкружување, се стремат да ја зголемат нееднаквоста.“ (Commander, S et, 1999, 437).

**Морал-економија-слобода.** Падот на социјализмот, за многумина беше „нормален“ чин кој се чини никој сериозно не го оспори од аспект на моралноста и слободата на човекот. Најголем дел од луѓето, само неколку години по почетокот на транзицијата се најдоа во состојба на „тага за стариот систем” но, тоа беше резултат на големиот економски застој и проблеми.

За некои од истражувачите транзицијата и не претставува ништо друго, туку премин од „социјализам

во капитализам". Процесот на трансформација уште на почетокот предизвика многу недоразбирања кај „обичните“ луѓе и поголемиот дел од населението. Луѓето беа принудени да усвојуваат нови правила на однесување кои главно, барем што се однесува до нивната формална и декларативна смисла и значење, во духот на претприемаштвото, егоизмот и либерализмот, се блиски до приватната сопственост и демократските начела на управување.

Слободата на човекот е можна само под претпоставка ако во општеството постојат институционални рамки кои можат да ја заштитат од волјата на мнозинството. Уставот и законите сами по себе не можат да ја гарантираат слободата што е видливо во земјите каде се донесени на демократски начин.

Прашањето кое си го поставуваме во нашата анализа се однесува на можностите за создавање на реални претпоставки за формирање на нова морална и вредносна основа во духот на пазарната економија, односно, во која мера се трансформира и заменува стариот начин на практикување на вредностите со системот на вредности кој е својствен на доминацијата на приватната сопственост и плурализмот на политичките интереси. Според Валтер Вилијамс, основните морални принципи и вредности како што се, штедливоста, честа, довербата, напорната работа и кооперативното однесување се формираат во арената на граѓанското општество и тие се клуч за обезбедување на стабилноста на човештвото и обезбедување на рамката на пазарната економија. Покрај овие фундаментални вредности, авторот ги наведува, почитувањето на приватната сопственост, „светоста" на договорот, образовните институции, клубовите на добротворните организации и семејството(Wiliams, W.E. 1995/96).

Како што претходно констатиравме, процесот на приватизацијата претставува еден од најважните сегменти во трансформацијата воопшто, без кој не може да се претпостави дека се случуваат радикални промени. Име-

но, состојба во која доминира приватната сопственост се зема за важна од аспект на стабилноста на системот. „Стабилноста на системот" и „стабилноста на имотот" се две неразделни компоненти на системот на пазарната економија и плуралистичка демократија. Се поаѓа од ставот дека сите општества и народи кои ги почитуваат правилата на приватната сопственост произвеле општествена и економска клима многу поприемчива за социјалната заштита на нивните граѓани, од оние кои не ги почитувале тие правила.

Зошто капитализмот се покажа поефикасен од гледна точка на распределбата на ресурсите и доведе до поголемо материјално богаство од социјализмот, или едноставно зошто капитализмот се покажа попродуктивен, почовечен од социјализмот (иако ова последното може да звучи чудно за некои интелектуалци од земјите во транзиција) но и за поголем дел од луѓето кои израснаа во социјализмот?

За Милтон Фридман ( во Wiliams, W.E. 1995/96) економската ефикасност и богатството треба да се промовираат како странични ефекти на слободниот пазар. Интелектуалната одбрана на пазарниот капитализам треба да се концентрира врз неговата морална супериорност. Со други зборови, дури и ако слободното претприемништво беше помалку ефикасно од другите форми на човечко организирање, тоа е морално супериорно затоа што влече корени од доброволните односи а не од присила и принуда а освен тоа ја почитува совеста на индивидуата. Богаството кое е создадено од пазарниот капитализам исто така култивира граѓанско општество. Во најголемиот дел од историјата човекот едноставно морал да се бори и да работи само за да обезбеди егзистенција. Со појавата на капитализмот и континуираниот пораст на продуктивноста луѓето биле во можност да ги задоволат своите потреби и за пократко време. Економскиот просперитет на луѓето им овозможи задоволување

на културните потреби, тие масовно добија можност да се едуцираат во областа на уметноста и да го запознаат светот околу себе и подалеку од местото каде се родиле и постојано живеат. Подемот на капитализмот на луѓето им овозможи масовно да го користат слободното време, она кое беше привилегија на богатите и моќните.

**Демистификација на државата.** Интервенцијата на државата, особено во форма на легислатива е позитивна, директна, непосредна и ако може да се рече видлива, додека нејзините лоши ефекти се постепени и индиректни и најчесто се надвор од видното поле на поединецот. Зошто е ова важно кога говориме за улогата на државата во периодот на транзиција? Што остана од државата од периодот на социјализмот? Што е суштината на ефикасната држава? Каква е нејзината поврзаност со праведноста? Дали државата може да биде праведна во распределбата на приходите? Овие прашања не се само теоретски прашања.

Најдобар пример за „позитивните" но и „негативните" ефекти на интервенцијата на државата претставува Законот за минимална заработувачка. Во ситуација кога доаѓа до зголемување на платите како резултат на донесувањето на законот за минимална заработувачка, се чини дека сите се задоволни а најмногу политичарите, кои сакаат да покажат дека со нивна интервенција се подобрува материјалната состојба на голем дел од населението. Политичарите кои придонеле тоа да се случи се надеваат на следните избори ќе можат да сметаат на победа, затоа што луѓето тоа нема да им го заборават. Но, сите се свесни дека донесувањето на таков закон во услови на голема невработеност, кога трудот практично нема реална вредност а му се дава поголема предност наспроти капиталот, може да предизвика несакани последици. Слични последици се случуваат при ограничувањето на увоз на одредени производи. Имено, ограничувањето на увозот од странство како средство за зачу-

вување на работните места е нешто кое без сомнение треба да биде реализирано. Но, не е секогаш така како што на прв поглед се чини. Придобивките од таквите потези на државата се видливи но, штетите кои се долгорочни и значајно повисоки на прв поглед се најчесто невидливи. Примери за тоа има многу.

Во суштината на секоја интервенционистичка политика на државата се наоѓа идејата за правда која поседува голема привлечност и како таква се користи да ја оправда секоја нејзина постапка. „Најпопуларното оправдување за интервенционистичката држава е создавањето и обезбедувањето на правичност во распределбата на приходите. Конфузијата, замаглувањето и демагогијата во поглед на изворите на приходи им обезбедува на етатистите огромно количество на муниција за оправдување на нивната агенда за редистрибуција. Приходот не се дистрибуира во слободните општества, тој се заработува, смета Валтер Вилијамс, во неговата расправа за моралноста и слободниот Пазар (Wiliams, W.E.1995/95). Постапката, која на приходот гледа на нешто кое може да биде распределено според некои правила, малку се разликува од постапката во која некој дели пари според некои правила кои само нему му се познати. За луѓето најчесто тие кои тоа го прават не се фер, затоа што некои добиваат помалку а некои повеќе, се разбира незаслужено. Но, да се говори за праведност и правичност, во услови кога социјалистичката држава се распадна, а на нејзино место дојде еден нов тип на држава, за која луѓето се убедени дека е недоволна да воведе ред, под што најчесто се подразбира праведност во распределбата е навистина сложена ситуација. Сложеноста доаѓа и од секојдневното зголемување на бројот на оние кои не се задоволни од економската состојба во која се наоѓаат, кога ги губат работните места а шансите за нови вработувања се сѐ помали, кога опаѓа животниот стандард и се губи сигурноста за сопствениот живот. Во тие усло-

ви, да се дефинира праведноста е навистина тешко. Праведноста излегува надвор од нормалното живеење на луѓето, таа добива пренагласена социјална димензија, бројот на оние кои секојдневно се соочуваат со тешкотии при задоволување на елементарните потреби е значајно поголем од оние кои заработуваат за нормален живот.

За Сен (Sen., A 1987,) поврзаноста на економијата со етиката и со етичкиот поглед на политиката укажува на одредени неизбежни задачи на економијата. Тој го анализира оддалечувањето на економијата од етиката што доведува до осиромашување на природата на економијата. Имено, економијата може да биде попродуктивна кога би посветила поголемо внимание на етичката компонента која го формира човековото однесување и вреднување.

Вториот проблем кој Сен го разгледува во својата расправа посветена на економијата и етиката се однесува на економското однеување и рационалноста, односно колку човековото однесување во економска смисла е рационално и до каде во тој поглед може да стигне личниот интерес. Имено, крајната цел е да се обезбеди рационално објаснување за зголемувањето на личниот интерес заради доближување до вистинското однесување во економската теорија. Тогаш, поврзувањето на зголемениот личен интерес како потреба на рационалноста и поистоветување на нормалното однесување со рационалното, во краен случај можат да доведат и до сосема несакан ефект. Сен го наведува примерот со успехот на јапонската економија, односно „јапонскиот етос" кој тешко дека може да се вклопи во било која едноставна слика на однесување според личните интереси. Во случајот со Јапонија, навистина постои и емпириски доказ за тоа дека оддалечувањето од личните интереси поттикнато од чувството за должност, лојалност и добра волја, довело до значителен напредок во индустрискиот успех" (Sen, A., 1987).

# ТРАНЗИЦИЈАТА И ВРЕДНОСНИОТ СИСТЕМ

Процесот на распаѓање на економскиот и политичкиот систем на социјализмот предизвика и промена на вредносниот систем. Сложеноста на системот на вредности кој се формира во едно општество претпоставува подлабока анализа, не само од теоретски аспект, туку и продлабочени емпириски истражувања. За жал во нашето општество ваквите истражувања се многу ретки и се недоволни за сериозна анализа. Истражувањето на вредностите остана надвор од интересот на социолошката анализа.

Ако во системот кој се базираше врз колективната сопственост и еднопартиската демократија немаше место за либералните и индивидуалистичките вредности, новиот систем се соочи со тешкотијата за нивно етаблирање како единствено пожелни и неопходни во изградбата на општество врз приватна сопственост и плуралистичка демократија.

Уште на почетокот, новиот систем се соочи со многу проблеми кои беа предизвикани од кризата која се појави во многу сегменти од општествениот живот. Македонија се најде во редот на оние земји кои сеуште не беа излезени од првата фаза на демокртаската и економската стабилизација: осиромашувањето и падот на стандардот продолжуваа и натаму, а демократската стабилизација застана во сферата на одбраната на легитимитетот на институциите на системот.

Во Македонија се реализирани повеќе емпириски истражувања кои се однесуваат на ставовите и мислењата на граѓаните за промените кои се случија како резултат на преминот од еден во друг економски и политички систем. Во тие околности нормално е да се пре-

тпостави дека се случува и промена на вредносниот систем.[1]

Преминот кон изградбата на „новото општество" уште на самиот почетокот се соочи со крупни проблеми кои предизвикаа сомневање во успешноста на реформите. Таа состојба кај луѓето создаде вредносен вакуум што предизвика тенденција на задржување на старите вредности, процес на ретрадиционализација, односно враќање на старите вредности за кои се мислеше дека ќе бидат заменети со нови во духот на „новото општество".

Прашањето, дали во општеството се прифаќаат вредностите кои се карактеристични за западните општества, како што се демократијата, повеќе - партискиот систем и приватната сопственост, се чини, дека и по десет години не се однесува само на тоа колку луѓето ги прифаќаат и се определуваат за нив, туку и тоа колку од овие вредности ја зацврстиле сопствената позиција во системот, колку станале дел од стратегијата на изградба на новиот систем.

Инаку како може да се разбере големиот степен на отфрлање и не прифаќање на она што е составен дел на општествата со пазарна економија и плуралистичка демократија. Секако дека период од десетина години не е доволен за имплементирање на вредностите кои произлегуваат од граѓанското општество, односно кои го градат тоа општество, но останува сомневањето кое произлегува од нивното неприфаќање и масовно отфрлање кое може да има големи последици во понатамошниот развој на општеството. Потоа, како може да се разбере фактот дека голем дел од нив се погрешно

---

[1] Станува збор за емпириски истражувања реализирани при Институтот за социологија на филозофскиот факултет и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

разбрани, дека луѓето многу повеќе ги отфрлаат отколку што ги прифаќаат. Се покажа сосема погрешна претпоставката дека промената на вредностите автоматски ќе ги следат социјалните промени.

Останува отворено прашањето во која смисла вредностите се главни фактори на социјалните промени. Овде не станува збор само за теоретската заснованост на одговорот туку и на одговор кој е доволно емпириски поткрепен. Во овој момент, за состојбата во Македонија немаме доволно сознанија за двата пристапи, а особено за сознанија кои се емпириски фундирани. Недоволниот број на истражувања, но и истражувања кои се скоро без теоретска основа, не ограничуваат да направиме продлабочени анализи за тоа што всушност се случува во Македонија. Можеме да судиме по аналогија со другите земји во транзиција, но тоа е несигурен начин да дојдеме до специфичностите на развојот на македонското општество кои ги има доволно, за да ја направи секоја компарација сомнителна.

Без сомнение, системот на вредности на реал-социјалистичките општества суштински се разликува од системот на вредности во развиените западни општества. „Егалитарно-колективистичката" вредносна компонента, својствена за социјалистичкиот систем продуцира еднаквост, мир, колективна сопственост, а либералната, која е својствена за земјите со пазарна економија продуцира слобода, еднаквост и приватна сопственост, како најголеми вредности.

Во најголемиот број од земјите во транзиција сéуште не постојат реални услови за воспоставување на либерално-индивидуалистичката ориентација и не постојат услови за помасовно нејзино прифаќање. Но, од своја страна, таа иста реалност продуцира друг тип на вредности, ги задржува старите или ги трансформира, но не во духот на новото време. Тие се многу поблиску до

колективизмот и егалитаризмот. Сеуште либералната вредносна ориентација е без потребната културна основа, за неа сеуште владее впечатокот дека административно се наметнува Во тие околности нормално е луѓето, на пример, за повеќе партискиот систем да имаат мислење дека е генератор за нестабилност или да не можат да ја разберат улогата на државата во ситуација кога се убедени дека приватизацијата е кражба.

Егалитаризмот како систем на вредности долго време воспоставуван низ процесите на социјализација ќе биде уште долго присутен. Веројатно ќе бидат потребни една или две генерации додека некои егалитарни вредности избледнеат од свеста на општеството во транзиција (Cifrić,I., 1998,62).

**Перцепција на развојот од аспект на системот на вредности.** Што луѓето мислат за новиот систем, дали тој ги оправдал нивните очекувања, дали ги задоволил нивните потреби, со еден збор, дали тој претставува „добро уредено општество"? Ако луѓето се чувствуваат задоволни и сигурни, тоа значи дека системот добро функционира, институциите се ефикасни, а тоа може да биде солиден доказ дека тој се стекнал со потребната легитимност.

Според резултатите од едно анкетно истражување (Национален извештај за човековиот развој, 2001 год.) посветено на социјалната ексклузија и несигурноста на граѓаните во Република Македонија, произлегува дека граѓаните не мислат дека институците на системот ја извршуваат функцијата за која постојат, односно дека тоа го прават пристрасно и селективно и не секогаш во духот на законот. Така, на пример, на прашањето колку граѓаните се чувствуваат сигурни пред судот од вкупниот број анкетирани, 1/3 се изјасниле дека не се чувствуваат сигурни, а само 17 отсто дека се чувствуваат потполно сигурни. Потоа, дека судовите не се независни во донесувањето на одлуките, се изјасниле повеќе од две

третини а дека судиите се подложни на поткуп сметаат 83,7 отсто. Дека судовите постапуваат неправилно спрема граѓаните се изјасниле над 80 отсто од испитаниците.

Овие сознанија покажуваат дека сеуште трае процесот на консолидација на институциите на системот, односно во некои сегменти сеуште процесот не започнал .

**Односот спрема минатото.** Не е тешко да го разбереме значењето на позитивниот став на испитаниците за бившиот социјалистички систем: над 2/3 од испитаниците се согласуваат со ставот дека социјализмот на „обичниот човек му пружил поголема сигурност". Дури и оние со високо образование се согласуваат со тој став, а само шест отсто не се сложуваат. Сосема е разбирливо кога добар дел од луѓето останаа без работа и/или за кратко време се најдоа во категоријата на сиромашни, претходниот систем да биде многу повеќе посакуван од новиот кој ги напуштил принципите на егалитарност и започнал да се пресметува со неефикасноста, непродуктивноста и нерационалноста.

Цената на реформите ја платија широките маси кои останаа без работа и со низок животен стандард или несигурна работа, мала и нередовна заработувачка. Истите тие луѓе во минатиот систем ги уживаа сите права, сигурна заработувачка, здравствено и пензионо осигурување.

Слични одговори се добиени и во однос на „чувството на среќа" споредено со она од минатото: над 70 отсто од испитаниците се чувствувале посреќни во минатото (во периодот на социјализмот), отколку денес во периодот на транзиција. Чувството на „сигурност и среќа" се меѓу најважните нешта во животот на поединецот. Кога социјализмот започна да се распаѓа, се чинеше дека малкумина беа несреќни, луѓето се помирија со нужноста од промени, не се спротивставија ни оние кои

беа привилигирани. Но кога започна да функционира новиот систем ги зафати носталгија за минатото, кое не нудеше доволно слобода и демократија, но во сферата на материјалната сигурност, луѓето беа позадоволни: сигурно работно место, сигурна заработувачка, среќни луѓе кои делат иста или слична судбина. Новиот систем направи остра граница меѓу богатите и сиромашните, меѓу богатите и најбогатите како и меѓу сиромашните и најсиромашните. Еден дел од населението, не само што ја изгуби среќата и сигурноста, туку се најде во зоната на пороците, криминалот, зависноста од дрога, алкохолизмот, проституцијата.

**Слобода на говорот и општествена дезинтеграција.** И по десетина години интензивни процеси и радикални промени, сеуште се говори за слобода на говорот, како едно од елементарните права на секој човек и знак дека станува збор за демократско општество. Денес не станува збор за слобода на говорот во смисла на забрани, цензури и слично, туку како говор кој ја вградува компонентата на одговорност, непристрасност, објективност.

Еднопартискиот систем слободата на говорот ја ограничи во функција на реализацијата на социјалистичката идеологија и практика. Другите алтернативи беа исклучени, а луѓето кои отворено говореа против социјализмот беа прогонувани и стигматизирани и прогласувани за отпадници и непријатели на народот.

Можеби прашањето за целосната слобода на говорот води кон целосна дезорганизација на општеството и ја замаглува смислата и значењето на одговорите. Значи, прашањето за „целосната слобода", не е прашање на односот на власта спрема печатот или електронските медиуми, како кон нешто кое треба да го контролира или насочува кон посакувани цели, туку е прашање за тоа, во кој степен информациите се тенденциозни,

објективни, не/пристрасни и се во функција на тесните партикуларни интереси кои шират омраза, нетрпеливост, национализам, страв, несигурност. Нашата претпоставка е дека испитаниците, пред сè, мислат дека прашањето има смисла а одговорот уште повеќе, дека слободата на говорот води кон дезинтеграција, особено во ситуација кога не постои консензуз за фундаменталните вредности кои се карактеристика на граѓанското општество а кон кои би требало да се стреми изградбата на општеството во транзиција. Ако целосната „слобода на говорот“ во себе ја вградува и целосната „одговорност “ за тоа што се говори, водена од заедничките и интегративните вредности и начела, тогаш слободата не е спојива со анархизам и неодговорност, таа треба да ги соедини луѓето со различни интереси или припадност во поглед на верската, етничката, или културната различност или местоположба во социјалниот систем кон остварувањето на целите околу кои постои заедничка согласност.

Во слободното општество поединецот треба да се избори за својата слобода, среќа и сигурност. Тие треба да бидат гарантирани од страна на институциите, но не и наметнувани од нив. Тие се обезбедени како „општи вредности” а на поединецот му останува да ги негува во кругот на неговите интереси и се разбира не на штета на другите.

Ако само 1/3 од испитаниците се изјасниле дека „целосната слобода на говорот“ не води во социјална дезинтеграција, тоа недвосмислено говори за големиот страв кај другите две третини кои или навистина не знаат или позитивно се изјасниле за тоа но, во секој случај слободниот говор го чувствуваат како напад на основите на општеството и негово разорување! Одговорите на прашањето имаат смисла под претпоставка „слободниот говор” да го прогласиме за причина за многу проблеми во општеството. Сеуште не сме во ситуација да ја до-

ловиме социолошката суштина на „слободата на говорот" како причина за дезорганизација на системот.

Односот кон повеќепартискиот систем е анализиран главно кон негово прифаќање, како гаранција за слободата на изразувањето. Повеќепартискиот систем ја обезбедува основата за слободно политичко изразување и артикулирање на политичките интереси. Околу 1/5 од испитаниците не се согласуваат со ставот за повеќепартискиот систем како гаранција за слободата на изразување а околу половина се огласуваат. Но кога повеќепартискиот систем се доведува во врска со единството на народот, односно колку тој придонесува за „единството на народот", тогаш се јавува големо сомневање, иако не е јасно за каков вид на единство станува збор. Имено, нејасно е низ кои механизми еднопартискиот систем го обезбедува „единството на народот ".

Останува убедувањето кај луѓето дека за време на социјализмот ги немало отворените конфронтации меѓу етничките групи. Дали тоа е најглавната причина што луѓето еднопартискиот систем го сметаат за причина за оствареното единство? Дали одговорите на прашањето и ставот на испитаниците кон демократијата како нешто „кое е добро во теоријата, но во практиката претставува причина за многу проблеми", на најдобар начин ги илустрира процесите на демократската консолидација.

Воспоставувањето на демократските институции не значи дека тие веднаш ќе профункционираат на начин како луѓето посакуваат. Уште долго ќе притиска духот на минатото кога вредностите на колективистичката идеологија беа главни во осмислувањето на активностите на луѓето, кога колективната сопственост беше доминатна форма а еднопартиската идеологија единствена од која се раководеше управувањето со општите работи. Скоро 2/3 од луѓето според ова истражување, го прифаќаат ставот за „демократијата како добра теори-

ја", но и фактор за многу проблеми. Само 1/5 не се согласуваат со ставот што се вклопува во општото убедување, за добрата страна на системот кон кој се стремиме во општа теоретска, смисла, како идеја, но не и практика, што реално укажува и на фактот дека вредностите на новиот систем не се воспоставуваат со закони, туку се резултат на долг и макотрпен процес.

**Вредностите и основните карактеристики на населението.** Меѓу испитаниците се јавуваат значајни разлики во не/прифаќањето на претходно анализираните ставови во зависност од нивните основни карактеристики, како што се занимањето, возраста и образованието. Овој факт говори во прилог на ставот дека во општеството започнал процесот на структуризација во однос на основните вредности на новиот систем. Причините за тоа се многубројни, од тоа дали поединецот е жртва на промените, односно дали е „добитник" или „губитник". Како што претходно можевме да се увериме, не само во Македонија туку и во другите земји во транзиција, припадниците на раководните и политичките елити од претходниот систем се најголемите добитници и во новиот систем, за разлика од припадниците на другите слоеви, а особено на средните слоеви кои се чини, покрај работниците, се најголемите губитници.

**Сигурноста и среќата во минатото и денес.** Носталгијата за минатото е присутна кај сите, без разлика на занимањето, возраста и образованието. Но кај некои групи е забележан многу повисок процент на оние кои во поранешниот систем се чувствувале „посреќни" и „посигурни". За нашата анализа интересни се земјоделците, работниците, службениците и раководителите. Од вкупниот број испитаници - земјоделци, скоро половина изјавиле дека во поранешниот систем се чувствувале „посреќни" и „посигурни". За разлика од нив службениците се чувствувале далеку „посигурни" и „посреќни" во поранешниот систем (над 80 отсто од испитаниците). Сли-

чно мислење е забележано и кај раководниот кадар со скоро 2/3 од испитаниците за кои „среќата“ и „сигурноста“ биле многу повеќе присутни во поранешниот систем. „Посреќни” биле над 80 отсто, што и не е чудно од позицијата која најчесто ја заземале во скоро сите сегменти на власта и инстуциите воопшто, која им обезбедувала далеку поголеми бенефиции од другите категории од населението. Меѓу работниците, десетина проценти помалку се изјасниле во прилог на „среќата“ и „сигурноста“ во социјализмот.

Во однос на возраста не се забележани позначајни разлики, кај сите возрасни групи околу 2/3 биле „среќни“ и „сигурни” во социјализмот отколку што се денес во транзицијата. Поголема разлика е забележана во однос на степенот на сигурноста, постарите генерации, со над 45 години изјавиле дека социјализмот им пружил поголема сигурност (се изјасниле над 70 отсто од испитаниците), за разлика од припадниците на помладата генерација, кај кои приближно 2/3 се чувствувале посигурни пред деведестите години, отколку денес во периодот на транзицијата.

Во однос на образованието резултатите од истражувањето не покажуваат позначајни разлики околу тоа колку се согласуваат со ставот за среќата и сигурноста. Само кај оние со основно училиште се јавува значителен процент дека не се согласуваат, но и поголем процент немаат став, односно немаат мислење. Обратно, испитаниците со високо образование, има многу повеќе кои не се согласуваат, но значајно помалку се јавуват како неопределени.

Без сомнение, кај населението (од времето кога е извршено истражувањето, средината на 1997, нема знаци дека нешто суштинско се променило) се уште во свеста живее системот од минатото во сферата на две фундаментални димензии на човековиот живот, сигур-

носта и среќата. Во сиромашните општества и уште повеќе во општествата во кои значајно опаднал животниот стандард и се зголемил бројот на невработените и сиромашни, мислењето за претходниот систем уште долго ќе остане во „убави сеќавања", и секогаш ќе ја разбудува носталгијата за „старите добри времиња".

Вториот став со кој можеме да ја согледаме „традиционалноста" и „модерноста" на поединците е во врска со приватната сопственост, дали општествениот прогрес секогаш ќе се заснова врз приватната сопственост? Поаѓајќи од уверувањето дека луѓето кои се со либерално убедување, наспроти оние кои се со традиционално уверување, многу поголем процент се за приватната сопственост како форма на сопственост со која е поврзан општествениот прогрес, односно кореспондира со развојот на општеството.

Емпириското истражување реализирано пред пет години (1997) покажува интересни резултати. (Станува збор за емпириски истражувања кои беа реализирани во рамките на Институтот за социологија и политичко -правни истражувања.) Приближно е еднаков процентот на оние кои се согласуваат со ставот (неодлучни) и оние кои не се согласуваат. Со нешто понагласен процент се оние кои се согласуваат од оние кои не се согласуваат, но ниедна група нема доминација. Потоа, интересно е да се потенцира дека припадноста кон одредено занимање нема скоро никакво значење во прифаќањето на ставот за улогата на приватната сопственост. Нешто поголем процент на неопределени се јавува кај земјоделците во групата на неопределени и нешто повисок процент на оние кои не го прифаќаат ставот за улогата на приватната сопственост во развојот на општеството.

Во однос на возраста, најголем процент на оние кои се согласуваат е во редовите на најмладите (близу

половина од испитаниците), а најмало согласување е забележано кај оние со над 60 години. Во структурата на одговорите во однос на ова прашање, регистрирана е интересна ситуација, со зголемување на бројот на годините се намалува процентот на согласност со ставот, а расте бројот на оние кои не се согласуваат. Кај повозрасните категории (над 35 години) се јавува најголем процент на оние кои не се согласуваат, но и оние кои се согласуваат во однос на останатите возрасни категории.

Во однос на степенот на образованието интересно е да се забележи следното: кај испитаниците со основно училиште се регистрирани најголем број на неодлучни и без мислење (над 40 отсто) а кај оние со средно е регистриран највисок процент на испитаници кои не се согласуваат со ставот (над 45 отсто од испитаниците). Процентот на оние кои не се согласуваат е скоро еднаков кај сите категории на испитаници во однос на степенот на образование.

Дали слободата на говорот води кон општа дезорганизација, е следниот став - честичка кој упатува на суштинските елементи на вредносниот систем на поединецот. Над 40 отсто од испитаниците се согласуват со ставот, околу 1/4 се неопределени, а нешто повеќе од 1/3 не се согласуваат. Не постои некое правило во структурата на одговорите. Најмалку се согласуваат највозрасните, а најмногу најмладите и оние меѓу 45 и 60 годишна возраст. Потоа, најмногу не се согласуваат оние меѓу 28 и 44 години (скоро 40 отсто), а најмалку се согласуваат оние над 60 години (28 отсто).

Во прифаќањето на ставот не постои разлика меѓу испитаниците. И оние со високо и оние со основно образование имаат ист процент на одговори. Но постои разлика во однос на отфрлањето на ставот. Значајно е повисок процентот на оние кои не се согласуваат меѓу испитаниците со високо образование. Процентот на нео-

длучните е највисок кај испитаниците со основно образование а најнизок кај факултетски образованите. Кај раководителите и приватниците е регистриран највисок процент на оние кои не го прифаќаат ставот. Не постои разлика во степенот на прифаќањето на ставот меѓу службениците и работниците (околу 40 отсто).

Врз основа на резултатите од истражувањето, кое за жал е малку застарено (1997), но други истражувања во меѓувреме не се направени, можеме да го заклучиме следното: сеуште социјализмот е многу повеќе поприфатлив од актуелниот систем на „пазарна економија и плуралистичка демократија". Тоа е разбирливо од причини што голем дел од луѓето, останаа без работа, стандардот нагло опадна, сигурноста во секој поглед е доведена во прашање. Луѓето како да заборавија дека постојат и други вредности кои се карактеристични за системот на пазарната економија и плуралистичката демократија и дека е потребно голема мудрост, залагање за тие да станат дел од секојдневието на секој човек. Стравот, несигурноста, сиромаштијата станаа дел од реалниот живот на мнозинството. Тоа во голема мера ја зацврсти традиционалната вредносна ориенатација која уште долго ќе биде составен дел од вредносниот систем на луѓето, се разбира покрај либералната која би требало да биде се подоминатна вредност со развојот на општеството.

Во суштина формирани се три „идеално" поделени групи, цврсто определени за вредностите на новото општество, целосно разочарани и свртени кон стариот систем кои не гледаат ни малку „искра надеж" за иднината и кои се чувствуваат како најголеми губитници и трета група која нема јасно оформено и искристализирано мислење. Се чини дека популацијата во Македонија, ако ги исклучиме некои екстремни моменти, од почетокот на реформите се формирала една трочлена рамнотежа на силите на „за" и „против" со исто толку „неопре-

делени". Како се оддалечуваме од деведесеттите години, бледнее и сликата за минатото и секоја споредба со тој период ја губи социолошката димензија на важен елемент од кој може да се разбере нешто повеќе за општеството во кое денес живееме. Можеби денес многу повеќе можеме да ги разбереме оние автори кои на почетокот на транзицијата опоменуваа дека општеството во постранзициониот период не мора да биде демократско, односно не мора нужно да започне со процесите на демократизација и приближување кон вредностите на високо развиените земји. Постојат многу околности кои за миг можат да ја свртат целта на развојот на општеството во несакана насока.

## СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА, СИРОМАШТИЈА, ИСКЛУЧЕНОСТ

### (од еднаквост во сиромаштија кон социјална исклученост и сиромаштија)

Феноменот на сиромаштијата е во центарот на вниманието на истражувањата во социјалните и политичките науки последните неколку децении. Интересот за сиромаштијата особено се зголеми по деведесеттите години, односно по распадот на социјализмот во земјите на Источна Европа со започнувањето на процесот на масовно осиромашување на населението кој во некои од нив, како на пример, во Македонија, трае и денес.

Нашата намера не е да правиме компаративна анализа на сиромаштијата во земјите од Источна од една и земјите од Западна Европа од друга страна, односно на земјите во транзиција со оние од Западна Европа. Прашањето кое се постави во истражувањата се однесува на заедничките карактеристики на сиромаштијата без разлика на развиеноста на земјата, регионот во кој се наоѓа или карактеристиките на културата на жИвеење. Имено, идејата за компаративни истражувања на сиромаштијата ги постави следните прашања: Прво, дали сиромаштијата е важна за сите општества без разлика на разликите кои постојат меѓу нив. Ако таа се појавува во сите општества тогаш, дали причините кои ја предизвикуваат имаат нешто заедничко во сите земји и дали последиците можат да се компарираат. Второ, дали феноменот на сиромаштијата суштински се разликува од земја до земја во смисла на причинско последичните врски меѓу посебните фактрои кои ја предизвикуваат. Голем дел од истражувачите се сомневаат дека во овој момент е можна компаративна анализа. Едноставно, недостигаат анализи за да се направат сериозни компаративни истражувања. Нашата цел не е да правиме компарација на сиромаштијата на земјите во транзиција и другите земји,

особено со богатите земји. Тргнуваме од едноставното прашање, дали постои сличност меѓу сиромаштијата во Република Македонија и сиромаштијата во Холандија или Франција. Секој одговор претпоставува и солидно образложение што во овој момент не е можно да се направи.

Полето на истражувањата на сиромаштијата е проткаено со силни конфликти кои не потекнуваат само од етичкиот карактер на пристапот, туку многу повеќе од аспекти кои непосредно произлегуваат од практичното решавање, политиката на владата (која со низа мерки треба да интервенира во нејзино ублажување), потоа интересот на партиите, (особено во предизборниот период).

Зошто е потребна нова парадигма во проучувањето на сиромаштијата. Пред се мислиме на пристапот во проучувањето кој најчесто е изолиран и ограничен на сиромашните како група која е исклучена од општеството или тешко комуницира со останатиот дел од општествената заедница. Се поголем број од истражувањата е насочен кон несиромашниот дел од популацијата, односно, кон тоа каков е нивниот став за сиромашните.

Несиромашните се интересни за проучување во смисла на нивната подготвеност да направат нешто барем во насока на промена на стереотипите за сиромашните. Нема да претераме ако кажеме дека постојат два света: оној на сиромашните и оној на несиромашните, со една голема група кој се наоѓа меѓу нив. Ако може да се говори за „култура на елитата", исто така може да се говори и за „култура на сиромашните" и нивниот однос со средината во која егзистираат. Многу малку имаме сознанија за тоа каков е односот на несиромашните кон сиромашните. Тоа е интересно и од аспект на решавање на проблемите. Ганс, како што наведовме претходно е првиот кој ја потенцира функцијата на сиромашните во одржувањето на економијата. На пример, користењето на работната сила на сиромашните за извршување на тешки

и опасни работи во индустријата кои често работаат илегално и незаштитени и многу нелегални активности кои сиромашните се принудени да ги прифатат.

Сиромашните се употребувани и за активности во политички цели без да бидат заштитени нивните интереси, тие се злоупотребувани од државната бирократија и полицијата кои најчесто не ги разбираат нивните барања. Одвоеноста на „светот на сиромашните“ од „светот на богатите“ највидлив е во поголемите градови со строгата одвоеност на сиромашните квартови кои најчесто се задушуваат во нечистотија, станбена запуштеност и низок стандард. Прашањето се однесува на зачудувачката незаинтересираност на општинската и централната власт за потребите на сиромашните во поглед на нискиот стандард на живеење. Еден од условите за намалување на сиромаштијата е да се развие свеста кај влијателните политички и економски фактори за ссостојбите во кои се наоѓа дел од населението кое се соочува со тешки проблеми во задоволување на елементарните потреби. Потребни се информации врз основа на кои ќе се донесуват одлуки кои ќе значат подобрување на состојбата на сиромашните.

Во развиените земји свеста за состојбите на сиромаштијата излезе од строго дефинираните рамки дека станува збор за луѓе кои се соочуваат со елементарни потреби. Како што можевме да видиме, концептот на исклученост, проблемите на сиромашните ги лоцира во сферата на социјалната интеграција, културните потреби, промените на ставот на несиромашните кон сиромаштијата, односно се насочи кон сиромашните како кон дел од популацијата која може да биде интегрирана во системот, на начин кој ја потенцира активната улога токму на сиромашните.

И покрај тоа што е многу направено на практичен план за намалување на сиромаштијата и теоретски да се

разбере нејзината суштина, сепак и денес остануваат отворени прашањата од типот: Зошто и понатаму опстојува сиромаштијата, особено во развиените и богати земји како и прашањето, кое се однесува за некои земји во транзиција, вклучувајќи ја и Македонија, кога ќе престане процесот на осиромашување? Говорот за сиромаштијата не е само говор за развојот на една земја туку и говор кој длабоко навлегува во дел од моралните и политичките прашања од развојот на општеството. Се чини дека анализата на сиромаштијата не нé води во суштината на феноменот, сиромаштијата е нешто кое е цврсто поврзано со постоењето на правдата и демократијата во општество, без разлика на кој економски степен на развој се наоѓа. За Ален Турен нееднаквоста не е застарена тема. Ако ние сакаме да ги разбереме социјалните феномени кои се многу карактеристични за нашата епоха тоа не треба да го правиме со помош на термини кои се однесуваат на нееднаквоста туку, многу повеќе со термини кои се однесуваат на правдата, бидејќи тоа се термини кои раздвојуваат внатре во пазарната економија и брзината на промените, автономната култура и идентитетот (Touraine, Alain, 1992, 168).

Расправите за иднината на постсоцијалистичките земји се води околу прашањата поврзани со социјалната нееднаквост, процесите на раслојување, големите разлики во приходите на населението и во тој контекс на сиромаштијата. Неспорен факт е дека голем дел од населението во земјите во транзиција првите неколку години беше зафатено од т.н. процес на огромно осиромашување особено на средниот слој кој беше најброен во претходниот систем. Имајќи го тоа предвид како и сознанието дека никогаш во историјата толкав број од населението не бил за кратко време изложен на брзо и сурово осиромашување, заслужува да биде предмет на анализа.

Изградбата на системот на пазарна економија и плуралистичка демократија уште на почетокот се соочи

со неповолните тенденции на економска стагнација од едена страна и брза и масовна промена на сопственоста од друга, која најчесто е оквалификувана како незаконска или едноставно како кражба на заедничката сопственост која се создаваше повеќе децении пред тоа.

Феноменот на сиромаштијата не би требало да се разгледува надвор од целината на социјалните промени, особено од начинот на формирање на новите социјални групи и политичките процеси, а особено трансформацијата на сопственоста. На пример, промените во економската структура, процесот на приватизацијата и преструктурирањето на стопанските субјекти, порастот на невработените и падот на стандардот на живеење придонесе во формирањето на нова група сиромашни кои се најдоа надвор од трудот и процесите на одлучување, и се соочија со тешки проблеми да преживеат. Во тие околности би било подобро да се говори за сиромаштија, а не за исклучување како во високо развиените земји за оние кои, според Ален Турен не станува збор за експлоатирани туку за исклучени, кои сепак ги подмириле основните потреби, но се исклучени од социјалниот систем, од институциите на државата. Тие се маргинализирани, се наоѓаат „надвор“, за разлика од оние кои се наоѓаат „внатре”.

Денес се формира една нова „социјална пирамида”. „Кога говориме за нееднаквост ние претпоставуваме дека пирамидата се проширува или стеснува. Или ние не сме повеќе во пирамидата” (Touraine, A. 1992, 165). Исклучените оние кои се „надвор”, се жртви на промените на економскиот систем.

**„Исклучени” и „сиромашни”- процес или состојба.** Да се говори за сиромашни и исклучени значи да се говори за системот во кој тие егзистираат. Во обичниот говор се чини дека поимот „сиромаштија” е доволно јасен, нешто под кое е разбирливо. За разлика од него, поимот „исклучени” скоро и да не се употребува. Врската меѓу

исклученоста и сиромаштијата е тесна иако во земјите во транзиција голем дел од новосиромашните не мора да значи дека се islкучени од системот. Тоа особено се однесува за оние кои се жртви на преструктурирањето на економијата и кои времено се исклучени од економскиот живот односно од пазарот на трудот. Исклученоста можеме да ја посматраме и во другите сфери од социјалниот живот на човекот, како на пример, исклученост од институциите, особено од процесите на образованието од основното до високото. Исклучувањето е во тесна врска со интеграцијата на човекот во општеството.

Употребата на поимот „исклучени" ја има таа предност што не ја редуцира сиромаштијата на нејзината економска, материјална димензија, туку ја посматра како процес на маргинализација и изолација, кој може да биде многу важен за животот на човекот и социјалните групи. Имено, социјалното исклучување претставува мултидимензионален процес, кој покрај економскиот аспект во себе ги вградува и социјалниот, симболичкиот и политичкиот. Да се биде „внатре" во системот, значи да се исполнува одреден стандард на живеење и да се биде вклучен во главните и други институции во општеството. Исклучувањето е спротивно на идеалите и принципите на граѓанското општество, засновано на интеракцијата на граѓанските, социјалните и политичките права. Тоа е резултат на губење на основните права и се однесува на сериозни прекршувања на демократските права. Исто така, тоа покажува дека принципите врз кои се базираат овие општества сеуште не се реалност за луѓето кои не ги уживаат тие права (Strobel, .P., 1996, 175, 21, 22 str).

Во француската социологија терминот „исклучени" се почесто се заменува со други термини кои имаат пошироко значење и понекогаш упатуваат и на нешто кое не мора да биде тесно поврзано со терминот исклучени. На пример, се употребуваат термините „неприпа-

дност", „дезинтеграција", „дисквалификција" и слично. Овде акцентот е ставен врз мултидимензионалноста на социјалната средина и социјалните односи кои се карактеристични за една култура. Сликата за поединецот или семејството како сиромашно, не е поврзана само за економските индикатори туку и за социјалните контакти кои поединецот или семејството ги воспоставува. Во постсоцијалистичките опоштества најголем дел од луѓето не беа погодени само во економска смисла, туку, што е можеби исто толку значајно, во психоилошка смисла: луѓето го изгубија статусот и поради тоа страдаа.

Без разлика на тоа дали ние ќе го употребиме директниот или индиректниот начин на разгледување на сиромаштијата, секогаш во нејзиното објаснување треба да бидат вклучени повеќе аспекти.

Во емпириските истражувања на сиромаштијата, истата често се мери преку приходите со одредување на конкретна граница (линија) на сиромаштијата и броење на луѓето што се наоѓаат под таа граница. Приходот како мерило, со цел да се измери сиромаштијата е често објаснуван заради тоа што тоа е најважниот ресурс кој им е на располагање на поединците и второ, поради тоа што приходот ги детерминира индивидуалните животни услови и како таков може да биде употребен како причИна на сиромаштијата.

Во развиените општества сите оние кои се отфрлени или неспособни да учествуваат на пазарот на трудот ќе бидат регистрирани како исклучени. Сиромаштијата значи неспособност да се учествува во потрошувачката. Невработеноста ја нагласува неспособноста да се партиципира на пазарот на производството. Овие два феномени, сиромашните и невработените, иако на различен начин се исклучени од пазарот, се разгледуваат како слични процеси во начинот на отфрлање на луѓето од сферата на потрошувачката и економските привилегии.

И другите форми на исклученост значат отфрленост од нормалното претставување во модерното општество (Xiberrias, M. 1993, 26).

Ова гледиште на сиромаштијата и приоѓа мултидимензионално, ги зема предвид сите релевантни фактори на живеење на семејството и индивидуата. Таа се третира како „збир на непогодности со кои индивидуата или семејството се соочуваат во секојдневниот живот." Сиромаштијата не се третира како атрибут на индивидуата, туку како атрибут на ситуацијата во која личноста живее. Акцентот е ставен на социјалната димензија бидејќи животните услови вклучуваат општествени односи, можности за вработување, здравствени услуги, систем на образование и слично.

Сиромаштијата е сложена социјална појава. Се појавила оној момент кога општеството почнало да се дели на оние кои поради различни причини присвојувале и трошеле од општествените добра многу повеќе отколку што им било потребно за нормален живот и оние кои се соочувале со задоволување на елементарните потреби за да преживеат. Историски гледано, сиромаштијата може да се интерпретира и како борба за поделба на матерјалното богаство.

Кога ќе кажеме сиромаштија мислиме на неповолна состојба во која се нашол поединецот или семејството. Тој збор сугерира дека на тие луѓе треба да им се помогне за да излезат од таа состојба во која им е загрозен животот. Да се биде сиромашен, навистина е непријатно. Некои сиромаштијата не ја гледаат само во материјалните потреби, како што е храната или домувањето, туку и во сферата на културните потреби и социјалното исклучување кое подразбира одрекување или нереализација на социјалните права кои ги има секој поединец на одреден стандард на живеење и вклучување во општествените токови и институции. Тоа значи дека принципите за

кои се залагаат демократските општества не станале реалност.

Да се биде сиромашен во богато општество не е исто и да се биде сиромашен во сиромашно општество. Сепак, одредени карактеристики се заеднички за сите сиромашни без разлика каде живеат и на кој економски и социјален степен се наоѓа конкретното општество. Во нашата анализа ќе се обидеме да дојдеме до некои од заедничките карактеристики и специфичности на сиромаштијата денес, како во развиените земји, така и во земјите во транзиција по, скоро една деценија радикални промени во насока на изградба на општество на пазарна економија и плуралистичка демократија.

Прашањето кое денес си го поставуваат голем дел од истражувачите на земјите во транзиција се однесува токму на енормното зголемување на сиромаштијата. Има многу причини за проширувањето и продлабочувањето на сиромаштијата во овие држави а структурните промени во економијата и нееднаквоста во диструбуцијата на приходот се сметаат за најзначајни.

**Теории за сиромаштијата**. Пред да преминеме на анализата на сиромаштијата во нејзината социолошка и социо-економска дименија, накратко ќе укажеме на неколку теоретски гледишта, кои се присутни во социјалната наука а кои се обидуваат сириомаштијата да ја анализираат во поширок контекст на односите во општеството.

Без разлика на позицијата од која се поаѓа во анализата, скоро сите теории се сложуваат во едно, дека таа претставува непријатна состојба за човекот и дека треба да се решава и да им се помогне на сиромашните. Начините како тоа треба да се направи суштински ги разликува разните теоретски гледишта.

Познатиот социолог Херберт Спенсер беше остар критичар на сиромаштијата. За него сиромашниот човек е

лош, нечесен, скитник, криминалец. Оние кои се премногу мрзливи не треба да јадат. Одговорот на прашањето, зошто луѓето станале сиромашни, за Спенсер лежи во нивниот морален карактер. Вината за сиромаштијата лежи во нив самите, во нивната неспособност. Државата не треба многу да се меша во животот на поединецот. Ако таа им даде повеќе на сиромашните од износот на апсолутниот минимум за опстанок, во општеството ќе се прошират мрзливоста и моралното пропаѓање. Сиромаштијата е неопходна за општеството, без нејзино присуство ќе се изгуби желбата за работа, а тоа не е добро за прогресот на општеството.

Гледиштето на Спенсер, како и многу други слични на него се обидуваат да ја објаснат сиромаштијата врз основа на карактерните особини на поединецот: Да се биде сиромашен значи да се биде мрзелив и незаинтересиран за работа. Ако државата ја обезбеди нивната егзистенција, тоа само ќе ја зголеми нивната мрзеливост и ќе ја убие желбата за излез од таа состојба. Државата треба да се грижи само за оние кои не се во состојба сами да заработуваат, поради болест, старост, или било која друга причина која ги спречува активно да се вклучат во процесот на трудот.

Некои истражувања, кои беа реализирани во седумдесеттите години на дваесеттиот век, за што поопширно ќе говориме во продолжение, открија цврста врска меѓу ниската заработувачка и социјалната помош која ја обезбедува државата. Истражувањата покажаа дека, колку е пониска заработувачката, толку е поголем интересот за помош од државата, односно помал е интересот за работа. Во таа ситуација подобро е да се прима социјална помош, така резонираат сиромашните, која е приближно еднаква на најниската заработувачка, отколку да се прифати некоја тешка и нечиста работа и со тоа да се изгуби помошта од државата.

**Затворен круг-култура на сиромаштијата**. Истражувањата на сиромаштијата особено од средината на дваесеттиот век се интензивираат и се насочуваат во урбаните средини.

Според теоријата на „култура на сиромаштијата”, сиромашните се фатени во „затворен круг” од каде тешко се излегува, каде сиромаштијата раѓа сиромаштија и се пренесува од едно поколение на друго. Таа е предизвикана од условите за живот кои се крајно неповолни за сиромашните. Исхраната кај нив често е неквалитетна и недоволна и поради тоа сиромашните страдаат од неисхранетост, што има тешки последици особено кај децата и бремените жени. Лошата исхрана кај бремените жени може да го помести развојот на плодот и да доведе до предвремено породување. Недостатокот на белковини во исхраната може да доведе до успорен развој на мозокот на детето кое сеуште не е родено, а тоа подоцна да предизвика тешки последици во животот.

Сиромашните најчесто работат тешки физички работи за што е потребна калорична исхрана, која тие не се во состојба да ја обезбедат. Сиромашните во голем број случаи се здравствено неосигурани. Живеат во крајно неадекватни станбени услови, во влажни и пренаселени станови што крајно негативно се одразува врз нивниот психо-социјален живот.

Оскар Луис, познат американски урбан антрополог ќе забележи дека животот на сиромашните во многу нешта се разликува од другите членови во општеството, но и тоа дека тие се слични меѓу себе без разлика каде живеат. Тие формираат една посебна социјална состојба, за која Луис го употреби поимот „култура на сиромаштијата.” Основни карактеристики на таа состојба – култура, на ниво на поединец се: чувство на маргиналност, беспомошност, зависност, инфериорност, силна ориентација спрема сегашноста, чувство на резигнираност и фа-

тализам. На ниво на семејство за сиромаштијата карактеристични се: дивите бракови, разводите, деца со еден родител (што не мора да асоцира на сиромаштија, но за времето на Луис тоа било карактеристика на сиромашните). Сиромашните, во принцип не се вклучени во синдикатите, неформалните здруженија, невладините организации и политичките партии. Културата на сиромашните во суштина е реакција на „нивната маргинална положба во класното и раслоено и високо индивидуалистичко општество". Културата на сиромаштијата има тенденција трајно да ја обновува сиромаштијата, резигнираноста и фатализмот го зацврстуваат прифаќањето на ситуацијата. Децата на сиромашните веќе во шестата година се задоени со основните вредности на сопствената субкултура и не се психолошки подготвени да ги искористат променетите услови (Luis, O. 1985).

Еден друг социолог, во почетокот на шеесеттите години во Америка ќе рече дека „постои јазик, психологија, поглед на светот на сиромашните". Да се биде сиромашен значи да се биде странец внатре во сопствената држава, да се расте во култура која е радикално различна од онаа која преовладува во општеството. Сиромаштијата, според оваа теорија, се репродуцира од самата себе, луѓето се фатени во стапица, се прилагодуваат на условите, не ги чувствуваат нејзините последици, развиваат посебен начин на живот.

Оваа теорија уште на почетокот на нејзиното појавување предизвика широки и плодни расправи и критики. Критичките забелешки се однесуваат на идејата за можното постоење на посебна „култура на сиромашните."

Вилијам Нисканен (Niskanen, W.A., 1996) во статијата посветена на благостојбата и културата на сиромаштијата ја анализира зависноста на појавите на социјалната патологија и социјалната политика, односно промената на условите од страна на владината политика. Цел-

та на оваа студија е да се идентификува до кој степен патолошките појави се последица на еден заеднички комплекс од причини. Во групата на социјални патологии авторот ги анализира: зависноста од социјалните програми, сиромаштијата, децата родени вон брак, невработеноста, абортус и насилничкиот криминал. Накратко ќе ги изнесеме резултатите до кои дошол авторот.

Прво, зависноста од социјалните програми е во цврста врска со сиромаштвото. Поконкретно, пораст од еден процент на сиромашна популација, предизвикува 0,6 насто пораст на бројот на корисниците на социјална помош. Имено, секоја промена на доходот ја намалува или зголемува зависноста од социјаната помош. Потоа, само со еден процент на пораст на популацијата со завршено средно образование за 4 отсто ја намалува бројката на зависници од социјална помош.

Второ, сиромаштијата исто така е во релација со зависноста. Порастот од еден процент на зависната популација го подига бројот на сиромашно население за околу 0,3 насто. Потоа, сиромаштијата опаѓа со зголемување на просечниот личен доход и со степенот на образование. Зголемувањето на населението со завршено средно или високо образование за еден процент го намалува бројот на сиромашните за 1,8 насто. Сиромаштијата е во зависност и од етничката припадност, односно големината на сиромаштијата е во силна врска со припадноста на црното и латино-американското население.

Трето, бројот на вонбрачните деца е во голема зависнот од користењето на социјалните програми, невработеноста и припадноста кон „обоените".

Слични резулати се добиени и при анализата на другите три патолошки појави, абортусот, невработеноста и насилничкиот криминал. На пример, нивото на насилничкиот криминал е во силна врска со зависноста од социјалните програми. Порастот на социјално зависното

население од еден процент ја зголемува стапката на криминал за 0,6 насто. Стапката на криминалот е зависна од етничката припадност и порастот на градското население. Порастот на црното население за еден процент ја зголемува стапката на криминал за 3,8 насто, а порастот на населението со потекло од Јужна Америка за 1,9 насто. „Најконзистентни одбрамбени механизми против овие појави се образованието и повисоките просечни лични примања. Повисок процент од населението со завршено средно или високо образование ги намалува зависноста, сиромаштвото и невработеноста. Повисокиот просечен личен приход ги намалува социјалната зависнот, сиромаштвото и криминалот. Сепак, и повисокото образование и просечниот приход ги зголемува бројот на абортусите" (Niskanen W.A., 1996, 14).

Во многубројните истражувања, главно поттикнати од резултатите на антропологот Оскар Луис еден од најдоследните застапници на оваа теорија, се негира постоењето на некаква култура која би била својствена само на сиромашните, дека нема такви обрасци на однесување кои се типични само на една група.

**Сиромаштијата и социјалната структура.** Дали сиромаштијата може да се анализира надвор од целината на социјалната стратификација и воопшто надвор од социјалната структура?

Теориите од типот на „култура на сиромаштијата" и воопшто секоја индивидуалистичка теорија го поставува прашањето: Зошто доаѓа до сиромаштија? Кои се причините за нејзиното постоење во општеството?

Факт е дека сиромашните се наоѓаат на најниското скалило од социјалната стратификација. Таа се темели врз постоењето на нееднаквости во општеството, кои се последица на класниот - експлоататорски начин на производство. Најголемиот дел од богаството на државата се наоѓа во рацете на оние кои се сопственици на сред-

ствата за производство, а тие претставуваат малцинство. Бидејќи државата ги брани интересите на владеачките класи од неа може да се очекува само да ги ублажи последиците од сиромаштијата, односно да подржува или практикува начини со кои би се избегнале последиците од ниските плати. Прашањето, Зошто има сиромашни е исто со прашањето, зошто има богати? Оваа ориенатација во основа е марксистичка и таа се обидува функционирањето на општеството да го посматра низ борбата на класите, на оние кои се потчинети и оние кои владеат.

Ситуацијата на поединецот во општеството зависи од неговата класна позиција, од неговата позиција во процесот на трудот, од количината на моќ со која располага за да влијае врз пазарот на трудот за своја корист. Ова гледиште на Макс Вебер упатува на реалната состојба во која се наоѓа секој поединец неспособен за работа: старите и болни лица скоро немаат никаква моќ на пазарот на трудот и затоа имаат мали примања. Но, не се сите сиромашни од редовите на овие групи, од проста причина што врз тоа влијае и поранешната состојба.

Фактот што најголемиот дел од сиромашните се од редовите на овие групи, говори за тоа дека најчесто и пред тоа заработувале малку или биле корисници на социјална помош. Ниските плати се во функција на капиталистичкиот начин на производство: ако тие се зголемат тоа негативно ќе се одрази врз функционирањето на капитализмот.

Зошто постои сиромаштијата? Дали богатите земји можат (или треба) да ја надминат? За некои социолози, како што е Херберт Ганс, американски социолог, сиромаштијата опстојува бидејќи е корисна за определени групи во општеството. Доколку таа не би постоела, некои привремени, валкани, тешки и опасни работи не би имало кој да ги изврши. Сиромашните се гаранција дека тоа нема да се случи. Потоа нејзиното постоење создава

работни места за повеќе професии кои се грижат и им служат на сиромашните. И најпосле, сиромаштијата може да им го гарантира статусот на оние кои тоа не се а кои најчесто се споредуваат со сиромашните. Во секое „нормално“ општество има богати но и сиромашни. Барем тоа е очигледно во државите на благостојба.

**Сиромаштијата во економски развиените земји.** Пред да преминиме на анализата на сиромаштијата во развиените земји, накратко ќе се обидеме вниманието да го задржиме на неколку методолошки забелешки кои се важни за подлабоко разбирање на овој феномен.

Најголем дел од истражувањата на сиромаштијата во земјите од Европската заедница, големо внимание и посветуваат на дефинирањето на сиромаштијата поконкретно на определување на попрецизни стандарди и мерила за тоа кој се смета за сиромашен.

Во таа смисла, Грахам Рум во истражувањето на сиромаштијата во Европската заедница разликува два концепта: англо-саксонски, кој се фокусира на дистрибутивните проблеми особено на ретките ресурси и континенталниот концепт кој се фокусира на заедничките проблеми поврзани со социјалната позиција и социолошката интеграција на сиромашните во глобалното општество.

Во овие два концепта-традиции сиромаштијата е третирана не како резидуален социјален проблем одделен од другите во општеството, туку како интегрален дел од социолошката анализа како што е дистрибуцијата на ресурсите, социјалната нееднаквост и социјалната интеграција.

Еден друг автор, разликата на пристапот кон сиромаштијата ја прави во однос на начинот на живеење: за сиромашни се сметаат оние кои ги немаат неопходните ресурси, способностите или правото да стекнат минимум стандард според нивниот начин на живеење, а според вториот концепт, за сиромашни се сметаат ако имаат начин

на живеење кој претставува минимум стандард, без разлика на тоа од што е детерминиран таквиот начин на живот.

Првиот концепт се нарекува индиректен, бидејќи сиромаштијата е дефинирана индиректно преку детерми - нираноста од начинот на живот, додека во вториот случај таа е дефинирана директно од начинот на живот.

Некои автори се обидуваат да ги комбинираат предностите на едниот и другиот концепт во сфаќање за „стандардот за живеење". Имено, сиромаштијата се дефинира како состојба на „низок стандард на живеење што претставува лишување од начинот на живеење заради недостатокот на ресурси за да се избегне истото". Да се биде сиромашен, зависи од тоа како живееш, а не од тоа како се чувствуваш, е суштинскиот став на ова сфаќање, според кое, тоа значи да се биде исклучен од начинот на живот кој е карактеристичен за даденото општество.

Кој се смета за сиромашен? Некои луѓе за себе сметаат дека се сиромашни иако објективно тоа не се, или барем така се третирани од службите на институциите на државата кои се задолжени да вршат распределба на помошта на оние кои не се во состојба да заработат доволно средства за живот.

Она што е карактеристично за земјите во транзиција е фактот што навистина за голем дел од населението реалните приходи многу опаднаа и што голем дел од средниот слој се преселија во групата на сиромашни.

Ако од тој аспект ги анализираме специфичностите и карактеристиките на сиромаштијата во Македонија, тогаш сиромаштијата посматрана од еден социо-психолошки аспект во многу нешта ќе се разликува од сиромаштијата во државите на благосотојба во развиените општества на Запад каде профилот, карактеристиките и структурата се формирале низ еден подолг временски период и на „природен " начин.

Уште во деветнаесетиот век, кога започнува посериозно да се истражува сиромаштијата во Англија, она што истражувачите на почетокот се обиделе да го направат се содржело во утврдување на мерилата според кои реално ќе може да се мери сиромаштијата. Тоа било и во функција на помошта што државата им ја давала на сиромашните. Првата тешкотија со која се соочува секоја дефиниција на сиромаштијата е дали неа ќе ја третираме на ралативен или на апсолутен начин.

Кога говориме за апсолутна сиромаштија тогаш го имаме предвид минималниот стандард кој може да се примени за сите општества и сите поединци кои кога ќе се најдат под таа линија ќе се сметаат за сиромашни. Мерилата на апсолутната сиромаштија се темелат на идејата за опстанок, тоа е сиромаштво на маргините на физичкиот опстанок. Луѓето се во сиромаштија ако немаат средства за да преживеат.

Сиромашни се чии приходи не се доволни да ги задоволат основните потреби или како некои ги нарекуваат „темелните физички потреби", како што се прехраната - мерена во фактори како што се калориите и белковините: живеалиштето-мерено низ квалитетот на станот, неговата големина, хигиената и слично. Во оваа група на елементи кои служат за мерење на сиромаштијата, спаѓаат и степенот на смртност на доенчињата, квалитетот на здравствените услуги и по нешто друго кое се смета за неопходно и без кое не е можен нормален живот.

Некои автори поимот на апсолутно сиромаштво го прошируваат и во сферата на „темелните културни потреби", каде најчесто се наведуваат шансите за образование, сигурноста, користењето на слободното време и друго.

Не навлегувајќи во критичките забелешки на определбите на апсолутната сиромаштија кои се базираат на сфаќањето за постоењето на основните потреби кои се заеднички за сите луѓе, без разлика каде живеат и на кои

ладна протечна вода, континуирано школување, поседување на автомобил, фрижидер, здравствена заштита и сл., го поминале патот од луксуз, преку удобност до нужна потреба. Во право е Петер Тонсенд кога вели дека секоја дефиниција за сиромаштијата мора да се создава во односите со потребите и барањата на конкретното општество кое е во процес на постојани промени.

Сé до средината на дваесеттиот век, се сметало дека сиромаштијата не претставува проблем и дека таа за брзо време ќе биде искоренета со помош на бенефициите (социјалната помош) кои во тоа време ги уживале сиромашните. Оптимизмот се базирал и врз економскиот развој по Втората светска војна, на целосната вработеност и на успехот на социјалната политика. Приврзаниците на тоа сфаќање беа убедени дека распределбата на богаството, од страна на државата, ќе овозможи повисок стандард на работничката класа и повисок степен на правичност.

Постои уште еден аспект во дефинирањето на сиромаштијата-субјективниот. Субјективното чувство на благосостојба упатува на личните доживувања на социјалната ситуација. На пример, две семејства или поединци може да имаат еднакви материјални претпоставки за живот но, во однос на чувството дали се сиромашни или не тие се разликуваат: едниот може да биде максимално задоволен и себеси да се смета за богат човек и задоволен од животот за разлика од другиот кој себеси може да се смета за крајно сиромашен. Прашањето кое го поставува оваа ситуација се однесува на формирањето на „објективни“ мерила за субјективната состојба на поединците и семејствата. Имено, кога во однос на сите мерила еден човек или семејство се најдува под прагот, тогаш нема сомнение дека може да се смести во категоријата на сиромашен. Проблемите се појавуваат кога во некои мерења се најдува под а во некои над прагот на сиромаштија. Пример, дали човекот ќе се смета за сиромашен ако во

социјални групи припаѓаат, приврзаниците на концептот на релативната сиромаштија поаѓаат од ставот дека луѓето се многу различни, живеат во општества кои се разликуваат по степенот на материјалниот развој, но и во однос на разликите во културата и дека е тешко да се дефинираат потребите кои би важеле за сите. На пример, потребите од храна а при тоа да не се земе предвид занимањето, кое претпоставува разлики во внесувањето на калории во организмот кои се неопходни за извршување на некоја работа. Минималните потреби кои се неопходни за опстанокот на човекот зависат од многу други фактори и се различни во секоја култура и општество.

Сепак, мора да се признае дека и покрај оправданоста на критиките на концептот на апсолутната сиромаштија, постојат минимум услови за живот, под кој животот на секој човек без разлика каде живее и на кој степен од општествениот развој се наоѓа практично е незамислив, и е на границите на физичкиот опстанок. Тоа значи дека е потребно минимално количество на калории и белковини кои ако не бидат внесувани во организмот настапува смрт. Зарем денес во светот милиони луѓе не умираат од глад и немаат никаква здравствена заштита не е директна причина за смрт?

Со поимот на релативна сиромаштија сме поблиску до една реална и поцелосна дефиниција на сиромаштијата. Имено, поимот релативна сиромаштија се однесува на стандардите на конкретно општество и во едено конкретно време. Според оваа концепција линијата која ги дели сиромашните од другите членови на општеството е повлечена според тоа колку е богато тоа општество.

Ако во едно општество кое е економски неразвиено некои материјални потреби се луксуз тогаш тоа не значи дека тие ќе бидат луксуз во оопштество кое се наоѓа на повисок степен на развој. На пример, во богатите општества, производите и услугите како што се топла и

однос на објективните мерила го сметаме за сиромашен но во однос на субјективните тој лично не се смета себеси за тоа или обратно? Кој е посилниот критериум, или е пореално да се земаат двата критериуми комбинирано?

**Сиромаштијата како социјална категорија.** Расправата за сиромаштијата сигурно дека не може да не доведе до концептот за класите. Нашата цел не е да расправаме за тоа, што во краен случај ја детерминира сиромаштијата и што би значело расправа за глобалните аспекти на модерните општества. За нас е важно прашањето, дали сиромаштијата може да се третира како еден вид класа или подкласа, дали таа може да биде воопшто идентификувана како група со карактеристики кои се својствени за едно општество.

Нема сомнение, ако говориме за сиромаштијата како за група тоа е можно само во нејзиното статистичко разбирање, едноставно како статистичко групирање на индивидуите со слични карактеристики. Тоа во голема мера се засилува со фактот што станува збор за поединци или семејства кои живеат гетоизирани во одделни подрачја од градовите. Истражувањата на американските социолози во тој поглед навистина нудат обемни сознанија за американската стварност, земја која се смета за една од најбогатите во светот. Во суштина, во секое мултиетничко општество во кое на еден простор живеат различни етнички групи и кое е социјално раслоено се случува одделни етнички групи да бидат многу повеќе погодени од сиромаштија од другите што предизвикува дополнителни прашања кои длабоко навлегуваат во основите на демократичноста и правичноста на системот .

Накратко, што покажаа истражувањата на американските социолози. Дали во американското општество постојат категории од населението кои се издвоени од другите по некои карактеристики кои упатуваат на тоа дека станува збор за сиромашни и исклучени и дали тие

особини се карактеристични само за припадниците на некои етнички или религиозни групи.

Дискусиите за сиромаштијата во САД се водат повеќе децении наназад и главно се поврзани со постоењето на подкласата (underclass). Под овој термин се подразбира еден широк дијапазон на значења за кој едно е заедничко, неговата тесна врска со „културата на сиромаштвото" која има подолга традиција на анализа.

Една од највлијателните студии за сиромаштвото во САД претставува книгата на Вилсон (Wilson, W.J., 1987). Тој ја разви тезата дека во САД постои поткласа која претставува хетерогена група во чиј состав влегуваат семејства и поединци кои се хронично сиромашни, често невработени а најчесто гетоизирани во делови од градовите каде се регистрирани најголем број на криминални и патолошки појави. Дезорганизацијата и социјалната изолација проследени со лошите услови за живот, насилство и обележеноста дека станува збор за „лоши квартови" се главен белег на оваа поткласа. Имено, како резултат на систематска дискриминација која има долга историја, се јавува висок степен на невработеност, висок процент на разводи и појава на самохрани мајки, вонбрачни деца и криминал. Уште во почетокот на седумдесеттите години дебатите за поткласите го фокусираа вниманието на динамиката на црното сиромаштво во градовите и неговата врска со промените во економијата и социјалната структура во урбана Америка.

Слични истражувања се правени и на примерот на француските градови каде е забележан процес на исклучување на сиромашното население, особено во предградијата но, не може да се говори за процеси на расна или класна сегрегација. Во предградијата „без квалитет", француските социолози откриле дека живеат четири категории сиромашно население. Во првата група се наоѓа населението кое има постојани приходи, го сочинува-

ат вработени кои живеат во станови кои се градени со помош на државата и главно населени со претставници од вишите слоеви на работничката класа или нижите делови од средната класа. Втората група ја сочинуваат слабо платени работници, вистинска сиромаштија која е лоцирана во предградијата на француските градови, модерен лумпер пролетеријат кој е гетоизиран и кој тешко може да ги напушти овие делови од градовите. Третата група главно ја сочинуваат оние кои се корисници на социјална помош од државата, кои привремено се невработени. И најпосле, четвртата група ја сочинуваат домаќинства и поединци кои се зависни од социјалната помош и не се вработени (Dubet F., Martuccelli D., 1998,).

Во француските градови за разлика од американските, иако жителите на предградијата се наоѓаат во слична ситуација, нема сомневање дека станува збор за категоријата која е социјално исклучена но, не може да се каже дека француските предградија се резултат на расна или класна дискриминација (Strobel, P., 1996).

**Сиромаштијата во земјите во транзиција: обид за компаративни истражувања.** Според Вилсон (Wilson F., 1998, 18), во секоја економија до израз доаѓа посебен тип на сиромаштија. Денес во светот може да се идентификуваат пет категории на економски системи кај кои може да се идентификуваат и посебни типови на сиромаштија, меѓу кои економиите од источно-европски тип заземаат посебно место. Имено, се работи за земји во кои се случија големи промени во економијата но и во улогата на државата, што предизвикаа голем пад на животниот стандард на голем дел од популацијата за многу кратко време. Причините за осиромашувањето на населението и последиците кои настана од тоа се различни во однос на други земји во светот. Карактеристиките на сиромаштијата во себе содржат и културни и национални обележја, покрај разликите кои произлегуваат од стопански-

от развој, политичкиот систем или стратегијата за нејзиното решавање.

Во развојот на земјите во транзиција, односно бившите социјалистички земји сиромаштијата се јави како значаен проблем. Во некои земји, меѓу кои е и Република Македонија сеуште трае процесот на осиромашување на населението. Системот на социјална заштита во глем дел од земјите се покажа несоодветен во однос на намалувањето на негативните ефекти кои таа ги предизвикува. Осиромашувањето излезе од рамките на економските и социјалните граници и се повеќе станува предмет на расправа во рамките на моралот и политиката.

На прашањето дали за земјите во транзиција може да се издиференцираат заеднички карактеристики на сиромаштијата е навистина тешко да се одговори.

Нашето согледување се базира на емпириски истражувања реализирани во неколку земји во транзиција кои настанаа со распадот на поранешниот Советски сојуз и неколку земји кои беа надвор од неговиот состав но кои го практикуваа советскиот систем (Milanović, B., 199, Grooteart Ch., Braithwaite J., 199). Во анализата се земени следните земји: Русија, Естонија и Киргизија од составот на поранешниот Советски сојуз и Бугарија, Полска и Унгарија кои го практикуваа советскиот систем, а беа надвор од неговите граници.

Во средината на деведесеттите години стапката на сиромаштија во овие земји се движи меѓу 21 отсто и 40 отсто. Пониските стапки се карактеристични за Унгарија и Полска а повисоките за Русија и Киргизија каде достигнува и до 40 отсто.

Сиромаштијата во поранешниот Советски Сојуз беше прикриена и неприфатена, но беше факт дека десетина проценти од населението е сиромашно. Слична беше состојбата и во останатите земји од сцијалистички-

от блок. Главните причини за зголемување на сиромаштијата се во економскиот пад на некои земји проследен со хиперинфлација, зголемувањето на разликите во приходите меѓу различните социјални групи и распределбата на доходот како и погрешната проценка на распределбата на реалната потрошувачка во предтранзиционият период.

„За време на предтранзиционият период, платите и цените беа контролирани а храната и стоката за широка потрошувачка беа дистрибуирани зависно од дневната потрошувачка. Ниту потрошувачката, ниту заработувачката не се одразија адекватно на реалната потрошувачка на домаќинството бидејќи дел од потрошувачката беше распределувана на домаќинствата преку непазарен начин. На пример, вработените со подолг стаж во поголемите компании добиваа повеќе намирници од оние со помал стаж......" (Grootaert Ch ... 1999, 48).

Профилот на сиромаштијата покажува некои заеднички карактеристики на земјите од бившиот Советски сојуз и земјите од Источна Европа.

Прво, руралната сиромаштија е повисока од урбаната. Во урбаните региони, главниот град има најмала сиромаштија, освен во Унгарија и во источно-европските главни градови.

Второ, во источно-европските земји постои многу силна взаемна врска меѓу појавата на сиромаштијата и бројот на децата во домаќинството. Домаќинствата со едно лице особено формирани од стари женски лица имаат највисока стапка на сиромаштија. Потоа, домаќинствата кои се состојат од пензионери имаа над просечна стапка на сиромаштија .

Трето, највисока стапка на сиромаштија се јавува кај лица кои ја изгубиле редовната работа и во домаќинства со двајца и повеќе невработени или со ниту еден вработен член, кои се на товар на социјалните фондови.

Најголем процент на сиромашни се јавува во редовите на работничката класа која заработува многу под просекот на заработувачка .

Четврто, врската меѓу сиромаштијата и образованието укажува на сознанието, повеќе пати споменато во анализата дека, оние со високо образование најмногу успеале да ја избегнат замката на сиромаштијата од проста причина што тие категории се најмногу барани на пазарот на трудот и тоа што тие во просек заработуваат многу повеќе од оние со понизок степен на образование.

Заклучокот до кој доаѓаат авторите а се однесува на факторите на осиромашувањето се сведува на следното. Прво, образованието игра важна улога во подобрување на стандардот, лицата со повисок степен на образование помалку се подложни на осиромашување. Второ, поседувањето на приватно претпријатие го подобрува стандардот меѓу 20 и 30 отсто. Ова особено се однесува во развојот на малите бизниси, кои постепено ќе овозможат отворање на нови работни места со што значајно ќе се намалува и невработеноста а со тоа и сиромаштијата.

## МАКЕДОНИЈА ВО ТРАНСФОРМАЦИЈА

Последните пет-шест години Македонија е зафатена од бран на анкетни истражувања кои главно се насочени кон регистрирање на сé она што се случува на економски, социјален и политички план. Впрочем тоа се прави и во другите земји во транзиција, но во македонскиот случај трансформацијата на македонското општество често е предмет на емпириски истражуања но не и на продлабочени теоретски расправи кои би упатувале на спецификите на општеството кое десетина години е во грозничава потрага по идентитетот на промените. Но, не само како промени кои со себе ги донесе пазарната економија и плуралистичката демократија, туку на еден поширок план, кој произлезе од состојбата која е резултат на низа други околности кои избија на преден план последните неколку години.

Навистина, и после десетина години интензивни промени, за кои сеуште е нејасно кон што се насочени, не во нормативна, туку во социолошка смисла, македонското општество не било предмет на посеофатни и посериозни анализи. Сигурно за тоа дека постојат повеќе причини. Во период на брзи и драматични промени не е можно соодветно теоретски да бидат проследени и објаснувани. Ситуацијата по молскавичниот распад на социјализмот како да ги остави теоретичарите без зборови, што сé чини, во нашата средина трае премногу долго.

Трансформацијата на постсоцијалистичките општества е сложена, таа длабоко навлезе во сите сегменти на животот на луѓето. Кога говориме за социолошката димензија на промените на македонското општество по деведесетите години, истата можеме делумно да ја разбереме по аналогија и компарација со промените и карактеристиките на другите општества во транзиција, осо-

бено со оние кои се наоѓаа на приближно ниво на развој и држави кои настанаа со распаѓање на бившите федерации, особено оние новоформирани држави од составот на бивша Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) и бившиот Советски Сојуз (СССР).

Македонија како федерална единица во рамките на Социјалистичка федеративна република Југославија егзистираше скоро половина век и би било нормално ако развојот во Македонија го споредиме со некоја од федералните единици кои денес претставуваат самостојни држави. Но, и површниот поглед на развојот на Македонија, во споредба со другите држави, веднаш нé упатува на сознанието дека станува збор за специфичности во развојот кои секоја компарација ја прават непотребна. Дел од нив подолго време беа во војна, дел од нив задоцнија со почетокот со реформите. Словенија пак, на пример, со првата фаза на промните заврши многу брзо и веројатно таа и формално ќе стане дел од Европа. Во тие околности секоја компарација има ограничено значење, барем од две причини: првата е содржана во т.н објективни детерминирачки фактори како што се специфичностите на земјата на културен план, националниот состав на населението и степенот на економски развој, и втората т.н. субјективен фактор кој е содржан во улогата на елитите во развојот на општеството. Ова во смисла дали станува збор за елити кои придонесуваат за повисок степен на демократија, односно демократска консолидација или елити кои се ретроградно насочени кон задоволување на сопствените интереси или се националистички обоени кои во секој случај не го водат општеството кон повисок степен на демократија и постојано се во судир во борбата за власт во која масите се само објект на манипулација. Во тој поглед состојбата во Македонија е крајно недефинирана и нејасна. Секоја партиска и политичка елита во исто време осудува и е осудена за „предавство" на националните интереси, секоја елита осудува и е осудена за тешки

криминални активности, кое има тешки последици во развојот на општеството.

Нашата анализа на македонското општество се движи во неколку насоки, но е без амбиција да навлегува во главните претпоставки на развојот. Сеуште, истражувањата на македонското општество не ја надминале фазата на собирање на емпириски податоци кои упатуваат на тоа што се случува во одделни сегменти од социјалниот, политичкиот и економскиот живот во Македонија но, без јасна теоретска претстава за карактерот на промените. Ориентацијата на истражувањата изобилува со една јасно препознатлива карактеристика дека станува збор за промени кои не се во насока на посакуваните цели: ефикасна економија, повисоки права и слободи на граѓаните, повисок стандард на живеење, поголема социјална сигурност, но и право на отворена критика на владеачките елити во запоставување на општите интереси на сметка на сопствените егоистички цели и потреби.

Првата насока на анализата главно се однесува на компарација со соседните општества и врз аналогија на резултатите и показателите на социјалниот, економскиот и политичкиот развој на земјите кои се слични со Македонија. Промените на социјалната структура, промените на стандардот на живеење и процесите на демократска консолидација се интересни за компаративни истражувања не само во поглед на разликите и сличностите во развојот, туку и во поглед на согледување на неговите специфичности. Социјалните науки во тој поглед изобилуваат со емпириски сознанија, кои упатуваат на сознанија за кои може да се рече дека се заеднички за многу земји. На пример, процесот на осиромашување на населението, изчезнувањето на средната класа (формирана во време на социјализмот, која масовно се сели во подолните слоеви кои го формираат најголемиот дел од општеството), формирањето на новите владеа-

чки елити, процесите на приватизација на државната/општествената сопственост и процесите на демократизација, имаа многу заеднички карактеристики.

Втората насока на истражувањето се однесува на специфичностите на македонското општество, на процесите во сферата на: а/ социо-економските промени.... б/ нормативно - институционалното конституирање на Македонија по деведесеттите години; в/ социо-културните претпоставкли на развојот; г/ политичките ставови; д/ промената на социјалните вредности и ориентации ѓ/ етничката димензија на промените.

**Македонскиот пат во транзиција: демократизација, приватизација, трансформација.** Прашањето, дали Македонија е демократска земја, освен во партиските пресметки во борбата за власт не е сериозно анализирано. На многу места и во различни поводи ќе сретнеме ставови за одделни аспекти на демократскиот развој на Македонија, но сѐуште никаде нема да сретнеме сериозна и посеопфатна анализа правена врз сериозни истражувања.

Македонија последните две години, од почетокот на 2001-та година се најде во една крајно сложена ситуација која започнува со воени дејствија на северната граница, продолжува со договорот во Охрид и промените на Уставот (и многу други промени кои се во голема мера изнудувани од меѓународните фактори), но и од внатрешните судири кои ситуацијата ја прават многу сложена и непредвидлива. Долго време само/залажувана дека претставува „оаза на мирот” Македонија е меѓу последните земји во транзиција која ги остави на крај горливите прашања за решавање и која сеуште нема дефинитивни одговори и решенија. Таа ситуација не е само резултат на надворешните, туку пред сѐ, на внатрешните фактори.

Одговорот на прашањето, дали Македонија е демократска земја, може да биде повеќезначајно заради

тоа што секој одговор во исто време е „вистинит" или „лажен ", односно може да биде „позитивен" или „негативен". Тоа само ја потврдува тезата дека ситуацијата на „општеството во премени" е до тој степен неопределена и нејасна во која се случуваат многу неочекувани, непожелни, апсурдни нешта кои предизвикуваат чудење што не е својствено за оние кои се бават со наука. Според О'Донел и Шмитер (O'Donnel & Schmitter, 1986), високиот степен на неодреденост е условен од околностите во кои неочекуваните случувања, недоволната информираност, брзите и непредвидливи реагирања, недоразбирањето околу поривите и интересите, оформувањето, па дури неодреденоста на политичкиот идентитет, исто како и надареноста на поедините личности, често се пресудни за крајниот резултат. Сите тие краткотрајни политички промислености, кои ние овде ги нагласуваме не можат да бидат „дедуцирани" од структурата ниту „пропишани" за нив..."

Поставувањето на прашањето, дали Македонија е демократска земја, пред нас поставува еден важен теоретски проблем. Дали тоа значи дека поради низа објективни фактори кои произлегуваат директно од општествената структура, кои делуваат објективно, детерминирачки, кои не им дозволуваат на главните актери да делуваат надвор од „нужноста" која е зададена од ситуацијата. Ако општеството објективно не постои, во строга смисла на зборот, туку постојат низа неповрзани сегменти кои би требало да го насочуваат делувањето на актерите за што не мора да има реална основа. Пример, приватизацијата на некои претпријатија не мора да биде мотивирана од поголема економичност во работењето или поголем профит, туку може да се работи за една мала група која едноставно ги задоволува сопствените посебни интереси, под изговор дека се труди да ги реализира заедничките цели кои се зацртани во програмата за приватизација. Вредноста на при-

ватизацијата е единствено мотивирана од потребите на актерите кои делуваат и со тоа предизвикуваат промени Во тој случај човековото дејствување е мотивирано од посебни интереси. За да се разбере приватизацијата во тој случај потребно е да се разберат вредностите на групите кои имаат главна улога во тие процеси или, доаѓа до поклопување на „објективноста на процесите“ и „вредносниот систем на актерите”. Намерата на елитата, главно составена од претставници кои имаа важна улога во претходниот систем, успехот на приватизацијата (општествениот интерес) да биде на таков начин каков таа смета дека е најдобар! Македонскиот пример на приватизација беше во прилог на највлијателните групи од стопанството во периодот кога се донесе Законот за приватизација (1994). Најпрофитабилните фирми беа приватизирани според методот на менаџерски откуп, кој апсолутно беше во прилог на раководните структури на најуспешните претпријатија.

Ако се запрашаме, дали во Македонија има демократија, врз основа на примерот со приватизацијата и воопшто економските реформи, индиректно би рекле не, затоа што елитата наметнала еден систем на распределба на материјалното богатство (познат како процес на приватизација) кој апсолутно и одговара, прогласувајќи го тоа за законит процес и во интерес на мнозинството. Но, ако се обидеме да дадеме директен одговор на прашањето, тогаш демократијата се однесува на плурализмот на политичките интереси, слободните избори, законитоста, што во нашиот случај, нема сомнение станува збор за легална приватизација, но без потребната легитимност!.

Одговорот на прашањето, дали во Македонија има демократија е многу сложен и структуриран во смисла на следното: постоењето на демократија во Македонија не зависи само од наследството на стариот систем, од структурата која е формирана и која силно при-

тиска врз пројавувањето на идните облици на новото општество, туку и од улогата на актерите кои им даваат силен печат на промените. Во остварувањето на демократијата во Македонија има премногу случајни нешта, кои во рацете на влијателните политичари го свртуваат текот на настаните. Од политички манипулации и безобзирна борба за власт до историски значајни процеси кои се случуваат во исто време и на исто место! Дали резултатот од тоа ќе биде нешто сосема неочекувано? Улогата на истражувачите е да ги согледаат односите меѓу главните актери и социјалните феномени кои ја имаат детерминирачката улога.

Потоа, одговорот на прашањето дали има демократија во Македонија, впрочем како и во секоја земја во транзиција во која власта се освојува на избори, би бил позитивен. Но, и тоа не мора да значи. Може да постојат сите претпоставки за едно демократско општество, а сепак демократријата да биде ускратена во многу нејзини димензии. Што во тој поглед се случува во општеството, поконкретно во Македонија? Дали Македонија има реални претпоставки за развој и консолидација на демократијата?

Ако прашањето го поставиме во смисла на тоа дека во Македонија нема демократија но и тоа дали во Македонија може да има демократија, тогаш се поместува значењето на одговорот.

Според Линц и Степан (Linc & Stepan, 1998, 457), расправата за демократијата во земјите во транзиција, донеодамна социјалистички држави, се сведува на три релевантни точки:

Првата се однесува на односот на пазарот и демократијата, односно дали пазарот ќе го донесе легитимитетот на демократијата. Авторите се обидуваат да покажат на примерот низ историјата на успешните демократизации што упатува на заклучокот дека во пра-

ксата се случува обратно, демократријата е таа која му дава легитимитет на пазарот.

Втората релевантна точка во расправите за демократијата упатува на неопходноста од истовременост во резултатите од демократризацијата и успешноста на економските реформи. Лошите економски резултати ќе предизвикаат застој во поддршката на демократијата што авторите не го прифаќаат, како нужен факт дека тоа мора да се случи.

И најпосле, третата точка на расправата е поврзана со враќањето на бившите комунистички политичари и нивната партија на власт, како што беа примерите со Унгарија, Полска и Литванија. На почетокот тоа беше протолкувано како „враќање кон комунизмот“ а авторите очигледно погрешно ја поставија анализата.

Прашањето за редоследот на реформите, кое не беше јасно поставено и формулирано, на почетокот на реформите а и денес десетина години по радикални промени, сеуште е актуелно. “Теоретски погледнато, целта на модерната демократрија не е формирање на пазарно стопанство туку, формирање на економско општество. Освен тоа, потполно е логично, поради трансформацијата на диригираната економија во тоа општество да се јави потребата од создавање кохерентна регулатива и атмосфера на владеење на правото. Ако е тоа така, тогаш е јасно дека најголем приоритет е создавањето на демократска државна регулатива” (Linc & Stepan, 1998, 549). Државата е таа која може да води политика во насока на ефективна приватизација, но тоа не значи дека е потребен голем обем на државна регулатива и интервенција!” Во контекст на комунистичките постдирИгирани стопанства, државата која забрзано слабее не е во состојба да раководи со процесите на делотворна приватизација”(550).

Приватизацијата, без разлика на методите како е изведена, често се сфаќа како клуч на структурните претпоставки на пазарните демократии и економски темел на новите демократии, со што Линц и Степан не се согласуваат. За нив на врвот на хиерархијата на демократскиот легитимитет се наоѓаат општите демократски процеси. Ако демократијата по 1989 година ја легитимираме преку ефикасноста на новите капиталисти, тогаш ја превртуваме „пирамидата на легитимитетот".

Процесот на приватизација, во најголем број од земјите во транзиција, од населението беше оквалификувана како „кражба", нешто кое е надвор од законите. Под претпоставка нив да ги има, или во услови кога ги нема тие се толку двосмислени и во прилог на владеачките структури, што во голема мера е изгубен нивниот легитимитет, што се добива впечаток дека се работи за кражба, а некои говорат за мафијашки начин на приватизација. Во таа ситуација новите капиталисти го немаат потребниот легитимитет, затоа што потеклото на нивниот имот често се осудува за незаконито присвојување на општествената сопственост.

Вредноста на ставот дека легитимитетот на пазарното стопанство го обезбедуваат демократскиот и политичкиот систем, авторите го изведуваат од историските и емпириските истражувања на западните демократии. Но, дали тој има доволно сила да опстои и во примерот на новоформираните демократски општества е прашање за кое треба да се дискутира.

Како што претходно констатиравме процесите на трансформација на македонското општество не биле предмет на посеопфатна социолошка анализа. Сеуште, во однос на многу прашања за развојот на Македонија судиме по аналогија или по примерот на другите земји . Тоа во голема мера се однесува за промените во економијата, пред сé приватизацијата, политичките промени,

конституирањето и етаблирањето на повеќепартискиот политички ситем и слично. Но, последните две-три години се чини дека Македонија излегува од кругот на земјите во транзиција кои можат едноставно да се споредуваат со други земји со сличен развој. Македонија во себе вгради премногу специфичности во потрагата по сопствениот идентитет, особено со последните случувања поврзани со војната, Охридскиот договор, промените во Уставот. Да се анализира состојбата во Македонија на еден нормален начин се чини е неостварлива желба, од проста причина што тешко е да се „допре" до некоја стабилна структура на односи која може да биде предмет на анализа. Потоа, ако расправаме за промени, веднаш се наметнува неодминливото прашање на „промени од што и кон што". Така повторно можеме да западнеме во теоретски недоречености за односот на економијата и демократијата, моралот и политиката, легитимитетот на новите владеачки групи во економијата, политиката, и меѓуетничките односи.

За земјите како што е Македонија, која сеуште не е излезена од првиот стадиум на транзиција, за разлика од некои земји кои излегоа или ги надминаа најтешките фази во развојот, расправата за овие и на нив слични прашања во суштина е различна. Смислата на прашањето за степенот на развиеност на демократијата или нејзината консолидација за земјите каква што е Македонија се однесува на факторите кои ја попречуваат а кои немаат само „објективна" основа, туку, пред сé, фактори кои се содржани во улогата на субјектите на промени, во редовите на политичките елити, во карактерот на демократската борба за власт, во партиското организирање. Македонија долго време живее во фаза на „меѓусебно договарање на претставниците на партиските елити", нешто што опасно ги загрозува темелите на демократијата и ги дерогира институциите.

Трансформацијата на сопственоста во Македонија е при крај, таа завршува исто како и што почна: без јасна цел, нетранспарентно, без потребната поддршка од населението, политички конфузна, преполна со скандали, препуштена на мигот на односите на моќните групи во општеството и во услови на неповолно опкружување (надворешни фактори). За тоа што се случува на планот на приватизацијата, сеуште трае впечатокот кој се формира негде во средината на деведесетите години, кој остана и по седум години (почетокот на 2002 година). Што во суштина се случило во Македонија, освен статистичките податоци кои повремено се објавуват од страна на државните институции и обилните новинарски извештаи, честите обвинувања за големите кражби, нема сериозни истражувања од страна на економистите и социолозите последните пет- шест години. Но, нема приватизирано претпријатие во Македонија кое не е сериозно новинарски „обработено" за тоа како е извршена трансформацијата на капиталот. Најчесто се говори за нелегитимна, нетранспарентна и партиски обоена приватизација, а во последните година-две за продажба на фирмите со голем дисконт. Фирмите се продаваат како и секоја друга стока, но во отсуство на законите на пазарната економија. Тоа би било во ред ако државата ги штити интересите на општеството, а не само интересите на партијата на власт, поконкретно поединци од нејзината партија.

Без разлика на критериумите за оценка на степенот на неуспешноста на реформите, Македонија без сомнение ќе ја сместиме во земјите со не многу успешна трансформација. Не навлегувајќи во причините за тоа, само ќе го истакнеме фактот кој говори за ситуацијата во која се најде Македонија по случувањата во соседството, од воени кризи, блокади на границите до војна на сопствената територија, што во голема мера влијаеше Македонија да не започне со нормален развој на економски и политички план.

Би било неоправдано да се очекува дека начинот на трансформацијата на сопственоста во Македонија суштински би се разликувала од другите земји во транзиција. Но, би било навистина добро да се направи една компаративна анализа, десетина години од почетокот на трансформацијата, на ефектите од промените на сопственоста на економски, политички и социјален план. Факт е дека начинот на кој беше реализирана приватизацијата во Македонија, не го поттикна развојот на пазарот на капиталот, дека допрва треба да се извршат суштинските промени, и тоа дека Македонија скапо ја плати економската и социјалната цена на реформите. Тоа се најчестите констатации на економските аналитичари на реформите на Македонија.

Прво, во поглед на економските ефекти и за тоа колку приватизацијата ги направи претпријатијата економски профитабилни е интересно прашање, не само за науката туку, пред сè, за практиката. Иако, за така кус рок не би требало да се донесуваат цврсти заклучоци, сепак компаративните истражувања во однос со државните претпријатија заслужуваат внимание. За жал, за Македонија на тој план нема анализи, но останува фактот дека надворешното влијание врз нормалната работа на фирмите скоро во континуитет, од почетокот на деведесеттите години, делуваше во негативна насока. Во тој поглед, проблем претставува и тоа колку анализата може да биде од теоретска и практична корист, бидејќи станува збор за една ненормална ситуација која е главно предизвикана од надворешни фактори.

Второ, принципот на праведност, ако праведноста се разгледува од аспект на целината на резултатите, се чини, не може да се говори за праведност. Ако праведноста ја посматраме од аспект на критериумите за распределба повторно се сретнуваме со „несоборливи докази за постоење на голема неправда". Богатењето на мала група ја поткопува помислата дека живееме

во праведно општество, уште повеќе што владее убеденост дека присвојувањето на сопственоста не е прилог на праведноста. Секоја приватизација асоцира на „неморал”, „кражба”, „грабеж”, „незаконитост”, нешто што ја деморализира социјалната енергија во мобилизација за промени и голем дел од населението го фрла во агонија.

Трето, трансформацијата на сопственоста се случува во услови на драматично раслојување, осиромашување, невработеност, пад на стандардот, социјална исклученост на голем дел од населнието. Тоа особено тешко се одразува врз припадниците на донеодамна средните слоеви кои масовно се селат (скоро се преселија) во редовите на подолните социјални класи и сиромаштијата.

Дали во Македонија може да се случи мирна и демократска промена на власта во услови кога таа се доживува, не како чин на демократско надигрување туку, како губење на привилегиите на владеачките групи кои во голем степен ја партизирале државата и институциите и ги претвориле во „поле на привилегии”?

За тоа каква била трансформацијата на сопственоста, сами по себе говорат статистичките податоци. Имено, во спроведувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (1994) само за проценките на вредноста на претпријатијата се потрошени над 30 милиони германски марки, што е половина од сумата која е платена за приватизацијата! Што се случувало на релација Агенција, како државна институција која го помага (насочува) процесот на приватизација, моќните политички и партиски структури за кои секогаш Агенцијата била цел, моќните групи поврзани со инстутуциите кои ја правеа проценката, не е тешко да се претпостави, но е тешко да се аргументира. Беше воспоставена тесна врска меѓу оние кои ги предлагаа законите, вршеа проценка на сопственоста,

со оние групи и поединци кои беа на раководни места во претпријатијата кои требаше да се приватизираат а кои важеа за успешни претпријатија. Тие луѓе денес се истакнати приватни сопственици на големи фирми кои вредат десетици милиони долари!

Кога ќе се погледне структурата на приватизираните претпријатија, според моделот на приватизација, ќе се забележи дека најголем дел од успешните претпријатија се приватизирани преку моделот на преземање на управувањето на претпријатието или познат како „менаџерски откуп".

Имено, според овој модел на приватизација менаџерските тимови беа исклучиво формирани од постојните менаџерски кадри во самите претпријатија. Кога стана јасно дека приватизацијата на големите претпријатија е тешко остварлива и покрај поволностите кои ги понуди Законот за приватизација „затоа што никој не покажа интерес да стави пари на маса", овој проблем беше решен на „оригинален" начин. На менаџерските тимови на претпријатијата им беше дозволено да ги употребат сопствените интерни акции, стекнати претходно во процесот на приватизација според старите прописи како сопствено учество. Бизарноста на овој чин се гледа во фактот што во дадениот момент овие „акции" имаа само номинална вредност, а во најголем број на случаи тие и не постоеја (постоеја само обични листови хартија кои служеа како списоци за „запишаните акции" и како потврда за поседување на акции) (Славески Т., 1997,133-134).

„Оригиналноста" на приватизацијата во Македонија уште долго ќе ја вознемирува јавноста и експертите. Но, она што заслужува осебно внимание е фактот што се работи за приватизација кај која „трансформацијата на внатрешните односи и на управувањето во претпријатијата допрва претстојат" (Богоев, К., 1997, 8).

Приватизацијата на општествената сопствеост во Македонија по начинот како е изведена, ефектите кои ги предизвика, последиците кои уште долго ќе бидат присутни во иднина, во смисла на нејзината недореченост и конфузија, е единствена во споредба со другите земји во транзиција. Недостатокот од сериозни истражувања за приватизацијата на економските и социолошките карактеристики, не ни дава за право да формулираме цврсти заклучоци за тоа што навистина се случи по донесувањето на Законот за приватизација (1994). Сепак, денес кога тој процес заврши, неколку сознанија се наметнуваат како неминовни.

Прво, факт е дека раководните групи од претходниот систем успешно се трансформира во „нов тип на менаџери" приграбувајќи го (законски !) имотот на претпријатијата, особено на успешните претпријатија. Практично државата им даде клучно место во процесот на приватизацијата на директорите од претходниот систем од идеолошки, политички или лични причини и на тој начин им овозможи да го задржат нивните раководни функции од една страна, а од друга страна енормно да ги зголеми нивните права, не зголемувајќи ги нивните обврски. (Тодоровски , И., 2000,33).

Второ, процесот на приватизација се вршеше главно вон контролата на државата, пред сé, како административен а не како економски чин, што создаде големи контрадикторности во нејзината реализација. Во еден извештај на Агенцијата за приватизација (1996), како државна институција овластена да се грижи за реализација на приватизацијата се констатираат многу негативности кои го доведуваат во прашање нејзиниот легитимитет од страна на „лицата кои го преземаат управувањето" односно „старо-новите менаџери". Имено, како што се констатира во извештајот, проблеми се јавуваат при спроведувањето на моделите на продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и откуп на претпри-

јатието од страна на вработените. Во тие случаи се врши притисок врз вработените да се откажат од нивните акции против своја волја, се користат методи на уцена или манипулација со вработените, а се со цел да остварат лична корист предизвикувајќи директна негативна пропаганда на процесот на трансформација во државата.

Трето, социјалната и економскта цена која Македонија ја плати (и сеуште ја плаќа) за реализација на реформите е огромна. Кога ќе ја споредиме со другите земји во транзиција ќе констатираме дека Македонија сеуште и по десетина години од почетокот на реформите го нема достигнато нивото на БДП од 1989. Скоро целиот период, според овој важен показател, Македонија се наоѓа на последното место од сите земји во транзиција со остварен, околу половина БДП од 1989. Тоа е случај и во однос на другите значајни показатели како што се опаѓањето на учеството на индустријата во вкупниот БДП, кое во 1997 опаѓа на 19 отсто со тенденција на понатамошно опаѓање. Цената на реформите, како што ќе видиме подоцна е многу изразена и во сферата на вработувањето, падот на животниот стандард, социјалните проблеми, порастот на сиромаштијата.

**Социјално раслојување, социјално исклучување, и несигурност на граѓаните на Македонија.** Во почетокот на деведесеттите години со започнувањето на процесот на радикална промена на социјалниот, економскиот и политичкиот систем започна и процесот на трансформација на социјалната структура. Не навлегувајќи подлабоко во поимното разграничување и теоретското разбирање на фенонените поврзани со социјалната структура (слој, класа, стратификација и слично)_што заслужува внимание да биде попрецизно анализирано, во нашето излагање, имајќи ги предвид расположивите податоци, статистички и емпириски истражувања последните пет-шест години, ќе се обидеме на феномените да

им пристапиме во контекст на целината на промените по деведесетите години. Уште на почетокот ќе го истакнеме фактот дека станува збор за само неколку парцијални истражувања на феномените поврзани со социјалното раслојување и поради тоа сме принудени во анализата да се служиме со принципот на аналогија со слични истражувања од други земји во транзиција кои се слични во развојот со Република Македонија.

Кога говориме за социјалното раслојување, уште на почетокот да констатираме дека во анализата се соочивме со неколку тешкотии и проблеми.

Прво, процесите на профилирањето на социјалните слоеви (групи) во услови на брзи и драматични промени, не овозможуваат јасна и прецизна идентификација, особено во услови во кои неформалната економија, брзото и нелегално богатење на голем дел од стопанската и политичката елита, сомнителната трансформација на сопственоста, присуството на мито и корупција, кои се практично недофатливи и за органите на прогонот, а да не говориме за истражувачите

Второ, за многу кратко време од распадот на социјализмот започна процесот на масовно осиромашување и практично распаѓање на средните слоеви кои беа најбројни во социјализмот. Сеуште немаме јасно емпириска поткрепена анализа за тоа што всушност се случува со нив, иако, можеме со висок степен на сигурност во нашите ставови да претпоставиме дека, еден помал дел од нив се промовира во погорните слоеви (новоформираните богаташи), еден дел ја зацврсти позицијата стекната во претходниот период а најголемиот дел се пресели во групата на сиромашните слоеви - невработените, стечајните работници, пензионери со ниски пензии и слично.

За разлика од најголемиот дел од земјите во транзиција каде колку - толку се прават напори емпири-

ски да се истражува социјалното раслојување и со поголема прецизност да се констатира учеството на овие групи во структурата на општеството, и се анализира нивната позиција во процесот на трудот, распределбата на националното богаство, политичката моќ, стандардот на живеење, во нашата држава истражувачите сеуште само таксативно ги набројуваат, без потребната емпириска поткрепа и без неопходната продлабочена анализа во насока на нивна прецизна идентификација.

Без сомнение, последните десетина години се случи процес на изразито големо осиромашување на населението во државата и не е потребно некое посебно емпириско истражување за да се докаже. Исто така, очигледен е фактот на распаѓање на средните слоеви и нивно масовно спуштање во подолните социјални групи, што ја прави интересна претпоставката дека се случува процес на изразито изедначување на животните услови на различните слоеви, што може да биде сериозен знак за деструкцијата на општеството.

Како што можевме да се увериме од статистичките податоци за промените на социјалната структура во однос на повеќе индикатори, но и врз неколку истражувања, на кои треба да им се верува. Тие се посветени на социјалната структура и квалитетот на живот, во Македонија кои укажуваат дека започнал процес на раставарање на наследената структура од претходниот систем во насока на остра диференцијација пред сé, во однос на материјалното богаство, на оние кои, главно произлегоа од старата колективистичко-сопственичка класа (припадниците на елитните слоеви во политиката и стопанството, и новоформирани богаташи) и огромно мнозинство од населението во чиј состав влегуваат голем дел од невработените, нископлатените работници, огромниот дел од пензионерите со ниски пензии со еден збор сите оние кои поради разни причини станаа жртви на транзицијата.

Меѓу овие два екстремни делови остана еден мал дел од средните слоеви кои ја задржаа позицијата од претходниот систем. Слично како и некои други општества во транзиција, кои претходно ги анализиравме и во македонското општество можат да се идентификуваат четири слоеви (групи) во однос на основните објективни показатели кои произлегуваат од местото кое го заземаат во поделбата на економската и политичката моќ. Кон наведените четири во последните неколку години се додава уште еден кој се формира од оние кои се наоѓаат на дното на социјаната скала, кои по разни основи станале жртви на транзицијата, односно ја продлабочиле бедата во која западнале и немаат шанса за скоро време да излезат од таа ситуација (Ацески, И., 2000, 199).

Во оваа прилика сосема накратко ќе укажеме на резултатите од едно од ретките истражувања посветено на социјалната структура и квалитетот на живот реализирано пред неколку години. Врз основа на главните критериуми врз кои се врши идентификацијата на социјалните слоеви - приходот, моќта и угледот, авторот таксативно набројал 17 социјални слоеви за кои смета дека може да бидат препознаени во стварноста. Врз база на истото истражување, се прави идентификација на социјалните слоеви врз истите критериуми, но се наведуваат помалку категории, вкупно девет. Социјалните слоеви се анализирани во контекст на целината на промените, се анализира структурата на социјал-ното раслојување и стандардот на живеење, перцепцијата на сопствената положба во однос на материјалната положба и слично (Социо-економска структура ... 2001, 46, 77).

Сепак, врз основа на неколку истражувања кои ја немаат потребната теоретска основа, но и без потребниот квалитет на податоци, не сме во состојба да формираме јасна претстава за материјалната положба, пред сé, на економската и политичката елита.

Колку е значајна субјективната перцепција за припадноста на одделните социјални слоеви и колку може да ја надополни претставата за состојбата на животните услови на социјалните слоеви во општеството говори и сознанието за самопроцената на социјалните групи. Дали сепак можеме да говориме за процес на социјална деструкција, ако го имаме пред себе сознанието дека над 90 отсто од популацијата себеси се сместува во категоријата на сиромашни (Социо - економска структура, 2001, 37). Ако најголем дел од населението, освен десетина проценти кои живеат квалитетен живот, не се плашат за иднината, се чувствуваат сигурни и незагрозени, другите се соочуваат со тешки проблеми.

Во продолжение на нашата анализа сосема накратко ќе укажеме на резултатите од две истражувања на социјалната структура во соседните земји. На пример, во едно емпириско истражување спроведено од бугарските социолози за феномените на социјалното раслојување, не само што се идентификуваат социјалните групи (1997) туку е направен и обид тие квантитативно да се определат во структурата на општеството (Тилкиджиев, Н. 1998). Авторот врз основа на обемните истражувања утврдил една многу важна зависност меѓу социјалниот статус и политичко-економските стереотипи, ставови и поведение. Во бугарското општество се формираат два основни културни модели во осмислувањето на поведението на бугарскиот граѓанин. На една страна се високо образованите и квалификувани работници, склони кон поголема самостојност и индивидуалност, во кои влегуваат интелегенцијата, приватните бизнисмени, студентите и квалификуваните работници кои полесно ја доживуваат новонастанатата ситуација и заземаат активна позиција. Тие се склони кон отвореност и сопствен бизнис, со еден збор тие се но-сители на перспективен, динамичен и културен модел на мислење и поведение што соодвествува на Пазарната

економија и демократскиот политички систем. На друга страна од социјалното раслојување се наоѓаат оние кои се помалку образовани, кои живеат во помалите места (села и градови) главно неквалификувани работници кои во целина се носители на конзервативни стереотипи и се помалку адаптивни кон новонастаната ситуација, со нагласени патерналистички, етатистички ставови, кои многу потешко преживуваат и се многу понеадаптивни од претходните групи и се поконзервативни.

Според авторот, односите меѓу овие два културни модели на мислење и поведение претставува еден од „суштествените стратификациони проблеми на развојот на општеството во посттоталитарна Бугарија. Тоа е најсложената социо-културна драма на нашето посткомунистичко општество на меѓу групен стратификационен план " (Тилкиджиев Н., 1998, 24-25).

Во истражувањето на елитите, на примерот на општеството во транзиција во СР Југолславија, (поконкретно во Србија, во голема мера се потврдува сознанието за адаптивната реконструкција на владеачките групи, односно сознанието дека бившата владеачка колективно-владеачка класа успешно се трансформира во нововладеачка групација (Lazić, M., 2000,33). Во српското општество јасно "почнува да се формира јаз меѓу елитните (и поделениете) општествени групи и другиот дел од населението", и тоа дека „политичките раководители ја зголемиле предноста на својата материјална положба во однос на директорите". Основниот заклучок на авторот е следниот: реконструкцијата на материјалната положба на политичката и стопанската елита во Србија содржи две основни насоки. Од една страна припадниците на оваа елита настојуваат што е можно побрзо да акумулираат богаство во свои раце, во услови кога најголем дел од популацијата осиромашува, а од друга страна ова се случува во променети основи врз кои богатството е формирано.

„Процесот на трансформација во оваа сфера значи конверзија на досегашните привилегии - непосредно зависни од положбата која во одреден период ја заземале во хиерархијата на колективно- сопственичката класа, во приватна сопственост на политичката и стопанската елита, која овозможува внатрегенерациска репродукција на владеачките општествени групи" (Lazić, M., 2000, 50). Ова конверзија е само дел од поширокиот процес на конверзија на ресурсите кои се акумулирале внатре во социјалистичкиот начин на производство на општествениот живот, врз основа на која довчерашните владеачки класи масовно се преобразуваат во припадници на претприемачката елита, односно новите богаташи.

Истражувањата на социјалната структура на Македонското општество ја немаат потребната длабочина и широчина за да можеме слободно да заклучиме дека станува збор за процеси кои се слични по примерот на бугарското и српското општество. Но, за да ги сознаеме некои појави се чини, не се потребни посебни истражувања. Нив можеме да ги препознаваме и за нив со висок степен на сигурност да судиме врз основа на последиците кои ги создаваат, особено тоа се однесува на феномените поврзани со социјалното раслојување, кое сеуште се движи во насока на понатамошна остра поларизација меѓу двете јасно препознатливи групации: една одбрана елита, која произлезе од редовите на старата колективно-сопственичка класа формирана од припадници на моќните политички и економски групи, и припадници на новата „самородна" елита кои за краток период приграбија голем дел од материјалното богатство во своја корист и концентрираа голема политичка моќ во свои раце. Другиот дел од населението, ако ги исклучиме средните слоеви кои сочинуваат сосема мал дел, претставува осиромашениот дел, кој претставува повеќе од 2/3 од населението.

Нашата анализа, во отсуство на адекватни емпириски истражувања и анализи нема да се концентрира на формирањето на елититите во македонски услови. За тоа имаме само „очигледни " сознанија врз кои може да се направи анализа достојна за респект. Но, останува сомневањето дека анализите од тој тип секогаш се зачинети со многу политичка позадина отколку со несоборливи аргументи. Таков е примерот со етноелитите за чие постоење има доволно показатели да се верува, но нема доволно цврсти аргументи до кои за жал тешко некој може да дојде до нив.

Нашата единствена цврста основа врз која е можно колку-толку објективна анализа претставуваат статистичките податоци и неколкуте анкетни истражувања кои и колку да се ограничени во целите, предметот и теоретската заснованост, сепак можат да бидат доволна основа за објективни сознанија.

Што поконкретно се крие зад „очигледното" на промените на социјалното раслојување? Кои се причините за динамиката и карактерот за социјаноито раслојување. Статистичките податоци се многу слични во повеќе земји во транзиција и се чини дека Македонија во тој поглед многу не се разликува од другите земји во транзиција од Источна Европа.

Прво, првите неколку години од транзицијата (до средината на деведесетите) беа во знакот на голем пад на индустриското производство, кое за само неколку години се преполови во споредба со 1989 година. Исто така и БДП првите неколку години значајно опадна и се спушти на-8 (1994 година). Македонија е меѓу ретките земји во транзиција која сеуште поради низа фактори, кои главно доаѓаат од опкружувањето, Косовската криза 1999 година, воените дејствија на почетокот на 2001 година не е во сотојба да го стабилизира развојот и дефинитивно да ги напушти првите фази од транзицијата, не

само од аспект на економското заживување, туку и на планот на демократската консолидација која последните две години е доведена во прашање.

Втората неповолна тенденција која континуирано низ целиот период е присутна во Македонија е порастот на невработеноста и опаѓањето на бројот на вработените. Македонија и пред деведесетите години имаше висока стапка на невработеност од 17 отсто, која за само неколку години се покачи и се зацврсти над триесетина проценти, што претставува највисока стапка на невработени меѓу земјите во транзиција и една од највисоките во светот. Она што е карактеристика за невработеноста е што таа долго трае, најголемиот дел од невработените чекаат над четири години за прво вработување. Последиците од невработеноста се повеќестрани: од неможноста да се обезбеди материјална егзистенција, до појава на чувство на безперспективност и социјална исклученост. Невработеноста се појавува и како причина за многу негативни појави во семејството, појавата на криминал, алкохолизам, наркоманија и слично (Христова, Л., 1998, 26-27). Авторот говори и за дрги негативни последици од невработеноста како што се нормалниот развој на демократските процеси, проблеми на легитимитетот на политичката власт и реалната опасност од појава на тоталитаризам .

Големата невработеност е највидливиот знак дека општеството се нашло во тешка социјална и економска криза. Особено тоа негативно се одразува врз општествата како што е македонското каде најголем дел од невработените се на возраст до 40 години односно повеќе од 2/3 од вкупниот број на невработени. Потоа во структурата на невработените постојано се зголемува бројот на неквалификуваните работници и времето на првото вработување.

Невработените се најризичната група во општеството подложна на економска несигурност, особено оној дел од невработените кои единствен извор на приходи им е социјалната помош од државата чии корисници постојано се во пораст меѓу самохраните мајки, самците, невработените, кои се единствени хранители на семејството и вработените со ниски примања.

Само кратко време по распадот на социјализмот луѓето живееја со оптимизмот дека промените кои со голема брзина се случуваа ќе донесат подобар живот, иднина, повисок стандард и поголема материјална благосостојба. Но, истражувањата на јавното мнение само неколку години по падот на социјализмот и воспоставување на новиот систем покажаа дека најголем дел од луѓето со носталгија се сеќаваа за старите времиња кога се живеело подобро Драматичните случувања на економски план, пред се неочекуваниот пад на индустриското производство како и големиот пораст на невработеност на самиот старт на реформите ги поколеба и најголемите оптимисти кои веруваа во подобра иднина која требаше да ја промовира новиот систем.

Несигурноста и стравот за сопствената иднина ги погоди скоро сите, освен едно мало одбрано малцинство поврзано со новите центри на моќ или етаблирано во врвовите на институциите на државата и раководните структури на стопанството. Членовите на „старо-новата“ елита ги заземдоа важните места кои им овозможија лесно присвојување на најголемиот дел од материјалното богатство.

Динамиката и структурата на социјалното раслојување директно под влијание на распределбата на материјалното богатство, состојбите во економијата, појавата на голема невработеност, воспоставување на нови правила на социјалното осигурување.

Најголем дел од вработените, од почетокот на транзицијата, остваруваат приход под егзистенцијалниот минимум, кој во август 2001 година изнесува околу 150 $. Повеќе од 1/3 од вработените заработуваат околу 70 $ (околу 5000 денари) кои заедно со оние кои заработуваат под просекот на приход од нето плата сочинуваат околу 2/3 (кои според овој индикатор можеме да ги сместиме во групата на сиромашни). Фактот што кај еден дел од овие семејства може да има уште еден вработен или семејството може паралелно да има и други приходи, како што се редовната работа а да заработуваат од неформалниот (сивиот) сектор. Тоа секако дека има силно влијание врз ублажувањето на сиромаштијата кај поголем дел од популацијата. Сепак аналитичарите се согласни во ставот дека скоро половина од населението сериозно се соочува со ефектите кои се резултат на последиците на големото осиромашување (Национален извештај, 2000, 22). Имено, како што го покажува истражувањето, од редовите на невработените граѓани, скоро секој трет се жали дека не е во состојба да ги подмири трошоците за храна, односно секој петти граѓанин на државата Македонија во 2000 година нема доволно пари за храна, а 40 отсто се жалат дека на тоа дека имаат тешкотии да купат облека и обувки.

За разлика од поголемиот број на земји во транзиција, во Македонија континуирано се зголемува бројот на оние кои не се задоволни од платата која ја примаат, а 1/3, како што покажува едно анкетно истражување во 2000-та година се крајно незадоволни кои заедно со оние кои се „доста нездоволни од платата" (23,7%) сочинуваат повеќе од половина од незадоволните граѓани. Само околу 10 отсто од граѓаните се задоволни а само 2% се многу задоволни.

# СИРОМАШТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

За разлика од некои земји во транзиција, каде не дојде до масовно осиромашување на населението, Македонија се најде во редот на оние земји кај кои само неколку години од падот на комунизмот се случи голем пад на стандардот на населението и бруто националниот доход, проследени со пад на индустриското производство и појава на висок процент на невработеност.

Секако, појавата на висок процент на сиромашни не е резултат само на процесите на преструктурирање на стопанството и процесите на транзиција воопшто, туку и на голем број екстерни фактори како што се војната на просторите на бивша Југославија, блокадата на границите на Македонија, Косовската криза а во почетокот на 2001 година настаните на косовско-македонската граници, активностите на терористичките групи кои предизвикаа општа нестабилност која пак негативно се одрази врз економскиот развој и придонесе за застој на демократските процеси.

Кога ја анализираме сиромаштијата во Република Македонија мораме да го потенцираме фактот дека Македонија последните десетина години немала објективни можности економски да се развива и дека секоја промена во регионот негативно се одразила врз нејзиниот економски развој како услов за побрз излез од групата на недоволно развиените земји.

Сиромаштијата е состојба на поединците или домаќинствата на кои им недостигаат парични средства за да си обезбедат доволно храна и да учествуваат во активности и уживаат во животни услови кои се вообичаени во едно општестваo

Економските критериуми за мерење на сиромаштијата упатуваат на висината на приходот кој е доволен

да се обезбеди минимално ниво на потрошувачка, на добра и услуги, за разлика од социолошките критериуми кои упатуваат на социјалната партиципација, односно на социјалното исклучување во смисла на нереализација на социјалните права и другите права, кои објективно му припаѓаат на секој поединец без разлика на полот, возраста, етничката и религиозната припадност, регионалното потекло или социјалниот статус. Квантитативните показатели упатуваат на тоа кој е сиромашен и колку е сиромашен, а квалитативните анализи упатуваат на комплексноста и мултидимензионалноста на проблемот на сиромаштијата, вклучувајќи ги и елементите кои укажуваат на социјалната исклученост на поединците од активностите во општеството и остварувањето на човековите права воопшто.

Во Република Македонија за сиромашни се сметаат оние поединци со приход (потрошувачка) под 70 отсто од медијаната на месечна потрошувачка, или 75 американски долари месечно (2,5 дневно). Оваа официјална линија на сиромаштијата се користи да се дефинира профилот и да се предвидат приоритетните активности од страна на државата за нејзино намалување. Сиромаштијата главно се дефинира од позиција на индивидуата и семејството во смисла на дистрибуција на доходот неопходен за живот.

Според мислењето на граѓаните, во врска со тоа дали месечните приходи ги задоволуваат потребите, добиени се следните резултати, кои од аспект на анализата на карактеристиките на сиромаштијата се интересни и ја покажуваат драматичноста на состојбите. Имено, според Анкетата за потрошувачката на Државниот завод за статистика реализирана во 1999 година, 26,1 отсто од вкупниот број домаќинства во Република Македонија изјавиле дека месечните приходи во целост не ги задоволуваат потребите на домаќинството а 41,7 отсто главно не ги задоволуваат. Кај градските до-

маќинства тој процент е нешто повисок од просекот и изнесува 28,1 отсто што навистина е многу висок процент. Ако на тоа го додадеме и податокот кој говори за тоа дали состојбата на граѓаните е подобрена или влошена во однос на минатата 1998 година, податоците исто така се загрижувачки: дури 52 отсто изјавиле деке нивната финанасиска ситуација е влошена во однос на претходната 1998 година, а 23,9 отсто се изјасниле дека таа е „многу полоша".

Скоро 45 отсто од граѓаните мислат дека за да живеат нормално им се потребни над 23 000 денари (околу 400 УСА $). Од вкупниот број на вработени во 1999 над 80 отсто заработуваат до 8000 денари нето плата (околу 120 УСА $) а над 10 отсто не зеле плата во текот на годината (Завод за статистика на Република Македонија, Соопштение од 10.07.2000 година и Потрошувачка на домаќинствата во Република Македонија, 1999 год).

По својата природа сиромаштијата е мултидимензионална појава. Во услови на драстичен пад на економските активности, реалното намалување на платите и структурните промени на стопанството доаѓа до зголемување на социјалните разлики меѓу луѓето што од своја страна крајно негативно се одразува врз целината на реформите воопшто.

Накратко, на економски план доаѓа до намалување на бруто домашниот производ од 2080 УСА $ во 1989 година, на околу 1700 УСА $ во 2001 година. Потоа, последните две години се зголеми и бројот на невработените, кој се стабилизира на околу 32 отсто од работоспособното население. Бројот на корисниците на социјална помош постојано расте и се приближува до 80000 семејства што навистина претставува големо оптоварување на буџетот на државата. Тоа се крајно негативни последици на глобалниот развој на Македонија.

Во изминатиот десетгодишен период се случија и значајни промени во структурата на потрошувачката и приходите на населението. На почетокот на деведесеттите години, скоро 70 отсто од вкупните примања на населението биле од работен однос а во 1999 година тој процент се намалува на 55,5 отсто. За разлика од ова скоро двојно се зголемува процентот на лицата кои примале социјална помош, од 11,5 отсто во 1990 на 22,4 отсто во 1999 година. Во сферата на потрошувачката најголем процент од приходите се наменети за исхрана 44,3 отсто во 1999 година. За разлика од пред десетина години значајно е намален и процентот на потрошувачката во сферата на културата, забавата и образованието.

За Македонија е интересно сознанието дека меѓу корисниците на социјална помош учеството на некои малцински групи е понагласено. Така, на пример, кај Ромите процентот на корисниците на социјална помош е скоро шест пати поголем од нивното учество во вкупното население. Ромите во вкупното население се застапени со 2,2 отсто а како корисници на социјална помош се јавуваат во 12,7 отсто во вкупниот број на корисници на социјална помош. Кај другите малцински групи исто така се сретнува поголемо учество на корисниците на социјална помош во споредба со нивното учество во вкупното население. Секако дека овие сознанија треба да се земат предвид при изработката на стратегијата за намалување на сиромаштијата. Особено тоа е видливо во поголемите градови (Скопје, на пример). (Извештај подготвен за канцеларијата на Светска банка во Скопје Македонија, април - мај 2001).

**Сиромаштијата во периодот 1997- 2001 година.** Истражувањата на сиромаштијата во Македонија последните пет-шест години овозможија идентификација на неколку типови сиромашни групи и ризични фактори кои доведуваат до осиромашување на населението. Првата група на сиромашни ја сочинуваат традиционалните ри-

зични групи во кои влегуваат земјоделските домаќинства а кои главно беа присутни и во претходниот систем. Станува збор за семејства и поединци кои имаат низок степен на образование и недоволен економски потенцијал за да си обезбедат доволно средства за нормален живот. Оваа група на сиромашни е жртва на процесите на урбанизацијата и индустријализацијата, која е оставена сама на себе, најчесто во зафрлени и неразвиени рурални подрачја и која единствено е упатена да преживува врз неразвиено и примитивно земјоделие.

Втората група, т.н. новосиромашни е резултат на промените кои со себе ги донесе процесот на транзицијата, промените во економијата, приватизацијата, преструктурирањето на стопанството, а пред се кризата која длабоко го зафати економскиот и социјалниот систем. Голем дел од семејствата кои колку-толку имаа еден пристоен живот, само за неколку години се најдоа во групата на сиромашни, најчесто како невработени, со ниски приходи, едноставно оставени на маргините на социјалниот живот. Оваа група како што ќе видиме подоцна, го сочинува јадрото на сиромаштијата, кое постојано се проширува и продлабочува. Значаен дел од семејствата останаа со еден или без ниту еден вработен член како гаранција за единствен извор на редовни приходи.

Третата група ги сочинуваа т.н хронични сиромашни. Во оваа група припаѓаат најранливите членови на општеството: старите и неспособни за работа лица, потоа лицата кои се институционализирани, земјоделските домаќинства кои неможат да обезбедат основни средства за живот и др.

**Прво,** статистичките податоци покажуваат мал пораст на делот од популацијата кој е под линијата на сиромаштијата, од 19,0 отсто во 1997 година пораснува на 21,0 отсто во 1999 и 2000 година. Во исто време, дла-

бочината на сиромаштијата (Poverty gap index) пораснува од 4,6 во 1997 на 5,7 во 1999 година што не е занемарливо ако се има предвид фактот дека во почетокот на 2000 година се очекуваше да започне процесот на намалување на сиромаштијата барем за еден до два проценти.

Бројот на корисници на социјална помош во Скопје од почетокот на 1999 година постојано се зголемува. Така во месец декември 1999 година (18060 домаќинства) во однос на декември 2000 година (19320 домаќинства), бројот на корисниците е зголемен за 1260 домаќинства или за 7,1 отсто. Односно, за временски период од две години, од јануари 1999 година биле (15350 домаќинства) во декември 2000 година бројката пораснала на 19320 домаќинства. Бројот на корисници е зголемен за 3970 домаќинства или за 26 отсто. (Информација за зголемување на бројот на корисници-домаќинства на социјална помош, Центар за социјална работа на град Скопје-2001).

***Второ.*** Сиромаштијата во Скопје во последните неколку години се зголемува исто како и во другите поголеми градови а се намалува во селските средини и помалите градови. Стапката на сиромашни (Head count index) во Скопје пораснува од 12,5 во 1997 на 26,3 отсто 1999 година а Poverty gap од 3,0 отсто на 8,3 отсто во истиот период. За ова постојат многу причини, меѓу кои најзначајни се високиот процент на невработеност, ниските пензии, косовската криза, раслојувањето на населението и друго. Скопје, тоа можеме со сигурност да го констатираме, во блиска иднина ќе се претвори во град на изразито висок процент на сиромашно население. Фактот што во малите градови и селските населби опаѓа процентот на сиромашните и се намалува нејзината длабочина говори за карактерот на урбанизацијата на Скопје и поголемите градови во Македонија.

**Трето**. Во однос на вработените се забележува процес на намалување на сиромашните во домаќинствата со двајца вработени. Практично во 1999 година тој се сведува на занемарливи 1,5 отсто, но затоа пак кај невработените тој пораснува од 23,5 отсто во 1997 на 31,4 отсто во 1999 годнина. Ниските примања кај вработените, особено кај оние со низок степен на квалификација и во претпријатија кои не се конкурентни на пазарот и најчесто се пред стечај ги доведува вработените во групата на сиромашни.

**Четврто**. Во најранливите категории од населението, покрај невработените и ниско платените работници се наоѓаат и оние кои живеат во повеќечлени домаќинства и домаќинства со повеќе малолетни деца. Скоро секое четврто домаќинство со деца (едно или повеќе) до седум години се наоѓа во категоријата на сиромашни. Фактот што најголем дел од домаќинствата на албанското и ромското малцинство се семејства со повеќе деца, недвосмислено произлегува дека најголем дел од нивните домаќинства се во категоријата на сиромашни, особено во поголемите градови, вклучувајќи го и Скопје.

**Петто.** За профилот на сиромаштијата во Македонија е карактеристично и тоа што таа се зголемува и продлабочува кај младата популација (до 40 години) што не е забележано во другите земји во транзиција. Фактот што секое четврто домаќинство кај кое главата на домаќинството е до 40 години се нашло во категоријата на сиромашни, говори за драматичноста на социјалните промени и за безперспективноста на голем дел од младата популација во Македонија што може да има тешки последици во иднина.

**Шесто**. Кога сиромаштијата ја разгледуваме во врска со етничката припадност, кај некои етнички групи се забележува значајно повисок процент на сиромашни,

особено кај ромското и албанското малцинство во Скопје кое е просторно сегрегирано .

Сиромашните лица и домаќинствата имаат неколку заеднички карактеристики, меѓу кои нискиот степен на образование а најчесто незавршено основно образование претставува основен белег. Последните пет- шест години, во однос на образованието на оваа група сиромашни им се приклучува една поголема група на лица со повисоко образование, која остана без постојано вработување како резултат на структурните промени во стопанството. Освен овие две карактеристики кои се сретнуваат кај најголем дел од сиромашните, лошите услови за живот и нискиот стандард на живеење кој е резултат на невработеноста и непостојаниот извор на приходи, се меѓу највидливите индикатори кои го идентификуваат лицето или семејството дека спаѓа во групата на сиромашни. Ако на ова го додадеме и фактот дека сиромашните најчесто боледуваат од некоја тешка болест и немаат можност да ги користат здравствените услуги кои се скапи за луѓето без постојани или мали приходи, сликата за нив целосно се комплетира.

Основниот заклучок за состојбата со сиромаштијата во Македонија е следниот: продолжува да се зголемува процентот на сиромашните и да се продлабочува кај некои категории од населението. Последните неколку години доаѓа до драстично зголемување на сиромаштијата во Скопје каде живее повеќе од четвртина од населението и над 40 отсто од градското население како и во неколу поголеми градови, каде е забележен и највисок пораст. Сиромаштијата постепено ги добива карактеристиките на неразвиените економии, масовно се сели во поголемите градови и Скопје каде можноста за вработување и обезбедување на нормални услови станува се понеостварлива и сон за поголем дел од популацијата. Особено загрижува фактот што меѓу сиромашното население најголем дел го сочинуваат

оние кои немаат практично никаква квалификација и најверовaтно дека се потешко ќе можат да се вклучат во процесот на трудот.

**Урбаната сиромаштија-состојби, карактеристики, политика на решавање.** Развојот на градовите во Република Македонија последните неколку децении од дваесеттиот век беше во знакот на изразито голема концентрација на население во поголемите градови, особено во Скопје како главен град кој апсорбира над 40 отсто од градското и повеќе од 1/3 од вкупното население на државата. Скопје за само неколку децении се зголеми над четири пати. Урбанизацијата на градовите во Македонија е од централистички, патолошки тип со сите последици на економски, социјален, еколошки и етнички план. Скопје се претвори во крајна дестинација на десетици илјади сиромашни имигранти кои во потрага по подобар живот завршија во сламови и гета со најнеповолни услови за живот. Тоа во голема мера важи и за другите поголеми градови, но секако дека најизразено е во Скопје.

Недостатокот на станови, невработеноста, социопатолошките појави, социјалната, а особено етничка сегрегација, внатрешните конфликти од секаков вид, еколошките проблеми, се само дел од големиот арсенал на проблеми со кои денес се соочува Скопје. Градот со над 600 000 жители, со над сто илјади невработени, со 25 000 станови кои се оценети како неповолни за живеење (од кои половината од нив влегуваат во категоријата „станови опасни за живеење"), со неколку десетици сламови од кои десетина претставуваат реална опасност за здравјето и животот на луѓето и кои бараат итна и неопходна интервенција во насока на реконструкција или за почеток, минимално подобрување на животните услови, е реалната слика на Скопје. Во сламовите, според проценката на институциите на државата, денес живеат околу 40000 жители кои се директно за-

грозени на планот на животните услови кои се крајно неповолни, од условите кои владеат во населбата во која, како по правило, отсуствуваат повеќе елементи на техничкиот стандард (канализација, урбана опрема, неасфалтирани улици, руинирани живеалишта). Во овие населби најголемиот дел од луѓето (над 90 отсто) се невработени и корисници на социјална помош, факт кој се чини дека доволно говори за состојбата во која се наоѓаат.

Дали можеме да говориме за некои заеднички карактеристики на сламовите во градовите на нашата држава, без разлика на нивната развиеност, број на население, социјален или етнички состав?

Факт е дека секој слам, како крајно непријатно и опасно место за живеење, има некои специфичности кои го прават поразличен од другите. Сепак, тие имаат една заедничка карактеристика, во нив живее сиромашно, невработено население кое најчесто живее од социјална помош или се снаоѓа на најразлични начини. Во нив, за разлика од другите делови од градот, има највисок процент на криминал, дезорганизирани семејства, малолетничка деликвенција и висок процент на неписмени.

Потоа, факт е дека сиромаштијата, последните неколку години нагло се зголеми во градовите, особено во поголемите и дека еден голем дел, околу 1/3, нема лесно да се извлече од таа ситуација. Тоа особено се однесува за оние кои се нашле во „кругот на сиромаштијата" подолг период и кои се лоцирани во сламовите на градот. Тоа значи дека тие луѓе уште долго ќе останат невработени и станбено необезбедени (или лошо обезбедени). Еден од условите за излез од сиромаштијата претставува и подобрувањето на животните услови во сламот или негово целосно одстранување и заменување со пристојни станбени живеалишта.

Урбаната сиромаштија е сложена повеќедимензионална социјална појава. Во однос на станбената ситуација можеме да ја поделиме на:

- слам сиромаштија која се нашла во „кругот на сиромаштијата" подолг временски период, живее во посебни делови од градовите кои се неурбанизирани и запуштени, најчесто на периферијата, но и во стари централни делови на градот и притоа најчесто станува збор за етнички чисти населби.

- новоформирана сиромаштија која се појави како резултат на структурните реформи, која од пред десетина години припаѓаше во редовите на средните слоеви, односно беше со постојано вработување и пристоен станбен стандард. Во оваа група се наоѓаат и дел од пензионерите, младите - невработени, лицата со ниски примања и семејства со повеќе малолетни деца, но кои живеат во населби кои колку - толку ги исполнуваат урбаните стандарди за нормално живеење.

Сиромашните во слам населбите се оние кои во секој поглед можеме да ги сместиме во групата на апсолутно сиромашни и кои, по една слободна проценка, само во Скопје изнесуваа скоро 1/3 од вкупниот број на сиромашни! Оваа категорија сиромашни за разлика од другите две категории (новокомпонираните и другите кои се сиромашни по различни критериуми, кои може да се сметаат дека се времени) ќе ја искористат секоја шанса за подобрување на макроекономската сотојба за да излезат од „кругот на сиромашните". Можеби и затоа едно од решенијата (на почетокот времено а подоцна и трајно) е подобрување на условите во населбите низ најразлични постапки на урбаната политика.

Статистичките податоци за урбаната сиромаштија не се доволно прецизни и не ја покажуваат вистинската состојба за тоа кој е сиромашен и колкав е тој степен на сиромаштија. Осносно, дали станува збор за

апсолутна сиромаштија, многу под линијата на официјалната сиромаштија, подолг временски период фатена во „кругот на сиромаштијата"; дали станува збор за новокомпонирани сиромашни кои до пред десетина години не беа тоа, и имаат солидни станбени живеалишта и живеат во нормални услови или за сиромашни кои имаат цврсти врски со местото од кое се доселиле во градот (во смисла на снабдување со прехрамбени намирници или некој друг тип на дејност кој обезбедува дополнителни приходи). Најчесто, државната статистика нив ги третира како социјални случаи, но тие реално тоа не се.

Интересна е информацијата подготвена од Центарот за социјални работи на град Скопје во која се констатира дека најголем проблем претставува утврдувањето на постоење на заедничко или одвоено домаќинство. Тие обично живеат во иста куќа и користат заеднички имот (земја, добиток, машини и сл.) и не постојат можности да се утврди сопственоста на материјалните добра а притоа нема и доволно соработка меѓу институциите на системот. Центарот за социјална работа нема увид во штедните влогови на корисниците на социјална помош, ниту може да утврди дали се работи за едно, две или повеќе семејства кои живеат заедно, дали се одвоени или не. Со тоа се прави вештачка поделба на заедничкото домаќинство на повеќе одделни домаќинства а се со цел да се стане корисник на социјална помош (Информација на Центарот за социјална работа на Скјопје 2000).

Урбаната сиромаштија во градовите во Македонија можеме да ја класифицираме во неколку групи, и тоа:

- сиромашни кои се без поголеми шанси во блиска иднина да излезат од „кругот на сиромаштијата" без интервеција на државата. Најголем дел од оваа сиромаштија ја сочинуваат неколку етнички групи (Роми и

